# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА ИЗВРШЕНИТЕ РЕВИЗИИ И ЗА РАБОТАТА НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА



**ЗА 2021 ГОДИНА**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА ИЗВРШЕНИТЕ РЕВИЗИИ И ЗА РАБОТАТА НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА



ЗА 2021 ГОДИНА

**Издавач:**
Државен завод за ревизија - Скопје
улица Павел Шатев бр.2, Палата Емануел Чучков,
Скопје

**За издавачот:**
м-р Максим Ацевски, главен државен ревизор

**Уредник:**
м-р Максим Ацевски, главен државен ревизор

**Печати:**
Друштво за графичко печатарска дејност, трговија,
производство и услуги ГЕТЕО принт Перо ДООЕЛ
извоз - увоз- Скопје

**Компјутерска и техничка обработка:**
КОМА

**Година:**
2022

**Тираж:**
200 примероци

**Место на издавање:**
Скопје

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски“, Скопје

657.6(497.7)»2021»(047.31)

ГОДИШЕН извештај за извршените ревизии
и за работатата на Државниот завод за
ревизија за 2021 година / [уредник Максим Ацевски]. - Скопје :
Државен завод за ревизија, 2022. - [172] стр. : илустр. ; 30 см

ISBN 978-608-5006-00-7

а) Државен завод за ревизија (Скопје) -- 2021 -- Извештаи

COBISS.MK-ID 57594117

# Содржина


**1 ЗА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА 16**

1.1. ПРАВНА РАМКА 19

1.2. СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ 20

1.3. МЕТОДОЛОШКИ ДОКУМЕНТИ 22

**2 Транспарентност и соработка 24**

2.1. ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО НА ДЗР 25

2.2. СОРАБОТКА СО ПРОФЕСИОНАЛНИ АСОЦИЈАЦИИ И ИНСТИТУЦИИ, ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ И ОПШТАТА ЈАВНОСТ 32

2.3. СОРАБОТКА СО НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ ЗА РЕВИЗИИТЕ И ЕФЕКТИТЕ ОД ИСТИТЕ 35

**3 Административни капацитети 38**

3.1. ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ 39

3.2. ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЗНАЕЊАТА И ВЕШТИНИТЕ НА ДРЖАВНИТЕ РЕВИЗОРИ 40

3.3. ИТ РЕСУРСИ 43

3.4. ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РАБОТА НА ДЗР 44

**4 Меѓународна соработка 46**

4.1. ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ 54

5 ИЗВРШЕНИ РЕВИЗИИ 56

5.1. ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ НА РЕВИЗИИТЕ 63

5.2. БУЏЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2020 ГОДИНА 65

5.2.1. ОСНОВЕН БУЏЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2020 ГОДИНА 65

5.2.2. УПРАВУВАЊЕ СО ЈАВНИОТ ДОЛГ – ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 71

5.2.3. ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА СУБЈЕКТИТЕ ОД ЈАВНИОТ СЕКТОР, СТЕПЕН НА ИСКОРИСТЕНОСТ НА КРЕДИТИТЕ И ЗАЕМИТЕ И ПЛАТЕНИ И СТВОРЕНИ ТРОШОЦИ 73

5.2.4. ЕФЕКТИВНОСТ НА МЕРКИТЕ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ И СООДВЕТНИ РОДОВИ БУЏЕТСКИ ИНИЦИЈАТИВИ 80

5.3. СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 83

5.4. УПРАВУВАЊЕ СО ИМОТ 84

5.4.1. ПОПИС НА СРЕДСТВАТА, ПОБАРУВАЊАТА И ОБВРСКИТЕ НА СЛУЖБАТА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ НА ВЛАДАТА НА РСМ 84

5.4.2. ГРАДСКИ ТРГОВСКИ ЦЕНТАР АД СКОПЈЕ 84

5.5. ЕФЕКТИ ОД ПАНДЕМИЈАТА КОВИД-19 87

5.5.1. ЕКОНОМСКИ МЕРКИ НА ВЛАДАТА НА РСМ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО КРИЗАТА ПРЕДИЗВИКАНА ОД ВИРУСОТ КОВИД-19 88

5.5.2. ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ И ПОЛИТИКИ ЗА ПОДДРШКА НА ВРАБОТУВАЊЕТО И ПРОФЕСИИТЕ ПОГОДЕНИ ОД ЗДРАВСТВЕНО-ЕКОНОМСКАТА КРИЗА ПРЕДИЗВИКАНА ОД КОВИД-19 91

5.5.3. ЕФИКАСНОСТ НА ПРЕЗЕМЕНИТЕ МЕРКИ И ПОЛИТИКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЕФЕКТИТЕ ОД ПАНДЕМИЈАТА ВО СЕКТОРОТ ТУРИЗАМ 95

5.6. ЗДРАВСТВО 98

5.6.1. ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 98

5.6.2. АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 101

5.6.3. ЈАВНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ 102

5.7. ЕНЕРГЕТИКА 103

5.7.1. ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА ВОДНИ РЕСУРСИ ПРИ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЗА ПЕРИОД ОД 2012 ДО 2021 ГОДИНА 103

5.7.2. АД ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЕСМ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ 105

5.8. ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО 107

5.8.1. ИНТЕРОПЕРАБИЛНОСТ ПОМЕЃУ ИНСТИТУЦИИТЕ ОД ЈАВНИОТ СЕКТОР 107

5.8.2. ИНФОРМАЦИСКИОТ СИСТЕМ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ, ПОЛАГАЊЕ И ВРАБОТУВАЊЕ ВО АГЕНЦИЈАТА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА 108

5.9. ПРАВДА И БЕЗБЕДНОСТ 110

5.9.1. МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ 110

5.9.2. МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА 112

5.9.3. МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА–УПРАВА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ 112
5.9.4. КАЗНЕНО ПОПРАВНА УСТАНОВА ЗАТВОР СКОПЈЕ – СКОПЈЕ 113
5.9.5. АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ 113
5.9.6. ОСНОВЕН СУД ТЕТОВО 114

5.10. СООБРАЌАЈ, ТРАНСПОРТ И КОМУНИКАЦИИ 115

5.10.1. ЖЕЛЕЗНИЦИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - ТРАНСПОРТ АД 115
5.10.2. ЈАВНО РАДИОДИФУЗНО ПРЕТПРИЈАТИЕ МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА СКОПЈЕ -МРТ 115
5.10.3. АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ 117

5.11. ЖИВОТНА СРЕДИНА 117

5.11.1. ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ И ПОЛИТИКИ ОД СТРАНА НА РСМ/НАДЛЕЖНИТЕ ОРГАНИ, СО ЦЕЛ УБЛАЖУВАЊЕ НА КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ 117

5.12. ВОДОСНАБДУВАЊЕ И КОМУНАЛНИ УСЛУГИ 121

5.12.1. ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА НА ЛОКАЛНО НИВО 121
5.12.2. ЈП СТРЕЖЕВО БИТОЛА 123

5.13. ТРУД И СОЦИЈАЛА 125

5.13.1. ФОНД ЗА ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 125
5.13.2. АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 127
5.13.3. ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД 129

5.14. ОБРАЗОВАНИЕ 130

5.14.1. ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ 130

5.15. КУЛТУРА 131

5.15.1. НАЦИОНАЛНИ УСТАНОВИ ВО ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА 131

5.16. ЛОКАЛНА САМОУПРАВА 133

5.16.1. ЕДИНИЦИ НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА 133

5.17. ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ И ИЗБОРНИ КАМПАЊИ 136

5.17.1. ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ - РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ 136
5.17.2. ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ- ИЗБОРНА КАМПАЊА 137

**6 СИСТЕМСКИ СЛАБОСТИ 140**

**7 ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ НА ДЗР И ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР 152**

**Кратенки 170**



# Почитувани,

Помина уште една година обележена со потешкотии и предизвици предизвикани од глобалната пандемија од КОВИД-19, година во која на глобално ниво се променија нормалните текови на настаните, навиките и рутините со кои се соочија општеството и економијата и новата реалност ги принуди да научат да се справуваат со тоа.

Но сепак, работата во Државниот завод за ревизија непрестајно се одвиваше, надминувајќи ги сите пречки при исполнување на нашата визија и мисија и Годишната програма за работа за 2021 година. Благодарение на добро воспоставениот систем на работа, обезбедување на технички и други услови потребни за непречено извршување на работата, посветено раководство и вработени, успеавме да ја сумираме нашата работа во овој извештај. Со гордост, ви го презентирам Годишниот извештај за извршени ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија за 2021 година.

Мисијата на секоја Врховна ревизорска институција е да придонесе за здраво финансиско управување со јавните средства, па оттука, водењето грижа за јавните средства и давање јасни и ефективни препораки со кои ќе придонесеме за унапредување на управувањето со истите се основната мисија и визија и на ДЗР. Во Годишниот извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија за 2021 година се содржани нашите 1.170 утврдени состојби и 654 препораки од 109 ревизорски извештаи, преку кои ние доставивме објективна информација за работата на ревидираните субјекти.

Во однос на показателите од нашето работење, со ревизиите во 2021 година го зголемивме опфатот на ревидирани расходи во однос на вкупните буџетски средства, а значително се подобрени и показателите за спроведувањето на ревизорските препораки и во исто време зголемена е додадената вредност од извршените ревизии пред се во делот на висината на утврдените помалку пресметани, помалку вратени односно помалку уплатени средства во Буџетот на Република Северна Македонија што укажува на фактот дека придонесот на ДЗР кон зајакнување на институциите и менаџерската одговорност е се позначаен во нашето општество.

Со ревизиите на успешност, кои на мое задоволство од година во година добиваат се поголемо значење, се фокусираме на прашања што се актуелни, од интерес за јавноста и останатите засегнати страни, со посебен акцент на додадената вредност на истите. Влијанието на кризата предизвикана од КОВИД-19 е крајно хетерогено, со значителни импликации врз финансискиот систем и спроведувањето на политиките од централната и локалната власт. Поради тоа, сметам дека од особена важност е Врховните ревизорски институции да извршат оценка на влијанието на пандемијата на национално ниво преку различните аспекти: здравствен, економски, социјален и фискален. Имајќи ги предвид овие аспекти, а со цел да излеземе во пресрет на предизвиците настанати поради пандемијата, Годишната програма за работа на ДЗР за 2021 година вклучи три ревизии кои се однесуваат на преземените мерки и активности за заштита и превенција од непредвидените настани и потенцијалните кризи.

Во нашите ревизорски извештаи, без оглед на видот и целите на ревизиите, освен за состојби кои ги констатираме кај субјектите предмет на ревизија, укажуваме и на системските слабости, односно слабости и недоречености во регулативата во одредени области. Со укажување од потребата за нивно надминување, даваме придонес во зајакнувањето на правниот систем и создавање на поволен амбиент за понатамошен развој на правните субјекти.

Во континуитет вложувавме во понатамошен развој на Државниот завод за ревизија како ВРИ и подобрување на ревизорските процеси согласно меѓународните стандарди и најдобрите практики на земјите членки на Европската унија, како и во надградба на професионалните знаења и вештини на вработените. Државниот завод за ревизија значаен обем од активностите ги спроведе и на меѓународно ниво, како во рамките на членството во европската и меѓународната организација на врховни ревизорски институции, така и во рамките на другите меѓународни организации.

Државниот завод за ревизија во остварување на своите стратешки цели, се стреми да соработува и соработува со граѓаните и медиумите, со цел зголемувањето на транспарентноста, отчетноста и одговорноста во користењето на средствата на даночните обврзници. За таа цел континуирано преземаме активности за зголемување на бројот на засегнати страни и со задоволство може да истакнам дека тој број во месец декември 2021 година изнесува 380 што споредено со крајот на 2020 година претставува зголемување од 100%.

Секоја криза е можност за будење на она што е добро кај луѓето: креативност, одговорност, сочувство и способност за решавање проблеми. Ние, како Државен завод за ревизија сметаме дека имаме храброст да ги видиме работите онакви какви што навистина се, како и вештини кои ни помагаат да го продолжиме процесот на добивање доверба, препознатливост на работата на институцијата, зајакнување на угледот на независна, објективна и ефикасна врховна институција за ревизија во насока на заштита на средствата на даночните обврзници.

Главен државен ревизор
м-р Максим Ацевски

# **КЛУЧНИ РЕЗУЛТАТИ**
# ОД РАБОТЕЊЕТО НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ ОД РЕВИЗИИТЕ

**1.743.644**
Неплатени помалку уплатени надоместоци во Буџетот на РСМ

**121.838**
Неплатени помалку уплатени надоместоци во Буџетот на ревидираните општини

**1.323.941**
Користење на средствата спротивно на закон

**5.975.562**
Вкупен износ од утврдени неправилности кај ЈН

**36.497.709**
Опфат на ЈН со ревизиите

**135.320.350**
Вкупна актива / пасива

**3.922.995**
Корективни книжења во Билансите на состојба

во 000 денари

# **ГОДИШНА ПРОГРАМА** ЗА РАБОТА НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА ЗА 2021 ГОДИНА

5 РОДОВА ЕДНАКВОСТ

7 ДОСТАПНА ЧИСТА ЕНЕРГИЈА

8 ДОСТОИНСТВЕНА РАБОТА И ЕКОНОМСКИ РАСТ

9 ИНДУСТРИЈА, ИНОВАЦИЈА, ИНФРАСТУРКТУРА

10 НАМАЛЕНА НЕЕДНАКВОСТ

11 ОДРЖЛИВИ ГРАДОВИ И ЗАЕДНИЦИ

13 СПРАВУВАЊЕ СО КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

SUSTAINABLE DEVELOPMENT GOALS

ЦЕЛИ НА ОДДРЖЛИВ РАЗВОЈ ОПФАТЕНИ СО РЕВИЗИИТЕ

**68** ИЗВРШЕНИ РЕВИЗИИ

56 ревизии на регуларност

7 ревизии на успешност

3 ревизии на усогласеност

2 ИТ ревизии

ТЕМИ ОПФАТЕНИ СО РЕВИЗИИТЕ

- државен буџет
- единици за локална самоуправа
- државни средства
- правда
- здравствена заштита
- образование
- инфраструктура
- јавни комунални услуги
- култура
- животна средина
- енергетика
- ЕУ фондови
- систем за социјално осигурување
- меѓународни фондови
- ИТ системи
- оддржлив развој
- политички систем
- одбрана

# Ревизии низ бројки

**109** РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАИ

## РЕВИЗОРСКИ МИСЛЕЊА РЕВИЗИЈА НА РЕГУЛАРНОСТ

**96** мислења за финансиските извештаи
- **31** без резерва
- **26** со резерва
- **31** неповолно мислење
- **8** воздржување од мислење

**92** мислења за усогласеност со закони и прописи
- **23** без резерва
- **35** со резерва
- **32** неповолно мислење
- **2** воздржување од мислење

## ЗАКЛУЧОЦИ РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ/ РЕВИЗИЈА НА УСПЕШНОСТ

**3** заклучоци за ревизија на усогласеност како посебен вид ревизија

**7** заклучоци за ревизија на успешност

**2** заклучоци за ИТ ревизија

## 1.170 НАОДИ ДЕТЕКТИРАНИ СО РЕВИЗИИТЕ

- **942** ревизија на регуларност
- **144** ревизија на успешност
- **71** ревизија на усогласеност
- **13** ИТ ревизија

## 136 СУБЈЕКТИ ОПФАТЕНИ СО РЕВИЗИИТЕ

- **56** ревизија на регуларност
- **63** ревизија на успешност
- **15** ревизија на усогласеност
- **2** ИТ ревизија

## 72 НАОДИ КАЈ ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

**ВКУПНА ВРЕДНОСТ НА ДОДЕЛЕНИ ДОГОВОРИ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ**

**40.357.958**

во 000 денари

**РЕВИДИРАНИ ЈАВНИ НАБАВКИ**

**36.497.709**

во 000 денари

## 5.975.562 УТВРДЕНИ НЕПРАВИЛНОСТИ КАЈ ЈАВНИТЕ ЈАБАВКИ

во 000 денари

- слабости во реализација на склучените договори за јавни набавки
- слабости во фаза на скличување на договорите за јавни набавки
- неправилности при подготовка на тендерска документација/техничка спецификација
- тендерската документација која во себе содржи ограничувачки елементи во однос на конкуренцијата
- неправилности во евалуација на понудите
- слабости во фаза на планирање на јавните набавки

# **РЕВИДИРАНИ** ЈАВНИ ПРИХОДИ И ЈАВНИ РАСХОДИ

ВКУПНО **511.923 МИЛИОНИ ДЕНАРИ** ревидирани јавни приходи и **236.060 МИЛИОНИ ДЕНАРИ** ревидирани јавни расходи со Годишна програма за работа на ДЗР за 2021 година

| | Ревидирани јавни приходи (Годишна програма 2021) | Ревидирани јавни приходи (Годишна програма 2020) | Ревидирани јавни расходи (Годишна програма 2021) | Ревидирани јавни расходи (Годишна програма 2020) |
|---|---|---|---|---|
| Централен буџет на Р. С. Македонија | 217.686 | 161.101 | 12.693 | 2.535 |
| Буџет на фондови | 121.805 | 109.548 | 115.718 | 107.048 |
| Буџет на ЕЛС | 3.393 | 2.048 | 2.829 | 1.651 |
| Корисници на средства од буџетот на ФЗО | 782 | 555 | 773 | 552 |
| Политички партии | 397 | 642 | 294 | 550 |
| Јавни претпријатија | 1.744 | 303 | 1.953 | 292 |
| Други институции/ Правни лица во кои државата е доминантен акционер | 13.939 | 1.317 | 15.220 | 1.134 |
| Опфатени со Ревизии на усогласеност | 57.299 | 395 | 7.022 | 807 |
| Опфатени со Ревизија на успешност | 94.878 | 71.386 | 79.558 | 69.863 |

Годишна програма 2021 · Годишна програма 2020

во 000.000 денари

# **ДАДЕНИ ПРЕПОРАКИ**
# И ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ

## 2021

**654**
ДАДЕНИ ПРЕПОРАКИ

**300** ПРЕПОРАКИ ЗА КОИ Е ИЗМИНАТ РОКОТ ОД 90 ДЕНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОВРАТНИ ИНФОРМАЦИИ

**354** ПРЕПОРАКИ ЗА КОИ НЕ Е ИЗМИНАТ РОКОТ ОД 90 ДЕНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОВРАТНИ ИНФОРМАЦИИ

**93** ПРЕПОРАКИ ЗА КОИ Е ИЗМИНАТ РОКОТ ОД 90 ДЕНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОВРАТНИ ИНФОРМАЦИИ
**НЕ Е УТВРДЕН СТАТУСОТ**

**88%**
ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕПОРАКИ

**207**
ПРЕПОРАКИ СО УТВРДЕН СТАТУС

**182** ПРЕПОРАКИ ЗА КОИ СЕ ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ

**23** не се спроведени

**2** неприменливи

# 2020

**604** ДАДЕНИ ПРЕПОРАКИ

- **604** ПРЕПОРАКИ ЗА КОИ Е ИЗМИНАТ РОКОТ ОД 90 ДЕНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОВРАТНИ ИНФОРМАЦИИ

**81%** ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕПОРАКИ

**542** ПРЕПОРАКИ СО УТВРДЕН СТАТУС

- **62** ПРЕПОРАКИ ЗА КОИ Е ИЗМИНАТ РОКОТ ОД 90 ДЕНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОВРАТНИ ИНФОРМАЦИИ **НЕ Е УТВРДЕН СТАТУСОТ**

**439** ПРЕПОРАКИ ЗА КОИ СЕ ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ

**90** не се спроведени

**13** неприменливи

# 2019

**498** ДАДЕНИ ПРЕПОРАКИ

- **498** ПРЕПОРАКИ ЗА КОИ Е ИЗМИНАТ РОКОТ ОД 90 ДЕНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОВРАТНИ ИНФОРМАЦИИ

**83%** ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕПОРАКИ

**441** ПРЕПОРАКИ СО УТВРДЕН СТАТУС

- **57** ПРЕПОРАКИ ЗА КОИ Е ИЗМИНАТ РОКОТ ОД 90 ДЕНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОВРАТНИ ИНФОРМАЦИИ **НЕ Е УТВРДЕН СТАТУСОТ**

**364** ПРЕПОРАКИ ЗА КОИ СЕ ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ

**73** не се спроведени

**4** неприменливи

# ПРОЦЕС НА РЕВИЗИЈА



1

# ЗА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Државниот завод за ревизија (ДЗР) е независна Врховна ревизорска институција во Република Северна Македонија, која повеќе од 20 години транспарентно, навремено и објективно ги информира надлежните институции и јавноста за утврдените состојби од спроведените ревизии. Државниот завод за ревизија е основан со Закон за државната ревизија донесен во 1997 година. Првите ревизии се направени во 1999 година.

Како врховна ревизорска институција, ДЗР ревизиите ги врши во согласност со ревизорските принципи, стандарди и упатства содржани во Рамката на професионални објави на Меѓународната организација на врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ), при што високите професионални квалификации и континуираната обука на вработените претставуваат основа на работата.

Независноста на институцијата е утврдена со Законот за државната ревизија, во кој се регулирани надлежностите на ДЗР, утврден е широк мандат во вршењето на ревизии на регуларност и на ревизии на успешност, со пристап до сите неопходни информации, документации, евиденции за спроведување на државната ревизија. ДЗР самостојно ја утврдува Годишната програма за работа објективно одлучува за субјектите предмет на ревизија и начинот, содржината на известувањето од извршените ревизии, без пристрасност и ослободено од влијанија од законодавната и извршната власт.

Воедно, ДЗР како и другите врховни ревизорски институции има важна улога во превенцијата и борбата за спречување на корупцијата и со своето работење е вклучен во активностите поврзани со оваа област, со што придонесува за зачувување и заштита на јавните средства и имот од неовластени и незаконски активности.

Државниот завод за ревизија е препознатлив по вредностите кои се воспоставени во институцијата, кои ги негува и надградува и тоа:

- професионалните вештини;
- одговорното вршење на работните задачи;
- тимската работа, совесност и професионална етика;
- интегритетот и
- независноста на овластените државни ревизори и државните ревизори во однос на субјектите на ревизија, државните институции и другите корисници на јавни средства.

## МИСИЈА

Државниот завод за ревизија е Врховна ревизорска институција во Република Северна Македонија која има за цел навремено и објективно да го информира Собранието, Владата, другите носители на јавни функции и јавноста за ревизорските наоди од спроведените ревизии. ДЗР обезбедува поддршка на Собранието на РСМ во исполнувањето на неговите надлежности преку идентификацијата и презентацијата на неправилностите, случаите на противзаконско работење и можни случаи на корупција и злоупотреба на функцијата. Преку јасните и ефективни препораки ДЗР обезбедува поддршка на државните институции и корисници на јавните средства за унапредување на управувањето на истите. На тој начин ДЗР придонесува за подобрување на животот на граѓаните на Република Северна Македонија.

## ВИЗИЈА

За успешно да ја исполнуваме нашата цел – водење грижа за јавните средства и да придонесуваме за унапредување на управувањето со истите, нашата визија е дека треба континуирано да обезбедуваме квалитет во работењето со што би го задржале епитетот на независен и професионален партнер со висок интегритет кој  истовремено е носител на напредокот во управувањето со јавните средства, отчетноста и транспарентноста во користењето на истите.

## ЦЕЛИ

Имајќи ги во предвид законските надлежности на ДЗР, подзаконските акти и стратешките документи, во насока на остварување на мисијата и визијата на ДЗР утврдени се следните цели:

- обезбедување независност на државната ревизија како уставна категорија, во согласност со принципите на Декларацијата од Мексико;
- достигнување оптимален број на вработени и усогласување на организационата поставеност и вкупниот број на извршители со надлежностите и стратешките цели на ДЗР;
- унапредување на етиката и интегритетот;
- натамошно подигање на нивото на квалитет на извршување на ревизиите во согласност со ревизорските стандарди и методолошка пракса на државната ревизија;
- подготовка и ажурирање на методолошките акти за ревизија;
- понатамошна имплементација на електронски систем за управување со ревизијата -Audit Management System – AMS (АМС);
- продолжување на праксата за осигурување на квалитетот на ревизиите, преку избор на ревизии кои ќе бидат предмет на проверка, со цел да се подобри квалитетот на работењето;
- продлабочување на соработката со надлежните институции во борба против корупцијата и судирот на интереси.

# ПРАВНА РАМКА, СТРАТЕШКИ И МЕТОДОЛОШКИ ДОКУМЕНТИ

## 1.1. ПРАВНА РАМКА

Во однос на правната рамка за државната ревизија, во „Службен весник на РСМ“ бр. 122 од 3.6.2021 година, објавен е Законот за изменување и дополнување на Законот за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/10, 145/10, 12/14, 43/14, 154/15, 192/15, 27/16 и 83/18), со кој се извршени измени на Законот за државната ревизија поради новото уставно име на државата, а исто така се врши усогласување на прекршочните одредби со одредбите од Законот за прекршоците.

Во Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА) Ревизија 2021 – 2025 усвоена од Владата на РСМ, во Поглавјето 3.32. Финансиска контрола, во однос на подрачјето Надворешна ревизија, како краткорочен приоритет е утврдено дека ќе се работи на подобрување на законската рамка за зајакнување на уставната, финансиската и оперативната независност на ДЗР и ќе се подготви и предложи нов Закон за државната ревизија кој ќе биде усогласен со Меѓународните стандарди на ВРИ и меѓународната прифатена пракса.

Зајакнувањето на правната рамка за надворешна ревизија со постигнување на уставна независност на ДЗР и зајакнување на финансиската и оперативната независност во согласност со принципите, стандардите и упатствата на ИНТОСАИ со изготвување на нов нацрт Закон за државната ревизија и негово доставување до Собранието на РСМ, се утврдени како приоритетни мерки и активности согласно нацрт Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии „СМАРТ ЈАВНИ ФИНАНСИИ“ 2022 – 2025 година и нацрт Акцискиот план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2022 година.

Со цел подобрување на правната рамка за државната ревизија заради постигнување на уставна независност на ДЗР и зајакнување на финансиската и оперативната независност во согласност со меѓународните стандарди и најдобрите практики на ЕУ, во рамки на Твининг проект **„Подобрување на надворешната ревизија и парламентарниот надзор“**, изготвена е проценка на правната рамка за државната ревизија и дадени се препораки за постигнување уставна независност и зајакнување на финансиската и оперативна независност на ДЗР.

Како резултат на овие активности, со поддршка на Твининг проект во 2021 година се изготвени:

- Предлози за нацрт амандмани за изменување и дополнување на Уставот на РСМ за регулирање на ДЗР како уставна категорија;
- Предлог нов Закон за државната ревизија со цел зајакнување на финансиската и оперативната независност на ДЗР.

Во рамки на активностите на Твининг проект се изврши проценка и на законите во врска со ревизијата на финансирање на политичките партии и изборните кампањи, јавните набавки и новиот Закон за буџети, кои се поврзани со законската рамка за државната ревизија, со цел да се дадат предлози за нивно усогласување и подобрување.

Со поддршка на Твининг проект се спроведе проценка и се дадени предлози за подобрување на правната рамка на ДЗР и Собранието на РСМ за доставување и разгледување на ревизорските извештаи.

## 1.2. СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ

Развивањето на стратешки документи е еден од клучните чекори во развој на ВРИ и остварување на својата визија, мисија и цели. Во Годишниот извештај на напредокот на РСМ на Европската Комисија во однос на Подрачјето Надворешна ревизија, кое е во надлежност на ДЗР, беа посочени аспекти за кои е потребно подобрување во однос на:

- независноста на Државниот завод за ревизија да биде гарантирана со Уставот на РСМ;
- правната рамка во голема мера е усогласена со стандардите на Меѓународната организација на врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ);
- ревизијата на успешност дополнително да се подобри;
- препораките содржани во ревизорски извештаи на ДЗР систематски и навремено да се спроведат од страна на ревидираните институции;
- надзорот и следењето од страна на Собранието на РСМ да се зголеми преку проследување на извештаите на ДЗР со цел да се подобри стапката на спроведени препораки. (во инфографик)

Постапувајќи согласно дадените препораки и преземање на активности во насока на утврдените цели, ДЗР континуирано презема активности за имплементација на постојните но и развивање и донесување на нови стратешки документи и тоа:

- Стратегијата за развој на ДЗР 2018 – 2022 година;
- ИТ Стратегијата на ДЗР 2018 – 2022 година;
- Стратегијата за управување со човечките ресурси 2020 – 2023 година;
- Комуникациската стратегија на ДЗР 2020 – 2023 година;
- Стратегијата за управување со ризиците на Државниот завод за ревизија 2020-2023 година;
- Упатство за стратешко и годишно планирање на ревизиите;
- Одлука за определување на стратешки цели за ревизии на Државниот завод за ревизија за период 2021 – 2023 година и за приоритетни области за ревизии по сектори кои вршат ревизија и
- Стратешки план за ревизија 2021 – 2023 година.

Во Стратегијата за развој на Државниот завод за ревизија 2018 – 2022 се содржани заложбите за зајакнување на независноста и интегритетот како предуслови за остварување на професионалноста и кредибилитетот во работењето, за промовирање и подобрување на имплементацијата на меѓународните принципи, стандарди и упатства содржани во Рамката за професионални објави на ИНТОСАИ, како и за континуирано следење на ефектите од извршените ревизии и степенот на исполнување на препораките содржани во ревизорските извештаи. Годишната имплементација на Стратегијата за развој на Државниот завод за ревизија се спроведе преку активностите утврдени во Годишната програма за работа на ДЗР за 2021 година.

Заради подобрување на стратешкото и годишното планирање на ДЗР во рамки на активност на Твининг проектот во 2021 година се изготвени предлози за нова Стратегија за развој на ДЗР за период од пет години со акциски план за нејзино реализирање.

Во 2021 година се спроведоа активности за реализирање на ИТ Стратегијата на Државниот завод за ревизија 2018-2022, со цел да се зголеми ефикасноста на информацискиот систем на Државниот завод за ревизија и воедно да се придонесе во имплементирањето на Стратегијата за развој на Државниот завод за ревизија 2018 – 2022 година, во делот на реорганизација на постојната доменска структура согласно новите акти за организација и систематизација на ДЗР, поддршка

во администрирање и унапредување на Системот за управување со ревизијата [Audit Management System (AMS)] и Софтверот за анализа на податоците од ревизорските извештаи, наодите и препораките (САПРИ).

Преземени се активности за поддршка на ревизијата во делот на преземање и обработка на базите на податоци на субјектите предмет на ревизија, преку употреба на компјутерски потпомогнати ревизорски техники - CAATs и набавени се нови лиценци за IDEA софтвер за анализа на податоците, избор на примерок и негово документирање. Континуирано се имплементираат ИТ политиките и процедурите, процедурите за користење на Системот за управување со ревизијата (AMS) и ISO 9001 стандардите.

За реализација на Стратегијата за управување со човечките ресурси во ДЗР 2020-2023 година, се преземаа активности за имплементација на функцијата управување со човечките ресурси во ДЗР, со цел изградба на ефикасен и функционален систем преку обезбедување услови за вработување на квалификувани и стручни лица со висок степен на интегритет, кои се подготвени ефективно да ги извршуваат доделените функции и надлежности. Исто така, се промовира развој на професионалните квалитети на вработените и воспоставување на реален систем на оценување на успешност во работењето, преку фер и транспарентни процедури за професионален и кариерен развој на вработените, како и воведување на дополнителни материјални и други стимулации за вработените.

ДЗР ја продолжи соработката со Фондацијата за демократија на Вестминстер (WFD) во рамки на проектот насловен „Зголемување на отчетноста и транспарентноста во Македонија преку подобрено спроведување на препораките на ДЗР", поддржан од Британската влада. Активностите се однесуваат на имплементација на преостанатите две фази од проектот во врска со Комуникациската стратегија на ДЗР за 2020 - 2023 година, фокусирајќи се на комуникација и соработка на ДЗР со надлежните институции – Јавното обвинителство на РСМ и Собранието на РСМ и невладините организации.

Упатството за стратешко и годишно планирање на ревизиите преставуваше основа за изготвување на Одлуката за определување на стратешки цели за ревизии на ДЗР за период 2021 – 2023 година и за приоритетни области за ревизии по сектори кои вршат ревизија, како и за изготвување на Стратешкиот план за ревизија на ДЗР за период 2021 – 2023 година донесен во декември 2020 година. Врз основа на претходно споменатите стратешки документи за ревизиите се изготви Годишната програма за работа на ДЗР за 2021 година.

Согласно Акцискиот план за 2021 година за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии се спроведени активностите кои се однесуваат на **Приоритет 7: Надворешна контрола и парламентарен надзор**, кој е во надлежност на Државниот завод за ревизија. Целта на овој Приоритет е зајакнување на управувањето со јавни финансии преку обезбедување на отчетност во користење јавни средства преку зајакнување на ревизиите на регуларност и успешност во согласност со меѓународните стандарди на врховните ревизорски институции и стратешките документи на ДЗР, воспоставување механизам за проактивна улога за разгледување на ревизорските извештаи во Собранието на РСМ и зајакнување на институционалниот капацитет и капацитетот на човечките ресурси во ДЗР.

Главниот државен ревизор, активно учествуваше во работата на Советот за управување со јавни финансии, кое преставува координативно тело на Владата на Република Северна Македонија за следење на спроведувањето на реформите за управувањето со јавни финансии предвидени со Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии 2018 - 2021 година.

## 1.3. МЕТОДОЛОШКИ ДОКУМЕНТИ

Во рамки на Твининг проектот „Подобрување на надворешната ревизија и парламентарниот надзор“, во 2021 година се подготвија подобрени методолошки акти за ревизија на успешност, ИТ ревизија, насоки за ревизија на фондовите на ЕУ и за откривање измами и неправилности и препораки за подобрување на следењето на имплементацијата на ревизорските препораки.

Исто така, се изготви нов прирачник за ревизија на усогласеност, врз основа на препораките од претходниот Твининг проект финансиран од ИПА 2013 фондовите. Во рамки на Твининг проектот усогласен е Прирачникот за ИТ ревизија со „GUID 5100 - Упатство за ревизија на информациските системи“.

Како резултат на активностите на Твининг проектот, изготвени се предлози за подобрување на структурата и содржината на Годишниот извештај на ДЗР, а во насока на подобрување на внатрешната комуникација во ДЗР изготвени се нацрт Правила за внатрешен проток на печатени и електронски документи.

Како резултат на соработката со OECD-SIGMA во областа на ревизијата на буџетот на државата, во изминатиот период беа изготвени нацрт Насоки за ревизија на Буџетот на Република Северна Македонија. Со Твининг проектот во 2021 година се изврши анализа со изготвување на препораки за подобрување на процесот на ревизија на Годишната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија.

Со цел подобрување на презентацијата на ревизорските резултати и препораки, во рамки на новиот Твининг проект е изготвена нова структура и содржина на ревизорските извештаи во согласност со ISSAI.

Од страна на сертификационо тело на 27.05.2021 година беше извршена трета ресертификациона проверка, за што е изработен извештај од проверката согласно кој системот за управување на Државниот завод за ревизија е целосно усогласен со барањата на стандардот МКС EN ISO 9001:2015, при што е продолжена важноста на сертификатот со кој се потврдува дека ДЗР го применува Системот за управување согласно барањата на ISO стандардот со важност до 30.05.2024 година.

Годишниот извештај за извршени ревизии и работење на ДЗР за 2020 година беше изготвен и доставен до Собранието на Република Северна Македонија во законски утврдениот рок до крајот на јуни 2021 година и исто така тој е достапен на веб -страницата на ДЗР на три јазици: македонски, албански и англиски јазик.

Собранието на Република Северна Македонија, на 54-та седница, го разгледа и усвои Годишниот извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија за 2020 година и по истиот усвои Заклучоци кои заедно со Извештајот на комисијата за финансирање и буџет ги достави до Владата на РСМ, Министерството за финансии и Државниот завод за ревизија.

Воспоставена е пракса за достапност на информациите и податоците содржани во Годишниот извештај за извршени ревизии и работење на ДЗР за врховните ревизорски институции, Европскиот суд за ревизија, ИНТОСАИ и ЕУРОСАИ, Делегацијата на Европската унија во Република Северна Македонија, мисиите на меѓународните организации како и на одредени дипломатски претставништва во РСМ.

ДЗР ја спроведе Годишната програма за работа за 2021 година, подготвена врз основа на Стратешкиот план за ревизија 2021 - 2023 година, во согласност со усвоеното Упатство за стратешко и годишно планирање на ревизијата и Одлуката за определување на стратешки цели за ревизии на Државниот завод за ревизија за период 2021 – 2023 година и за приоритетни области за ревизии по сектори кои вршат ревизија.

Државниот завод за ревизија, чувствувајќи ја потребата да ја зголеми својата транспарентност, отчетност и одговорност во извршувањето на надлежностите делегирани со закон за првпат во своето постоење во рамките на подготовката на Годишната програма за работа на ДЗР за 2021 година, достави известување до над 190 засегнати страни и истовремено го објави на својата веб-страница формуларот „Известување за поднесување на барање за ревизија до ДЗР“ https://dzr.mk/contact/barane_za_revizija. Како резултат на добиените барања од засегнати страни за вршење ревизија на одредени субјекти, Државниот завод за ревизија во Годишната програма за работа на ДЗР за 2021 година ја утврди ревизијата на успешност под

наслов „Ефективност на мерките на Владата на РСМ за родова еднаквост и соодветни родови буџетски иницијативи“, а во 4 (четири) ревизии на успешност беше опфатен и аспектот на родово буџетски иницијативи.

Годишната програма за работа во 2021 година содржи 9 ревизии на успешност. Со областите опфатени со ревизиите на успешност ДЗР треба да обезбеди активен придонес преку давање на препораки на надлежните органи во однос на нивното работење и користење на јавните средства, здравствените и социјалните теми, природните ресурси и заштитата на животната средина.

За да излеземе во пресрет на предизвиците поради КОВИД-19 пандемијата, Годишната програма за работа на ДЗР за 2021 година содржи 4 ревизии на успешност на владини економски мерки, државни заеми и управување со јавниот долг, поддршката за вработување на професии кои беа најмногу погодени од последиците од пандемијата, како и мерки и политики за поддршка на туристичкиот сектор.

Во 2021 година ДЗР изготви Годишен план за спречување на корупцијата на Државниот завод за ревизија за 2021 година, со кој се предвидени мерки и активности во поглед на спречувањето на корупцијата на ниво на институција, а воедно изготвена е посебна ревизорска програма за усогласеноста на работењето на субјектите предмет на ревизија во областа на заштита на укажувачите и слободен пристап на информации од јавен карактер, со што се обезбедени ажурирани насоки и нови методолошки алатки за ревизорите при вршење на овој важен аспект од ревизиите.

Во текот на 2021 година, ДЗР учествуваше во меѓународна работната група која има за цел изготвување на Водич за практики за ревизија на родовата еднаквост во Западен Балкан, како методолошки акт за вршење родово базирана ревизија во рамките на проектот „Промоција на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија“, кој е финансиски поддржан од Швајцарската агенција за развој и соработка и Шведската агенција за меѓународна соработка и развој - СИДА, а кој се спроведува од UN Women. Овој водич се очекува да биде изготвен во 2022 година.

ДЗР го имплементираше Годишниот план за континуирано професионално усовршување и обука за 2021 година, а во месец декември 2021 година, ДЗР го донесе Годишниот план за континуирано професионално усовршување за 2022 година[1] како и Годишниот план за спречување на корупција за 2022 година[2], кои се објавени на веб страната на ДЗР

Државниот завод за ревизија согласно член 23 став 2 од Законот за државната ревизија во законски рок ја достави Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2022 година[3] до Собранието на Република Северна Македонија, со која е планирано да се извршат вкупно 183 ревизии од кои 166 ревизии на регуларност, 12 ревизии на успешност и 5 ревизии на усогласеност. Од вкупно планираните ревизии, 45 ревизии се однесуваат на субјекти и теми за ревизии согласно Законот за државната ревизија, а 142 ревизии се однесуваат на субјектите кои учествуваа во Локалните избори 2021 година. При утврдување на ревизии на успешност со оваа Годишна програма, како критериуми се земени предвид стратешките цели на ДЗР, целите на одржлив развој на ОН, критериуми утврдени со методологијата за оценка од страна на ОЕЦД- СИГМА.

Како дел од активностите во рамки на Твининг проектот „Подобрување на надворешната ревизија и парламентарниот надзор“, делегации на високо ниво од ДЗР на Република Северна Македонија и ДЗР на Република Хрватска учествуваа на состанокот со претседателот на Собранието на Република Северна Македонија г. Талат Џафери за презентирање на изготвениот нацрт Меморандум за соработка помеѓу Собранието и ДЗР, нагласувајќи ја потребата од зајакнување на соработката меѓу двете институции, особено за разгледување и постапување по доставените ревизорски извештаи.

1 https://dzr.mk/sites/default/files/2022-01/Godisen_plan_kontinuirano_profesionalno_usovrsuvanje_2022_godina.pdf

2 https://dzr.mk/sites/default/files/2021-12/Godisen_plan_sprecuvanje_korupcija_DZR_2022_godina.pdf

3 https://dzr.mk/sites/default/files/2021-12/Godisna_programa_za_rabota_DZR_2022_godina.pdf

# 2

# Транспарентност **и соработка**

## 2.1. ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО НА ДЗР

ДЗР во текот на 2021 година, продолжи со зајакнување на своите заложби за интензивирање на активностите во насока на зголемување на транспарентноста и отчетноста во своето работење. Професионалното и навремено информирање на сите засегнати надворешни страни (медиуми, истражувачки новинари, граѓански организации, широката јавност) за постигнатите резултати од вршењето на државната ревизија е една од најзначајните стратешки определби на ДЗР во 2021 година. Водејќи се од стратешките определби кои се наведени во „Комуникациската стратегија на ДЗР 2020-2023 година", целта на ДЗР беше да се поттикне комуникација во која медиумите, граѓаните и граѓанските организации ќе бидат сојузници во остварувањето на целите за зголемување на транспарентноста, отчетноста и одговорноста во постапувањето на субјектите од јавниот сектор за начинот на користењето на јавните средства. Соработката помеѓу ДЗР и медиумите, граѓанските организации и новинарите се одвиваше по пат на соопштенија, одговори на поставени прашања и учество на дебатни емисии. Исто така, се зајакна и начинот на континуирано и навремено информирање на надворешни засегнати страни и тоа преку објава на конечните ревизорски извештаи на веб страната на ДЗР, доставување на соопштенија за медиумите и објава на Апстракт од ревизорски извештај во кој се содржани клучни утврдени состојби до сите засегнати страни 190 во 2020 година, односно 380 во 2021 година.

Како резултат на преземените активности во 2021 година во насока на зајакнување на комуникацијата и соработката со засегнатите страни за информирање и презентирање на резултатите од вршењето на државната ревизија, Државниот завод за ревизија видно ја подобри транспарентноста, видливоста и отчетноста пред јавноста и граѓаните.

Објективното, навремено и точно информирање на јавноста и медиумите, на граѓанските организации и на надлежните институции, и во 2021 година беше важен стратешки приоритет на Државниот завод за ревизија, еден од основните принципи наведени и во Комуникациската стратегија на ДЗР 2020 – 2023 година.

## РАСТЕЧКИ ТРЕНД НА „МЕЈЛИНГ ЛИСТА НА ДЗР"

На почетокот на 2020 година ДЗР креираше „Мејлинг листа на засегнати страни" со почетни 190 контакти. Во текот на 2021 година листата беше континуирано ажурирана со нови контакти, па од почетната бројка во средината на 2021 година ДЗР имаше листа од 380 засегнати страни, а кон крајот на годината и почетокот на 2022 година бројот на засегнатите страни достигна 930 засегнати страни. До сите нив ДЗР континуирано испраќаше и ги информираше за резултатите од своето работење со Конечни ревизорски извештаи, соопштение за јавноста и медиумите и апстракт од секој финансиски извештај.

На овој начин, во текот на 2021 година, ДЗР ја покажа посветеноста и заложбата за што поголем опфат на засегнати страни и корисници на ревизорските извештаи.

## **МЕЈЛИНГ ЛИСТА** НА ДЗР И КОМУНИЦИРАЊЕ СО **НАДВОРЕШНИ** ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ




## **МЕЈЛИНГ ЛИСТА** НА ДЗР И КОМУНИЦИРАЊЕ СО **930 НАДВОРЕШНИ** ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ

заклучно со април 2022 година



## ТЕЛЕВИЗИСКИ НАСТАПИ, ИНФОРМАТИВНИ ПРИЛОЗИ, ОТВОРЕНИ ДЕБАТИ

Заложбите на Државниот завод за ревизија за отворање кон јавноста, медиумите и граѓанскиот сектор и презентирање на активностите и резултатите од вршењето на државната ревизија се видливи и во текот на 2021 година. Тоа е видливо преку податоците за телевизиските настапи на Главниот државен ревизор и Заменик главниот државен ревизор на националните телевизии. Учества со свои настапи во интерес на презентирање на резултатите од работењето на ДЗР во 2021 година, преку гостувања и кратки изјави во дневно-информативните изданија на медиумите, имаа и советниците и помошниците на главниот државен ревизор. Во текот на 2021 година се евидентирани вкупно 9 интервјуа и изјави за дневно-информативни изданија на медиумите, на менаџментот на Државниот завод за ревизија.

## КЛИПИНГ ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ НА ДЗР

Зголемениот интерес за работењето и резултатите на Државниот завод за ревизија и подобрената комуникација и соработка со претставниците на медиумите и граѓанскиот сектор, се препознава преку статистичките податоци и евалуација за медиумските објави (клипинг) во врска со објавени конечни ревизорски извештаи и поставени новинарски прашања за тековните ревизии и издадените и објавени конечни ревизорски извештаи.

Имено, во текот на 2021 година, до Државниот завод за ревизија се доставени 11 новинарски прашања на кои е доставен одговор во најкус временски рок за бараните информации. Дополнително, вработените во Одделението за односи со јавност и информирање за резултатите од државната ревизија, во континуитет ги информираат претставниците на медиумите и граѓанските организации за прашања и дилеми кои се јавуваат во контекст на ревизорската работа и објавените конечни ревизорски извештаи.

Активностите на ДЗР беа застапени во националните и локалните медиуми. Како резултат на овие активности во текот на 2021 година евидентирани се вкупно 421 објава од кои 81 објава на националните телевизии и 340 објави на интернет порталите, за објавените конечни ревизорски извештаи и другите активности на ДЗР.

# **ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА** И ОДНОСОТ СО **МЕДИУМИТЕ**

31.12.2021

**421** МЕДИУМСКИ ОБЈАВИ ЗА КОНЕЧНИ РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАИ

**81** ОБЈАВИ ПРЕНЕСЕНИ ОД СТРАНА НА ТЕЛЕВИЗИИТЕ

**340** ОБЈАВИ ПРЕНЕСЕНИ ОД СТРАНА НА ИНТЕРНЕТ ПОРТАЛИТЕ

**9** ИНТЕРВЈУА И ИЗЈАВИ ЗА МЕДИУМИТЕ

## ОТВОРЕНА FACEBOOK СТРАНИЦА НА ДЗР

Како планирана активност во процесот на имплементација на Комуникациската стратегија на ДЗР на 17.11.2021 година беше отворена и промовирана официјалната Фејсбук страница на Државниот завод за ревизија. Преку неа граѓаните и сите засегнати/заинтересирани страни имаат можност да се информираат за активностите и за постигнатите резултати од вршењето на државната ревизија.

Воедно, оваа нова комуникациска алатка на ДЗР претставува простор за креативна и конструктивна дискусија и размена на мислења.

Во периодот од нејзиното отворање **до 31.12.2021 година** во просек дневно се евидентирани **518 посети на** Фејсбук страницата на ДЗР.




Во насока на зголемување на видливоста на ефектите од извршените ревизии и преземените активности за тековното работење на ДЗР, преземени се дополнителни активности за промовирање на социјалните медиуми кои ги користи ДЗР. Така во првите четири месеци на 2022 година (01.01.2022 – 31.04.2022) евидентирани се просечно 1.394 посети дневно на Facebook страница на ДЗР, што претставува зголемување за 269% во однос на дневната посета во 2021 година.

## YOUTUBE КАНАЛ

Во текот на 2021 година се преземаа активности за навремено ажурирање на содржината на YouTube каналот на ДЗР со сите видео содржини од гостувањата на ГДР, ЗГДР и останатите вработени во ДЗР. Овие содржини беа промовирани и преку Фејсбук профилот на ДЗР.

## ЗГОЛЕМЕНА ПОСЕТЕНОСТА НА WEB СТРАНИЦАТА

Преземените активности за зголемување на транспарентноста и отчетноста на ДЗР, континуираното ажурирање и дополнување на мејлинг листата, дадоа видливи резултати во 2021 година. Информирањето на сите засегнати страни за ревизорските активности и објавените конечни ревизорски извештаи, придонесоа за зголемена посетеност на веб страницата на Државниот завод за ревизија споредбено со 2020 година.

Имено ако во 2020 година, во просек се евидентирани околу 4.000 посетители на веб страницата на ДЗР и 20.500 преземени содржини месечно, во текот на 2021 година евидентирани се 8.600 посетители и 39.000 посетени содржини во просек месечно, што претставува 100 % подобрување на статистичките податоци за посетеност на официјалната веб страницата на ДЗР.

## ПОСЕТИ НА **WWW.DZR.MK**



# ПОСЕТЕНИ СОДРЖИНИ НА **WWW.DZR.MK**




## ЈАВНА АНКЕТА - СТЕПЕН НА ЗАДОВОЛСТВО

Државниот завод за ревизија ја спроведува јавната анкета во континуитет како алатка за истражување на мислењето и импактот за работата на ДЗР кај засегнатите страни.

Со цел подобрување на квалитетот и зајакнување на транспарентноста, отчетноста и видливоста во својата работа, Државниот завод за ревизија достави прашалник/анкета за степенот на задоволство од соработката со ДЗР и информации за работата на нашата институција до сите 930 засегнати страни и тоа: 558 институции, 322 медиуми и 50 граѓански организации. Според структурата на добиени одговори во однос на прашањето за задоволството од соработката со ДЗР, 90% од испитаниците искажаа задоволство од соработката со ДЗР, истакнувајќи дека е направен голем исчекор во однос на отвореноста и соработката со ДЗР, особено преку навремено информирање за издадените ревизорски извештаи, за активностите на ДЗР, а зголемена е отвореноста кон медиумите и граѓанските организации. Искажана е и голема доверба за работата на ДЗР, и тоа оценувајќи ја како непристрасна, независна, законита, објективна, транспарентна и стручна институција. Не изостанува ниту задоволството од квалитетот на издадените конечни ревизорски извештаи кои се оценети како актуелни, разбирливи, точни и објективни.







## ДЗР ПРЕКУ СВОЕТО РАБОТЕЊЕ ОБЕЗБЕДУВА:




## КОНЕЧНИТЕ РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАИ НА ДЗР СЕ:



## 2.2. СОРАБОТКА СО ПРОФЕСИОНАЛНИ АСОЦИЈАЦИИ И ИНСТИТУЦИИ, ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ И ОПШТАТА ЈАВНОСТ

Во насока на остварување на своите стратешки цели, ДЗР и во 2021 година ја продолжи својата пракса на развивање на својата соработка и комуникација со бројни професионални асоцијации, институции, вклучително и со високообразовни институции, граѓански/ невладини организации, но и со општата јавност.

Имено, ДЗР е препознаен како сериозен партнер од страна на овие институции/ организации од кого можат да добијат детални информации и анализи, да обезбедат размена на искуства, информации и знаења во области предмет на заеднички интерес, но и да дадат активен придонес во насока на зајакнување на ефективноста од работата на ДЗР и максимизирање на влијанието на ревизорските извештаи, во воспоставување на дополнителен притисок врз институциите да делуваат врз основа на наодите од ревизорските извештаи. За таа цел ДЗР пристапи кон склучување на Меморандуми за соработка со што се обезбеди зацврстување на соработката на ДЗР со наведените институции.

## **ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА** МЕМОРАНДУМИ ЗА СОРАБОТКА

**4**
**ОБРАЗОВНИ ИНСТИТУЦИИ**

**3**
**ПРОФЕСИОНАЛНИ ИНСТИТУЦИИ**

**5**
**ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ**

### Државни институции - Професионални организации

Државниот завод за ревизија остварува соработка со бројни домашни професионални асоцијации и институции и со дел од нив се склучија меморандуми за соработка, како што се: Институтот за овластени ревизори, Здружение на новинари на Македонија, Државната комисија за спречување на корупција и Клириншка куќа Клириншки интербанкарски системи АД Скопје КИБС и Геолошки завод на Република Северна Македонија.

Согласно склучениот меморандум за соработка со Институтот на овластени ревизори на Република Македонија, а имајќи во предвид дека Државниот завод за ревизија, како врховна ревизорска институција постојано се стреми кон континуирано и квалитетно извршување на законски надлежности го обезбеди Прирачникот за меѓународните стандарди за контрола на квалитет, ревизија, проверка, други ангажмани на уверување и поврзани услуги – дел I, II и III на IFAC, а во исто време сите вработени во Државниот завод за ревизија посетуваа дводневна виртуелна обука која е дел од Годишниот план за континуирано професионално усовршување на Институтот на овластени ревизори на РМ (ИОРРМ), а со која се опфатија најважните барања на ревизорските стандарди и нивна практична примена.

Во 2021 година, Државниот  завод за ревизија, заедно со Државната комисија за спречување на корупцијата и Клириншка куќа КИБС потпишаа Меморандум за заедничка соработка и Протокол за размена на податоци. Меморандумот се потпиша во насока на реализација на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Законот за државната ревизија, за обезбедување на потребните податоци од Единствениот регистар на трансакциски сметки (ЕРТС) за потребите на вршењето надзор над извршените трансакции во изборната кампања. Со оваа активност се создаваат услови за реализација на надлежностите, правата и обврските на ДКСК и ДЗР во вршењето надзор и ревизија на учесниците во изборната кампања.

Во 2021 година, ДЗР со свои претставници даде свој придонес во изготвувањето на Стратегијата за унапредување на системот на јавните набавки во Република Северна Македонија за периодот 2022-2026 година, како и во изготвувањето на Национална стратегија за борба против измама за заштита на финансиските интереси на Европската унија во Република Северна Македонија за периодот 2022-2025 година.

Државниот завод за ревизија во насока на споделување на знаењето и искуствата од извршните ревизии во областа на јавните набавки, во текот на 2021 година одржа работилница на тема од областа на јавните набавки, за потребите на Државната комисија за спречување на корупцијата.

### Образовни институции

Државниот завод за ревизија со Универзитет на Југоисточна Европа, како и со Економскиот факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, потпишаа меморандум за соработка со кои изразија согласност да соработуваат преку поттикнување и афирмација на областите од заеднички интерес, како и обезбедување достапност на професионална размена на искуства. Во таа насока, некои од договорените заеднички цели се:

- Подготвување и издавање на публикации, статии, прирачници и коментари од областа на ревизијата, изработка на научни трудови;
- Организирање на форуми, семинари и работилници;
- Развивање на студиски програми и модули за обуки;
- Изработка на заеднички проекти за истражување;
- Соработка со цел поврзување и приближување на теоријата со праксата за потребите на студентите.

Врз основа на овие склучени меморандуми за соработка во текот на 2021 година, од страна на овие високообразовни институции беа доставени барања за развивање на студиски програми и модули во областа на ревизијата на овие високообразовни институции, а во исто време беа доставени прашалници, кои претставуваат основа за изработка на публикации, научни трудови или анализи од областа на ревизијата и системот на внатрешна контрола.

Граѓански организации

### Институт за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје

Во 2021 година, претставници од Државниот завод за ревизија, земаа активно учество во активностите од проектот „Антикорупциски разговори во Парламентот“, реализиран од Институт за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје, кој има за цел да го поддржи реформскиот процес во Република Северна Македонија,

преку зајакнување на надзорната улога на Парламентот во однос на антикорупцијата, преку креирање форум за дискусија помеѓу Парламентот и институциите кои се дел од антикорупцискиот систем, а за својата работа го известуваат Парламентот, како би се вложиле заеднички напори и заложби за обезбедување ефикасен систем за борба против корупција, владеење на правото, јавните набавки и финансиската контрола. На овие работилници учесниците ги разменија своите ставови и искуства, со пратениците и институциите со надлежности за борбата против корупцијата во однос на долгорочните планови за борбата против корупцијата, меѓу институционална соработка, како и потребните ресурси за ефикасна борба против корупцијата, со цел да ги пресретнат идните предизвици во борбата против корупцијата.

### Институт за комуникациски студии и Алијанса за застапување и лобирање

Државниот завод за ревизија даде поддршка на кампањата „Разбистри се", иницирана од страна на Институтот за комуникациски студии (ИКС) и Алијансата за застапување и лобирање, која ја сочинуваат повеќе граѓански организации, медиуми и факултети. Оваа кампања е со цел да се подигне свесноста на граѓаните во нивното учество за носење и промени на јавните политики, како и да се овозможи поголем дијалог од надлежните институции во процесот на креирањето на политиките. Предвидените активности во рамки на кампањата ќе бидат насочени кон две специфични области и тоа:

- Управувањето со водните ресурси (како да се користи и заштити водата) и
- Воспоставување на ефикасен инспекцискиот надзор против прекумерното искористување на природните ресурси (минерални суровини, шуми, почва и вода).

Државниот завод за ревизија како Врховна ревизорска институција, во континуитет спроведува повеќе ревизии кои опфаќаат теми од областа на искористувањето на водата и водното право, како и ревизии на теми од областа на животната средина и искористувањето на природните ресурси. За овие состојби ДЗР континуирано известува преку издадените и објавени Конечни ревизорски извештаи.

### Центар за граѓански комуникации

Државниот завод за ревизија во спроведувањето на ревизиите, континуирано ги следи постапките за спроведување на јавните набавки кај субјектите предмет на ревизија и укажува на констатираните пропусти и слабости во фазите на планирање, реализација и извршување на постапките за јавни набавки.

Во 2021 година, Државниот завод за ревизија ја продолжи својата соработка со Центарот за граѓански комуникации, во делот на јавните набавки во рамки на проектот „Кон отчетни јавни претпријатија" кој се фокусираше на градење на капацитети за борба против корупција во јавните претпријатија основани од Владата на РСМ, Градот Скопје и општините Гостивар, Кавадарци и Струга.

Во таа насока беше организирана еднодневна работилница на ревизорите во просториите на ДЗР на која се презентираа податоците од спроведеното истражување „Мапирање на ризиците од корупција во јавните набавки на претпријатијата во сопственост на владата и на општините". Во исто време вработени од ДЗР, учествуваа на работилницата на тема "Ризици од корупција во јавните набавки во јавните претпријатија и трговските друштва во сопственост на државата и ЕЛС", со своја презентација на тема "Подобрување на процесот на реализација на договорите за јавни набавки и клучните слабости во целиот процес на јавни набавки низ призма на Државниот завод за ревизија".

На завршната конференција на тема „Потребата и предизвиците во јакнењето на интегритетот во јавните набавки" организирана од Центарот за граѓански комуникации, главниот државен ревизор учествуваше на панел дискусијата ја истакна слабоста во процесот на доделувањето на договорите за јавни набавки, имено единиците на локална самоуправа ретко ја користат можноста за доделување на групни јавни набавки. Таквото постапување може да придонесе за поголеми ефекти преку обезбедување на професионалци кои можат да подготват соодветна стручна тендерска документација и евалуација на понудите, што пак ќе придонесе за рационализација на трошоците и на човечките ресурси инволвирани за доделување на одредени јавни набавки.

### Транспаренси интернешл

Во периодот од мај до јуни 2021 година, во организација на Транспаренси Интернешнл Македонија, се одржаа четири онлајн обуки, кои имаа за цел да ја зајакнат соработката помеѓу институциите надлежни за борба против корупцијата и во насока на подобрување на меѓусебната соработка и постапување на надлежните институции. Вработени од Државниот завод за ревизија го пренесоа своето знаење и искуство на учесниците на овие обуките од областа на државната ревизија, структура на ревизорски извештаи и методологија на државната ревизија, добри практики за анализа на ревизорски извештаи и улогата на доброто управување во борбата против корупцијата и ревизија на политичките партии.

### Општа јавност (граѓаните)

ДЗР претставува независна институција која на граѓаните им овозможува да следат како се трошат јавните пари, преку информирање за работата на јавните институции и за мерките кои треба да се преземат за да се обезбеди добро и транспарентно управување со јавните средства. Во таа насока согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, во текот на 2021 година добиени се 12 барања за информации од јавен карактер и истите позитивно се одговорени. Во исто време ДЗР согласно Националниот акциски план за Отворено Владино Партнерство и заложбата „Проактивно објавување на информациите од јавен карактер на веб страниците на институциите", ги објави на својата веб страна сите документи кои се предмет од интерес на општата јавност.

## 2.3. СОРАБОТКА СО НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ ЗА РЕВИЗИИТЕ И ЕФЕКТИТЕ ОД ИСТИТЕ

Заради остварување на основната цел на ревизијата - водење грижа за јавните средства и унапредување на управувањето со истите, навременото откривање на отстапувањата од прифатените стандарди и повредите на принципите на законитост, ефикасност, ефективност и економичност во раководењето со јавните средства, ДЗР упатува јасни и ефективни препораки, со цел да се преземат чекори со кои отстапувањата и повредите во иднина ќе се спречат или отежнат. Корективните мерки за имплементација на препораките му овозможуваат на раководството на субјектот, предмет на ревизија, да ја подобри ефективноста, ефикасноста и економичноста во работењето.

Државниот завод за ревизија и во 2021 година преку јасни, реални, објективни и навремени информации за констатирани неправилности, неусогласености со законските прописи, незаконско постапување со јавните средства и можните случаи на корупција и злоупотреба на службената должност, даде свој придонес во исполнувањето на дел од надлежностите на Собранието на Република Северна Македонија.

ДЗР посветува должно внимание на обработката и анализата на информациите произлезени од Конечните ревизорски извештаи на овластените државни ревизори. Овие податоци на редовна основа ги обработува со софтверска апликација која е интегрирана, автономна и функционална за обработка и анализа на податоците од Конечните ревизорски извештаи. На овој начин се обезбедуваат сигурни, ажурни, навремени и релевантни информации за потребите на ДЗР, надлежните органи и други засегнати страни.

Со редовното доставување на конечните ревизорски извештаи до Собранието и надлежните органи, ДЗР го насочува вниманието кон констатираните слабости во работењето на ревидираните субјекти.

Континуирано ги евидентираме, следиме и анализираме добиените повратни информации од Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, Државната комисија за спречување на корупцијата, МФ - Управата за финансиска полиција, Министерството за внатрешни работи и Заменик на Претседателот на Владата на РСМ задолжен за политики за добро

владеење, за постапувањето по Конечните ревизорски извештаи доставени до нив.

Ефектот од констатираните состојби кои укажуваат на неправилности и незаконитости во работењето на субјектите врз подоброто управување со јавните средства може да се очекува само доколку надлежните институции ги преземат потребните мерки за нивно надминување.

Следењето и информирањето за преземените активности на надлежните институции за надминување на констатираните неправилности и незаконитости во работењето на субјектите е една од стратешките цели на ДЗР.

Активностите на ДЗР поврзани со спречување на корупцијата се одвиваат во согласност со овластувањата и обврските утврдени со Законот за државната ревизија, Законот за јавното обвинителство, Законот за спречување на корупција и судирот на интереси, склучените меморандуми за соработка како и друга релевантна законска регулатива.

Во рамки на реализацијата на Годишната програма за работа на ДЗР за 2021 година доставени се ревизорски извештаи до следниве надлежни институции:

Јавното обвинителство на Република Северна Македонија 9 ревизорски извештаи, за 9 ревидирани субјекти (ревизии);

Државната комисија за спречување на корупцијата доставени се 2 ревизорски извештаи;

Државната комисија за спречување на корупцијата доставени се 7 ревизорски извештаи за 7 политички партии и коалиции, по службена должност согласно измените на Изборниот законик член 85-б (Сл. Весник на РСМ бр.42/2020);

Заменик на Претседателот на Владата на РСМ задолжен за политики за добро владеење доставени се 2 ревизорски извештаи.

Во месец април 2022 година, ДЗР достави барање до надлежните органи за обезбедување на повратни информација за преземените активности по доставените конечни ревизорски извештаи.

До денот на известување обезбедени се повратни информации од Јавното обвинителство на Република Северна Македонија и Министерство за финансии – Управа за финансиска полиција.

Државниот завод за ревизија активно соработува со сите државни органи во насока на спречување и намалување на корупцијата, во рамки на Протоколот за соработка за превенција и репресија на корупцијата и судирот на интереси.

Државниот завод за ревизија учествува во реализацијата на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА) преку активностите предвидени во Поглавје 3.23. Правосудство и фундаментални права, Подрачје – Антикорупциска политика и Поглавје 3.32 Финансиска контрола, Подрачје – Надворешна ревизија, како и во работата на други органи и тела за спречување на корупцијата.

# 3

Административни
**капацитети**

## 3.1. ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Државниот завод за ревизија континуирано вложува во развој на човечките ресурси и обезбедува нивен континуиран развој така што:

---

изврши специјализација на внатрешните организациони единици;

---

ги распоредува вработените на работни места соодветно на нивните стручни квалификации, работно искуство и стекнати вештини;

---

обезбедува континуиран напредок во кариерата преку унапредување;

---

вработува нови кадри во државната ревизија, и

---

обезбедува континуирано стручно и професионално усовршување на знаењата на државните ревизори. (во инфографик)

---

Во соработка со надлежните органи Државниот завод за ревизија континуирано вложува напори за зголемување на бројот на вработени, со што е обезбеден континуиран раст на бројот на вработените согласно актите за внатрешна организација и за систематизација на работни места на ДЗР.

## Човечки ресурси

### Родова структура на вработените во ДЗР




### Раководна структура во ДЗР




### Родова структура на Раководители на ревизорски екипи



## **ОЦЕНКА НА РАБОТАТА** НА ДЗР ОД СТРАНА НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА

Во Извештајот на Европската Комисија за Република Северна Македонија за 2021 година констатирано е дека институционалниот и кадровски капацитет на ДЗР гледан низ призмата на објавените ревизорски извештаи, констатираните состојби кај субјектите на ревизија, применетите методологии, издадените ревизорски мислења согласно меѓународните стандарди на Врховните ревизорски институции – ИНТОСАИ и нивото на квалитет на ревизорската работа се оценети за адекватни и усогласени со стандардите на ИНТОСАИ.

Европската комисија оценува дека по донесувањето на новите акти за организација и систематизација на работните места во 2020 година од страна на главниот државен ревизор, а по спроведена обемна и длабинска функционална анализа на ДЗР и реализираните вработувања, бројот на вработени во ДЗР се зголемил за повеќе од 30% во однос на 2019 година.

Во извештајот, во точка 2.4. од поглавјето Јавни набавки, се наведува дека улогата и капацитетот на ДЗР во вршење ревизии на јавни набавки се подобрени преку спроведувањето на новата програма за ревизија на јавни набавки и посебно е истакната ревизијата на регуларност на итните јавни набавки поврзани со кризата од КОВИД-19, додека во точка 5.32 од поглавјето 32. Финансиска контрола, наведено  е дека независноста на ДЗР сè уште не е загарантирана со Уставот и се истакнува дека соработката помеѓу ДЗР и Собранието на РСМ е подобрена, но истата треба и понатаму да се развива, додека собранискaта контрола врз подготовката и спроведувањето на буџетот треба дополнително да се зајакне.



## 3.2. ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЗНАЕЊАТА И ВЕШТИНИТЕ НА ДРЖАВНИТЕ РЕВИЗОРИ

ДЗР како врховна ревизорска институција во Република Северна Македонија, препознавајќи ја улогата и значењето на професионалните знаења и вештини на вработените презема континуирани активности за вложување во човечките ресурси.

Имено за осознавање и утврдување на потребите за континуирано професионално усовршување на вработените во ДЗР, по пат на спроведена анкета се утврдија приоритетните области за едукација на вработените, врз основа на која се подготви и јавно објави Годишниот план за континуирано професионално усовршување и обуки за 2021 година (ГП за КПУ)[4]. Оваа активност е една од барањата на ИНТОСАИ и ИССАИ.

И покрај продолженото присуство на последиците од пандемијата предизвикана од корона вирусот, планот се реализираше во целост и беа спроведени обуки во следните области:

4 https://dzr.mk/sites/default/files/2021-02/Godisen_plan_KPUO_2021.pdf.

- ревизија – методолошки обуки – основно ниво и напредно ниво;
- практична примена на ревизорските стандарди на ВРИ (ИНТОСАИ);
- превенција на корупција, интегритет и комуникација;
- информатичка технологија;
- МСС и МСФИ;
- даноци и придонеси;
- заштита и обезбедување на пристап на информации од јавен карактер;
- обуки преку тековни/нови проекти на ДЗР;
- обуки кои се организирани во рамки на работилници и семинари; според планирани меѓународни активности на ДЗР за 2021 година, и
- други видови на обуки.

ГП за КПУ за 2021 година содржеше значително зголемен обем на едукативни настани планирани со цел зголемување на знаењата и вештините на вработените, пред се на државните ревизори со нивно учество на семинари, обуки, работилници и други едукативни настани организирани од ДЗР, меѓународни организации, професионални асоцијации, здруженија, меѓународни иницијативи, како и приватни правни субјекти од земјата и странство кои нудат едукација од повеќе области поврзани со државната ревизија.

Врз основа на искуството стекнато во претходната година, а за потребите од стручно усовршување на вработените во Државниот завод за ревизија, во текот на 2021 година организирани се и обезбедено е учество на голем број на обуки и работилници (67) на различни теми, што претставува зголемување во однос на претходниот период.

Државниот завод за ревизија успеа да ја надмине и целта од минимум пет дена годишно професионално континуирано усовршување на државните ревизори од областа на сметководството како исклучително битен сегмент за разбирање на ревизијата, што е препорака на Меѓународната федерација на сметководители – ИФАК. Имено државните ревизори во просек во 2021 година имаа остварено 20 дена континуирано професионално усовршување од областа на финансиско сметководство и ревизија.

Во текот на 2021 година, беа спроведени и посебно дизајнирани обуки за ново вработените државни ревизори, со цел нивно полесно професионално прилагодување во новата работна средина, притоа овозможувајќи им да стекнат искуство за соодветното работното место преку извршување на различни ревизорски задачи, како и преку учество на насочени обуки.

Од мноштвото на едукации и учество на семинари и работилници дизајнирани за вработените во Државниот завод за ревизија, но и за вработените во јавниот сектор, истакнуваме дека во текот на 2021 година, продолжи активната соработка со европските и меѓународни организации на Врховните ревизорски институции и реномирани меѓународни организации и специјализирани меѓународни центри за обука.

Државниот завод за ревизија во континуитет обезбедува електронски пристап до базата на податоци на „Службен весник на Република Северна Македонија", и користи услуги од реномирани друштва за економско-финансиски и правен консалтинг од земјата, од кои континуирано се обезбедуваат ажурирани информации и анализи за новостите и последните случувања во областа на сметководството и ревизијата.

Со вложувањата во знаењата и вештините на вработените, ДЗР обезбедува повеќекратен ефект изразен преку зголемување на квалитетот на извршените работни задачи и во исто време преку давање на соодветни препораки конечните ревизорски извештаи обезбедуваат совет за начинот на постапување на субјектите од јавниот сектор.



ЗАМЕНА НА СЕРВЕРИТЕ И ОПЕРАТИВНИОТ СИСТЕМ, УРЕДИ ЗА ЧУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИ И ОПРЕМА ЗА МРЕЖНО ПОВРЗУВАЊЕ



НАБАВКИ НА ЛАПТОПИ



ЗАДОЛЖИТЕЛНА ЕНКРИПЦИЈА НА ПОДАТОЦИТЕ



НАБАВКА НА СКЕНЕРИ



ОБЕЗБЕДЕНА ОБУКА

## 3.3. ИТ РЕСУРСИ

Државниот завод за ревизија во 2021 година презема чекори во делот на осовременување на ИТ ресурсите. Успешно беше извршена целосна надградба на информацискиот системот и тоа замена на: серверите и оперативниот систем, уреди за чување на податоци и опрема за мрежно поврзување. Дополнително, се реализира и инсталирањето и тестирањето на опремата која ДЗР треба да ја користи на секундарна локација, во случај на сериозен ИТ инцидент на примарната локација (Disaster Recovery Site).

Во делот на грижа за потребите на вработените во Државниот завод за ревизија, реализирани се набавки на лаптопи со што се изврши замена на претходната опрема (компјутери), односно сите овластени/државни ревизори добија нов лаптоп, со последна верзија на оперативен систем. Овој чекор целосно ја олеснува работата на ревизорите, истовремено унифицирајќи ја опремата и алатките кои ги користат во процесот на ревизија. Воведена е и задолжителна енкрипција на податоците, со цел заштита на работните процеси во ревизијата, како и заштита на податоците добиени од субјектите предмет на ревизија.

Користењето на далечински пристап од страна на субјектите, предмет на ревизија, за обезбедување на електронски податоци на барање на ревизијата, се покажа како успешен пилот проект. На овој начин, во услови на пандемија, значително се олесни размената на податоци со субјектите.

Во 2021 година набавени се скенери со помали димензии и мала тежина, кои ревизорите ги користат во процесот на ревизија, во делот на претворање на податоците и доказите од хартиена во електронска форма.

За ново вработените, обезбедена е обука во делот на запознавање со информацискиот систем, соодветно користење на ИТ ресурсите, користење на софтверските алатки, апликации и Системот за управување со ревизорскиот процес кои активно се користат во процесот на ревизијата, како и запознавање со ИТ политиките и процедурите – основа за успешно, правилно и безбедно користење на средствата и податоците.

Праксата за користење на технички средства (платформа) за одржување на видео конференции и состаноци со внатрешни и надворешни страни, продолжи и оваа година. На овој начин, лесно беа реализирани и активностите од твининг проектот, каде поради разни ограничувања поврзани со пандемијата беше невозможно да се оствари физичко присуство на сите засегнати страни.

Развојот на информатичката технологијата и нејзината употреба од субјектите предмет на ревизија придонесе во процесот на ревизија да се користат компјутерски потпомогнати ревизорски техники познати како CAAT's.

CAATs претставуваат компјутерски базирани алатки, со чија помош ревизорот извршува низа автоматизирани тестови за евалуација на информацискиот систем на субјектот или на електронските податоци. CAATs обезбедуваат повисоко ниво на сигурност и обезбедување на достатни и соодветни ревизорски докази. ДЗР во ревизијата го користи IDEA софтверот за анализа на податоците од кои се генерираат финансиските извештаи и во исто време врши избор на примерок за потребите на ревизорскиот процес.

Обезбедено е непречено функционирање на инфраструктурата на информацискиот систем и апликациите, водејќи грижа за начелата и правилата за: достапност на податоците на авторизиран корисник, доверливост, интегритет, безбедно чување на податоците на централна локација, усогласеност со законите, редовно правење на резервна копија (backup), заштита од физички и логички пристап на податоците.

Воедно, доследно се применува Политиката за безбедност на информацискиот систем на Државниот завод за ревизија, со особено внимание кон примена на ИТ безбедносните процедури и ИТ процедурите за имплементација на Системот за управување со процесот на ревизија.

## 3.4. ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РАБОТА НА ДЗР

Согласно Законот за државна ревизија финансиските средства за работа на Државниот завод за ревизија се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија.

Вкупниот планиран буџет за 2021 година за сите три сметки (637, 631 и 785) изнесуваше 116.295 илјади денари, од кои е одобрен план во вкупен износ од 114.068 илјади денари и реализација 111.870 илјади денари.

Од нив 112.623 илјади денари или 96,84% се средства обезбедени од основниот буџет на сметката (637), 2.970 илјади денари или 2,55 % се средства од сметката на основен буџет (631) и 702 илјади денари или 0,6 % се средства од сметката на буџет на донации - 785.

Вкупен планиран буџет

**116.295**

илјади денари

### Сметка 637 –основен буџет

Одобрениот буџет за 2021 година на сметката 637 во вкупен износ од 112.623 илјади денари беше реализиран во вкупен износ од 111.147 илјади денари, односно процентот на реализација на средства изнесува 98,68%.

На сметката 637 на Државниот завод за ревизија, планираните расходи во износ од 94.898 илјади денари или 84,26% се однесуваат на плати, придонеси и надоместоци на вработените, 13.715 илјади денари или 12,17% се однесуваат за стоки и услуги, трансфери и донации се планирани во износ од 300 илјади денари или 0,26% од вкупниот буџет и 3.710 илјади денари или 3,29% беа планирани за капитални расходи.

Од аспект на структурата на реализираните расходи на Државниот завод за ревизија, 93.794 илјади денари или 84,4% се однесуваат на плати и надоместоци на вработените, 13.368 илјади денари или 12% се однесуваат за стоки и услуги и 3.693 илјади денари или 3,3% за капитални расходи и 291 илјади денари за разни трансфери.

Во 2021 година во структурата на реализација на расходите за стоки и услуги најголемо учество имаат комуналните услуги, греење, комуникација и транспорт во износ од 4.000 илјади денари, за патни и дневни расходи реализирани се средства во износ од 1.582 илјади денари, за материјали и ситен инвентар реализирани се 1.141 илјади денари, за поправки и тековно одржување реализирани се 3.016 илјади денари, за договорни услуги реализирани се 2.418 илјади денари, за други тековни расходи 1.211 илјади денари и за разни трансфери реализирани се средства во износ од 291 илјади денари.

Кај капиталните расходи реализирани се средства во износ од 3.693 илјади денари кои се однесуваат за набавка на канцелариска и информатичка опрема, канцелариски мебел и вложувања во нефинансиски средства. За купување на опрема и машини реализирани се средства во износ од 2.162 илјади денари, додека за купување на канцелариски мебел реализирани се средства во износ од 672 илјади денари и за вложувања во нефинансиски средства за набавка на софтвери и лиценци за антивирусна заштита на системите и податоците, како и лиценци за back up реализирани се средства во износ од 857 илјади денари.

Државниот завод за ревизија како општествено одговорна институција, за помош и поддршка на настраданите граѓани во автобуската несреќа во Република Бугарија на автопатот „Струма", по претходно обезбедено Решение за потврдување на јавниот интерес во социо – хуманитарната дејност, донираше парични средства во износ од 100 илјади денари на Црвениот крст на Република Северна Македонија.

## Структура на расходи на сметка 637




### Сметка 631-основен буџет

За 2021 година од сметката на основен буџет 631 реализирани се расходи во вкупен износ од 22 илјади денари. Приходите во 2021 година се во вкупен износ од 2.516 илјади денари, додека непотрошените средства на крајот на годината се во износ од 2.494 илјади денари и истите се пренесени како вишок на приход за наредната година.

### Сметка 785 - буџет на донации

Во 2021 година од сметката 785 реализирани се финансиски средства во износ од 701 илјада денари кои беа добиени како донација од страна на Меѓународната институција на врховни ревизорски институции ИНТОСАИ.

Имено во месец октомври 2020 година Меѓународната институција на врховни ревизорски институции ИНТОСАИ имаше објавено повик за прием на апликации за доделување на грант за континуитет на Врховни ревизорски институции за време на КОВИД -19. Државниот завод за ревизија аплицираше и доби донација во вкупен износ од 11.428 евра односно 701 илјада денари кои беа наменети за набавка на лап топ компјутери за потребите на ревизорите по претходно спроведена постапка за јавна набавка на информатичка и видео опрема во 2021 година.

### Добиени донации во 2021 година – финансирани активности преку донатор

Во текот на 2021 година Државниот завод за ревизија, доби донација во хардверска и софтверска опрема во вкупна вредност од 311 илјади евра односно 19.134 илјади денари врз основа на склучен договор преку проектот ИПА/2020/421-614. Од овој проект добиени се 50 лаптоп компјутери заедно со останата софтверска и хардверска опрема (лиценци, сервери и др.) за потребите на Државниот завод за ревизија. Со овие компјутери беше извршена замена на застарените лаптопи кои поради нивните ограничени перформанси не беа во можност да обезбедат ефикасна и квалитетна поддршка во спроведувањето на ревизии од далечина, со што беше обезбедено подобрување на условите за работење на вработените во извршувањето на ревизорските активности.

Со цел континуирано усовршување и едукација на вработените во Државниот завод за ревизија во областа на "Ревизија на финансиски извештаи на пресметковна основа", од страна на УНДП, а за оваа намена реализирани се расходи вкупен износ од 2.129 илјади денари.

Државниот завод за ревизија доби донација на лиценци – Адобе пакет за графички дизајн во вкупна вредност од 56 илјади денари врз основа на склучен договор со Фондацијата за демократија на Вестминстер, а кои ќе придонесат за подобра визуелизација и унапредување на ревизорските активности на ДЗР.

Финансиските извештаи на Државниот завод за ревизија ги ревидира надворешно друштво за ревизија избрано од Собранието на Република Северна Македонија. Извештајот од извршената ревизија на Државниот завод за ревизија од страна на независен ревизор е интегрален дел на Годишниот извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија.

# 4

Меѓународна **соработка**

ДЗР како и другите ВРИ е активна во меѓународната соработка. Со неа се овозможува зголемување на знаењата и вештините на вработените, размена на искуства и подобрување на ефективноста на ревизорските процеси.

Во 2021 година поради состојбата наметната од пандемијата на КОВИД-19, продолжи трендот на реализација на меѓународните настани далечински, преку видео конференции и во форма на вебинари. Пристапот на одржување на виртуелни меѓународни настани овозможи истите да ги следат поголем број вработени во ДЗР. Во текот на 2021 година ДЗР оствари учества на 50 меѓународни настани (состаноци, работилници, конференции), од кои над 90% беа реализирани преку видео врска. Сите учесници имаа можност да бидат информирани за најдобрите пракси, и да учествуваат во вмрежување како можност за проширување на знаењата и вештините од повеќе области:

- ревизија на животната средина;
- ИТ поддршка и ИТ ревизија;
- унапредување на работата на ВРИ;
- јавниот долг;
- ревизија на општините;
- пандемијата на КОВИД-19 како предизвик и прилика за зголемување на влијанието на ВРИ, итн.

ДЗР е активен учесник во повеќе меѓународни работни, оперативни групи меѓу кои и:

# **EUROSAI** И **INTOSAI** РАБОТНИ ГРУПИ




Придонесот на ДЗР во реализацијата на активностите на работните групи и програми на EUROSAI, во текот на 2021 година се одвиваше континуирано, во согласност со условите наметнати од КОВИД - 19.

Учеството во кооперативни ревизии со други врховни ревизорски институции од ЕУ и пошироко останува и натаму како еден од приоритетите на ДЗР со оглед на фактот дека овој вид на соработка значително придонесува за континуирано зајакнување на ревизорските вештини и унапредување на квалитетот на ревизиите на успешност.

Придобивките од соработката со други ВРИ се повеќекратни, а посебно ги истакнуваме можноста што ја имаат ревизорите професионално да се надградуваат во форма на колегијални (peer-to-peer) активности, флексибилниот пристап и користењето на искуствата на другите учесници и јакнењето на самодовербата во сопствените капацитети за вршење ревизија на успешност од една страна и промовирање на достигнатите резултати од ДЗР од друга страна.

# EUROSAI

Делегација на Државниот завод за ревизија предводена од главниот државен ревизор м-р Максим Ацевски учествуваше на XI Конгрес на Европската организација на врховни ревизорски институции (EUROSAI), одржан во април 2021 година. Поради околностите со глобалната пандемија со КОВИД-19, Конгресот беше одржан онлајн преку интернет платформа. Домаќин на Конгресот беше ВРИ на Чешката Република, која е и актуелен претседавач на EUROSAI, со учество на претставници од ВРИ членки на EUROSAI, како и на меѓународни организации и ВРИ. Целите на XI конгрес на EUROSAI беа да се проценат резултатите од работата на EUROSAI за периодот 2017 - 2020 година и да се обезбеди континуитет во работата на EUROSAI.

Во декември 2021 година објавен е Консолидиран извештај од меѓународната паралелна ревизија „Работна сила 2030 - Дали е вашата земја подготвена " – проект на EUROSAI SG1, а носители на оваа активност се ВРИ на Израел и Финска, и во истата учествуваа 7 ВРИ и Европскиот суд за ревизија. Државниот завод за ревизија зема учество во оваа активност со ревизијата на успешност на тема „Владино планирање - Ефективност на владини мерки за справување со ризиците на пазарот на трудот и начинот на планирање на средствата за надминување на истите". Целта на овој консолидиран извештај е да биде водечки документ и алатка за работа за сите влади во светот за идните предизвици на пазарот на трудот.

## РАБОТНА ГРУПА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА НА EUROSAI (WGEA)

Во рамките на работната група за животна средина на EUROSAI WGEA претставници на ДЗР учествуваа на пролетниот семинар за „Управување со отпад" (Spring Session on Waste management), каде можеа да се разменат искуства за политиките за управување со отпад на централно и локално ниво и нивната имплементација, почитување на хиерархијата при управување со отпадот во различни сектори, начинот на финансирање на активности за заштита на животната средина, улога на ВРИ врз животната средина и климатските промени, видови на отпад и можни начини за нивно управување. Исто така, во рамките на оваа работната група претставници на ДЗР учествуваа и на 19-от Годишен состанок на групата што се одржа во октомври 2021 година насловен како „Зелена транзиција" (Green Transition), каде централна дискусија зазема Европскиот зелен договор.

## ОПЕРАТИВНА ГРУПА НА EUROSAI ЗА РЕВИЗИЈА НА ОПШТИНИТЕ (TFMA)

ДЗР покажа посебна активност во работата на оперативната група на EUROSAI за ревизија на општините (TFMA), особено во делот на реализација на акцискиот план за 2021/22 година.

Во ноември 2021 година во Црна Гора беше одржан петтиот годишен состанок на TFMA групата, кој го следеа 28 ВРИ, а претставниците на ДЗР земаа активно учество со две презентации

- презентација на кооперативната ревизија на тема: "Сопствените приходи на општините во услови на пандемија за обезбедување квалитетни услуги на граѓаните", во која учествуваат 7 Врховни ревизорски институции: ВРИ на Албанија, Црна Гора, Романија, Словачка, Полска, Турција и ДЗР во улога на координатор, за што билатерално е потпишан Меморандум за соработка со сите земји учеснички во ревизијата. Во рамките на оваа активност во јуни 2021 година, ДЗР успешно го организираше првиот онлајн работен состанок за кооперативната ревизија на успешност, а септември 2021 година е означен како почеток на фазата планирање.
- презентација на анализата "Прибирање на податоци за начинот на следење на спроведувањето на препораките во ревизорските извештаи за ЕЛС", изработена во рамките на оваа група, од страна на ДЗР, која всушност претставува анализа на постапките преку кои ВРИ - членки на TFMA го следат спроведувањето на препораките дадени во конечните ревизорски извештаи за извршени ревизии на општините за различни видови на ревизија. Анализата е изработена врз основа на прибрани податоци по прашалник кој беше претходно изготвен од ДЗР и доставен до сите земји членки на TFMA[5]
.



## ОПЕРАТИВНА ГРУПА НА EUROSAI ЗА РЕВИЗИЈА И ЕТИКА (TFA&E)

Во март 2021 година виртуелно се одржа последниот 11-ти состанок на Оперативната група на EUROSAI за ревизија и етика (TFA&E). Главна тема на состанокот беше сумирање на резултатите од активностите на групата и подготовка на финалниот извештај за XI конгрес на EUROSAI. Претставниците на групата беа информирани за Меморандумот за разбирање потпишан помеѓу INTOSAI и ОН, за Прирачникот за јавен интегритет на ОЕЦД во 2020 година и за моделите за зрелост на јавен интегритет на ОЕЦД, кои беа подготвени со директно учество на TFA&E. На 11-тиот состанок на TFA&E беше одлучено да се прекинат активностите на групата.

5 https://www.tfma.eu/page.aspx?id=110;

# INTOSAI

## РАБОТНА ГРУПА НА INTOSAI ЗА РЕВИЗИЈА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА (WGEA)

Во рамките на работната група INTOSAI WGEA во јануари 2021 година се одржа 20-то собрание, на кое претставници од ДЗР присуствуваа на интересни дискусии на врвни експерти за теми поврзани со циркуларна економија. Главни теми на кои се водеа дискусии, меѓу другото се одржливиот транспорт, климатско финансирање, панел дискусија за Целите на одржлив развој (SDGs) и нивното користење за определување на опфатот и критериуми во ревизијата, можноста и нивното заемно влијание, како и други аспекти поврзани со целите. За време на сесијата беа презентирани студии на случај на тема управување со пластичниот отпад и концептот на циркуларна економија од страна на  неколку ВРИ, меѓу кои и ДЗР каде нејзин претставник даде краток осврт на третманот и преработката на пластичниот отпад во државата.

## РАБОТНА ГРУПА НА EUROSAI И INTOSAI ЗА ИТ (ITWG)

Претставници на ДЗР во Работната група на EUROSAI и INTOSAI за ИТ ревизии, земаа активно учество во сите онлајн работилници организирани од страна на оваа група, со што ги зголемија своите вештини и знаења при спроведување на ИТ ревизии.

## РАБОТНА ГРУПА НА INTOSAI ЗА ЈАВЕН ДОЛГ (WGPD)

ДЗР со свои претставници учествуваше на Годишниот состанок на работната група INTOSAI WGPD, кој се одржа виртуелно. Темата на годишниот состанок за 2021 година, беше Ревизија на јавен долг и влијанието на кризата КОВИД-19 врз јавниот долг и неговото управување во кој активно учество со своја презентација земаа вработените во ДЗР.

Во рамките на оваа работна група, ДЗР активно учествува како лидер на тим во реализација во две активности на Стратешкиот план на WGPD, и тоа:

- изготвување на Збир на практични процедури за Авторизација, одобрување и законска рамка во управување со јавен долг и
- изготвување на Истражувачки труд за мапирање на мандатите на ВРИ за ревизија на јавниот долг, институционалните капацитети и поддршката и ресурсите на Регионалната организација.

Работната група INTOSAI WGPD, во соработка со Светска банка, успешно организираше серија настани како дел од „Неделата на ревизори за управување со јавен долг“ во јуни 2021 година, на кој настан активно учествуваше еден вработен во ДЗР како учесник во панел дискусија.

## РАЗВОЈНАТА ИНИЦИЈАТИВА НА INTOSAI (ИДИ)

Претставници на ДЗР учествуваа на меѓународни настани во 2021 година организирани од Развојната иницијатива на INTOSAI (ИДИ), на кои беа презентирани искуствата на врховни ревизорски институции и меѓународни експерти во однос на:

- Воведување на иновации во работењето преку организирање на иновациски лабораторија;
- Обработка на големи количини текстуални податоци и користење машинско учење;
- Подобрување на учењето преку користење на сознанијата од најсовремени научни истражувања во неуронауката;
- Обука за Рамката за проценка на перформансите на ВРИ (SAI PFM), во однос на концептот, фазите на проценка и клучните прашања што треба да се земат предвид при проценката;
- Презентирање на Извештајот од глобалниот преглед на ВРИ за 2020 година.

## МРЕЖА НА ВРИ НА ЗЕМЈИТЕ КАНДИДАТИ И ПОТЕНЦИЈАЛНИ КАНДИДАТИ ЗА ПРИЕМ ВО ЕУ И ЕВРОПСКИОТ СУД НА РЕВИЗОРИ

На редовниот годишен состанок на офицерите за врски на ВРИ кој се одржа во виртуелно во септември 2021 година, централно внимание беше посветено на активностите за реализација на рамковниот план на активности на мрежата за 2021 и понатаму. Во рамките на проектот за паралелна ревизија на успешност се реализирани пет виртуелни работилници. Стручна и финансиски помош за проектот обезбеди ВРИ на Шведска, во координација со Работната група на Контакт комитетот за заеднички ревизии (JWGAA) и со учество на претставници на Европскиот суд на ревизори.

## БИЛАТЕРАЛНА СОРАБОТКА И РЕГИОНАЛНА СОРАБОТКА

Прашањата околу предизвиците со кои се соочуваат ВРИ во новонастаната ситуација поради КОВИД- 19, беа во фокусот и на билатералните средби кои ги одржа делегацијата на ДЗР предводена од Главниот државен ревизор, и тоа:

- во февруари 2021 година во просториите на ДЗР се одржа билатерална средба со ВРИ на Косово;
- во септември 2021 година се одржа билатерална средба со ВРИ на Република Албанија во Тирана, Албанија, и
- во декември 2021 година се одржа билатерална средна со ВРИ на Република Србија во Врање.

Претставници од ДРЗ заедно со главниот државен ревизор учествуваа на студиска посета во Република Словачка. Фокусот на студиската посета беше фискалната децентрализација, при што беа опфатени и прашања за вршењето на контрола и ревизија на единиците на локалната самоуправа. Посетата се спроведе како дел од проектот кој Министерството за финансии на Република Словачка го спроведува со Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП). Овој настан беше искористен за остварување на билатерална средба со претставници на ВРИ на Република Словачка.

Центарот за извонредност во финансии - ЦЕФ и ДЗР го зајакнаа партнерството во развој на капацитетите на државните ревизори. Како резултат на овие активности главниот државен ревизор заедно со 16 државни ревизори од Државниот завод за ревизија учествуваа на обука за меѓународни сметководствени стандарди во јавниот сектор IPSAS, која се одржа во Охрид во октомври 2021 година. За време на обуката државните ревизори имаа можност да се запознаат со поодделни IPSAS стандарди, како и предизвиците и можностите од примената IPSAS од земјите во регионот  Италија, Црна Гора, Албанија и Косово.

# МЕЃУНАРОДЕН ОДБОР НА РЕВИЗОРИ НА НАТО (IBAN)

Со стекнувањето на статусот на Република Северна Македонија како полноправна членка на НАТО во 2020 година, Државниот завод за ревизија со свои претставници е поканет и учествува на состанокот на Меѓународниот одбор на ревизори на НАТО (IBAN). Овој состанок во 2021 година се одржа виртуелно и ДЗР по втор пат со свои претставници учествуваше на овој состанок. На состанокот присуствуваа 29 од вкупно 30-ет национални претставници на Надлежните национални ревизорски тела (CNAB), со цел да разговараат за Годишниот извештај за активности за 2020 година, како и за ревизорски прашања од заеднички интерес.

**Останати меѓународни активности**

На покана на мониторинг делегација на **Конгресот на локални и регионални власти на Советот на Европа (КЛВРЕ)**, предводена од ко-секретарот на Комитетот за мониторинг, во април 2021 година се одржа виртуелен состанок со делегација на ДЗР предводена од страна на главниот државен ревизор. Предмет на интерес на мониторинг мисијата беа преземените мерки за спроведувањето на препораките од 329-тиот Конгрес во делот на локална демократија во нашата земја, како и преземените мерки за имплементација на препораките од извршените ревизии од страна на ДЗР.

На барање на **Меѓународниот монетарен фонд (ММФ)** во нашата држава, во мај 2021 година, се одржа online работен состанок во чиј фокус беа активностите кои ги реализира ДЗР, како и спроведените ревизии за користењето на јавните средства поврзани со набавките на медицинските средства и опрема за заштита на граѓаните од корона вирусот.

Во текот на 2021 година, претставници од ДЗР одржаа бројни состаноци со експерти на **СИГМА-ОЕЦД**, во врска со спроведувањето на годишната оценка на напредокот на јавната администрација во Република Северна Македонија, како и во врска со проценатa на јавни расходи и финансиска отчетност, врз основа на ПЕФА методологијата.

На 29 и 30 јуни 2021 година во Скопје се одржа меѓународна конференција на тема „Поддршка на сметководствените и ревизорски активности и синергии“, во организација на **Овластениот институт за јавни финансии и сметководство (CIPFA) и Центарот за извонредност во финансиите (CEF)**. Конференцијата беше поддржана преку финансирање на проектот за обука за сертифицирање на јавните сметководители во Р.С. Македонија, овозможено од Министерството за надворешни работи на Словенија – Slovenian Aid.

Целта на конференцијата е да се поддржи развојот на капацитетите на официјалните лица задолжени за финансии на регионално и глобално ниво преку учење. На конференцијата учесниците имаа можност да ги слушнат меѓународните искуства во повеќе области и тоа: управување со јавните средства, борба против корупција, лидерство за реформи, како и промовирање на учење и споделување на знаење кај сметководители и ревизори. Вториот ден од конференцијата, свое излагање имаше и главниот државен ревизор, во кое ги запозна учесниците за значајната улога на ДЗР како врховна ревизорска институција во државата, притоа потенцирајќи ја зголемената транспарентност и отчетност на институцијата за работењето и резултатите од ревизијата, кон сите засегнати надворешни страни.




Главниот државен ревизор, заедно со претставници на ДЗР, Министерството за финансии и Министерството за труд и социјална политика од Република Северна Македонија земаа учество на **Регионалниот настан за воведување на родовата перспектива во управувањето со јавните финансии и значењето на интегрираните системи за управување со финансии** во Тирана, Албанија, во септември 2021 година. На настанот беше презентиран напредокот во имплементацијата на родово одговорно буџетирање во Република Северна Македонија и тековните процеси за унапредување на правната и институционална рамка за унапредување на родовата еднаквост. Регионалниот настан беше одлична можност за размена на искуства, добри практики и дијалог за предизвиците со кои се соочуваат земјите од Западен Балкан, но во исто време и одржување на билатерална средба со ВРИ на Република Албанија.

Во рамките на **Твининг проектот "Поддршка на ЕУ за владеење на правото"** компонента 3 која се фокусира на подобрување на превенцијата и борбата против корупцијата покрај повеќето активности е и активноста за спонзорирање на магистерски студии на реномираната меѓународна Академија за антикорупција (IACA) во Лаксембург, Австрија. Проектот поддржува вкупно 12 кандидати – државни службеници вработени во избрани институции во текот на пет години меѓу кои се и двајца вработени од Државниот завод за ревизија. Избраните кандидати ќе се стекнат со меѓународно призната диплома за магистерски студии во областа на антикорупцијата.

Магистерската програма нуди разновидна и иновативна програма за борба против корупцијата. Програмата во себе содржи различни академски дисциплини неопходни за обезбедување сеопфатен увид во спречувањето на корупцијата и системот за усогласеност со регулативата, истовремено нудејќи практично знаење и експертиза. Целта е преку вмрежување и градење на тим, дипломираните студенти да се приклучат на широката алумни мрежа на професионалци од областа на спречувањето на корупцијата.

## 4.1. ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ

### ТВИНИНГ ПРОЕКТ „ПОДОБРУВАЊЕ НА НАДВОРЕШНАТА РЕВИЗИЈА И ПАРЛАМЕНТАРНИОТ НАДЗОР“

Државниот завод за ревизија на Република Северна Македонија во соработка со Државниот завод за ревизија на Република Хрватска (ДЗР на Хрватска) како постар партнер и Националниот завод за ревизија на Република Бугарија (БНАО), како помлад партнер, на 1 февруари 2021 година започна со спроведување на Твининг проект „Подобрување на надворешната ревизија и парламентарниот надзор“. Предвидениот период на имплементација на овој Твининг проект изнесува 21 месец и се очекува да биде реализиран до 31 октомври 2022 година.

Вредноста на Твининг проектот е 1,5 милиони евра и истиот е финансиран од ИПА 2018 фондовите на Европската унија.

Целта на Твининг проектот е да ја подобри ефикасноста и влијанието на надворешната ревизија преку натамошно усогласување на правната рамка и развој на методолошки алатки, како и преку зајакнување на капацитетите на ДЗР за ефикасно извршување на надворешната ревизија. Покрај тоа, проектот има за цел да ја подобри парламентарната контрола над јавните средства и да ја подобри соработката помеѓу Државниот завод за ревизија и Собранието на РСМ.

Активностите на Твининг проектот се организирани и структурирани во четири компоненти и тоа: (во инфографик)

Компонента 1: Засилена правна рамка релевантна за надворешната ревизија;

Компонента 2: Подобрени административни капацитети и процеси на надворешна ревизија;

Компонента 3: Подобрена функција на законодавната контрола на Собранието врз основа на разгледување и дискусија за ревизорските извештаи на ДЗР; и

Компонента 4: Подобрена надворешна и внатрешна комуникација и ИТ и ИТ ревизорски капацитети.

Активностите спроведени во Твининг проектот во период од 12 месеци беа планирани во рамки на четири Тековни работни планови.

Имплементацијата на активности во Твининг проектот продолжува и во 2022 година согласно Тековните работни планови.

## ФОНДАЦИЈА ЗА ДЕМОКРАТИЈА НА ВЕСТМИНСТЕР (WFD) ВО ДРЖАВАТА

Државниот завод за ревизија и Фондацијата за демократија на Вестминстер (WFD) во државата, во соработка со Институтот за истражување на општествениот развој РЕСИС, и во текот на 2021 година ја продолжија успешната приказна и квалитетна соработка во рамки на проектот „Поддршка за имплементација на Стратегијата за комуникација на Државниот завод за ревизија“.

Во изминатата година, беа организирани и успешно реализирани 3 работилници за зајакнување на знаењата и вештините на ревизорите од ДЗР.

Државниот завод за ревизија, Министерството за надворешни работи и развој на британскиот комонвелт и Фондацијата за демократија на Вестминстер во државата, потпишаа Меморандум за разбирање со кој беше формализирана досегашната успешна соработка и активностите кои претстојат во натамошниот период.

Кон крајот на годината, на ден 20.12.2021 година, Државниот завод за ревизија во соработка со Фондацијата за демократија на Вестминстер, организираше и успешно реализираше настан – Работна средба со засегнати заинтересирани страни, кој претставуваше одлична можност за зајакнување на комуникацијата и подобрување на соработката помеѓу претставници од медиумите, граѓанските организации и надлежните институции.

## ТЕЛО НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЖЕНИТЕ - UN WOMEN

Државниот завод за ревизија и Телото на Обединетите нации за родова еднаквост и зајакнување на жените - UN Women во јуни 2021 година потпишаа Меморандум за разбирање и соработка. Овој меморандум се потпиша со цел двете страни да соработуваат во унапредување на спроведувањето на обврските за родова еднаквост во согласност со националните закони и политики како и преземените меѓународни обврски и промовирање на родово одговорното управување со јавните средства и отчетност преку систематско спроведување на родово одговорно буџетирање како алатка за креирање политики.

Во насока на исполнување на зацртаните цели се одржаа серија на работилници на кои присуствуваа 90 вработени од ДЗР, каде учесниците се запознаа со методологијата за Родово одговорно буџетирање и иницијативите за подобрување на секторските програми во поголем број државни институции од родова перспектива, преку процесот на подготовка на Родово буџетски изјави. Државниот завод за ревизија е една од институциите во која постои висок степен на родова балансираност, како во менаџментот на институцијата, така и помеѓу овластените државни ревизори.

## ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ (УНДП)

Државниот завод за ревизија во 2021 година оствари соработка со Програмата за развој на обединетите нации (УНДП), во рамките проектот „Поддршка на реформите во јавните финансии“, финансиран од Министерството за финансии на Република Словачка. Во фокусот на оваа соработка е зајакнување на капацитетите на Државниот завод за ревизија во вршењето на ревизија на финансиски извештаи на пресметковна основа, во насока на успешно спроведување на Програмата за реформи за управување со јавните финансии преку промовирање на транспарентност, отчетност, фискална дисциплина и ефикасност во управувањето и користењето на јавните средства. Во насока на продолжување на меѓусебната соработка Државниот завод за ревизија и УНДП во 2022 година, потпишаа Меморандум за разбирање во кој се дефинираат идните заеднички активности насочени кон изграба на поефикасен и поефективен систем на државна ревизија.

# 5
**ИЗВРШЕНИ**
РЕВИЗИИ

Резултатите од ревизорските активности утврдени со Годишната програма за работа на ДЗР за 2021 година се содржини во подолу наведените графички прикази и тоа:

| | | |
|---|---|---|
| **97** | **7** | **3** |
| Ревизорски извештаи за Ревизија на регуларност | Ревизорски извештаи за Ревизија на успешност | Ревизија на усогласеност како посебен вид на ревизија |
| **2** | **109** | **9** |
| ИТ ревизија | Ревизорски извештаи доставени до Собрание на Република Северна Македонија | Ревизорски извештаи доставени до Јавен обвинител на Република Северна Македонија |
| **9** | **2** | **136** |
| Ревизорски извештаи доставени до Државна комисија за спречување на корупција на Република Северна Македонија | Ревизорски извештаи доставени до Влада на РСМ – Заменик на Претседателот на Владата задолжен за политики за добро владеење | Субјекти опфатени со ревизија |
| **1.170** | **654** | **511.923** |
| Наоди во ревизорските извештаи | Препораки во ревизорските извештаи | Јавни приходи опфатени со ревизијата (во милиони) |
| **236.060** | **135.320** | **3.923** |
| Јавни расходи опфатени со ревизијата (во милиони) | Ревидирана актива/пасива од Билансот на состојба (во милиони) | Вкупни корективни книжења во Билансите на состојба (во милиони) |
| **33** | **97** | |
| Извршени проверки за утврдување на статусот на дадените препораки во конечните ревизорски извештаи (follow up) | Издадени извештаи за спроведените проверки за утврдување на статусот на дадените препораки во конечните ревизорски извештаи (follow up) | |

# Ревизии низ бројки

**109** РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАИ

## РЕВИЗОРСКИ МИСЛЕЊА РЕВИЗИЈА НА РЕГУЛАРНОСТ

**96** мислења за финансиските извештаи

- **31** без резерва
- **26** со резерва
- **31** неповолно мислење
- **8** воздржување од мислење

**92** мислења за усогласеност со закони и прописи

- **23** без резерва
- **35** со резерва
- **32** неповолно мислење
- **2** воздржување од мислење

## ЗАКЛУЧОЦИ РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ/ РЕВИЗИЈА НА УСПЕШНОСТ

**3** заклучоци за ревизија на усогласеност како посебен вид ревизија

**7** заклучоци за ревизија на успешност

**2** заклучоци за ИТ ревизија

## 1.170 НАОДИ ДЕТЕКТИРАНИ СО РЕВИЗИИТЕ

- **942** ревизија на регуларност
- **144** ревизија на успешност
- **71** ревизија на усогласеност
- **13** ИТ ревизија

## 136 СУБЈЕКТИ ОПФАТЕНИ СО РЕВИЗИИТЕ

- **56** ревизија на регуларност
- **63** ревизија на успешност
- **15** ревизија на усогласеност
- **2** ИТ ревизија

## 72 НАОДИ КАЈ ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

ВКУПНА ВРЕДНОСТ НА ДОДЕЛЕНИ ДОГОВОРИ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ
**40.357.958**
во 000 денари

РЕВИДИРАНИ ЈАВНИ НАБАВКИ
**36.497.709**
во 000 денари

## 5.975.562 УТВРДЕНИ НЕПРАВИЛНОСТИ КАЈ ЈАВНИТЕ ЈАБАВКИ

во 000 денари

- слабости во реализација на склучените договори за јавни набавки
- слабости во фаза на скличување на договорите за јавни набавки
- неправилности при подготовка на тендерска документација/техничка спецификација
- тендерската документација која во себе содржи ограничувачки елементи во однос на конкуренцијата
- неправилности во евалуација на понудите
- слабости во фаза на планирање на јавните набавки

## ПРИХОДИ И РАСХОДИ

Со Годишната програма за работа на ДЗР за 2021 година во вкупно ревидираните јавни приходи и јавни расходи кои се графички прикажани подолу, опфатени се и јавни приходи во износ од 15.683 милиони денари и јавни расходи во износ од 17.173 милиони денари, кои се однесуваат на  правни лица во кои државата е доминантен сопственик (АД ЕЛЕМ и АД ГТЦ), јавни претпријатија и други институции.

ВКУПНО **511.923 МИЛИОНИ ДЕНАРИ** ревидирани јавни приходи и **236.060 МИЛИОНИ ДЕНАРИ** ревидирани јавни расходи со Годишна програма за работа на ДЗР за 2021 година




Годишна програма 2021 | Годишна програма 2020 | во 000.000 денари

Со Годишната програма за работа на ДЗР за 2021 година, опфатот на ревидираните расходи на Буџетот на РСМ за 2020 година, изнесува 80%. Во структурата на ревидираните расходи, опфатени се расходи со ревизија на регуларност во износ од 129.478 милиони денари односно 53%, расходи со ревизија на успешност во износ од 61.844 милиони денари односно 26% и расходи со ревизија на усогласеност во износ од 2.416 милиони денари односно 1%.

**Опфат на Буџетите преку ревидирани расходи со ГП на ДЗР за 2021**

| Ревидирани расходи по видови буџети (во милиони денари) | Извршен буџет за 2020 | Ревидирано | Учество во % |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| Расходи на буџетот на РСМ за 2020 година (Завршна сметка на Буџетот на РСМ за 2020 Сл. Весник на РСМ 71/2022 од 22.03.2022) | 243.241 | 193.738 | 80% |
| Буџети на Единиците на локална самоуправа | 33.048 | 2.829 | 9% |

## ПРЕПОРАКИ И НИВНА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА

Согласно Законот за државна ревизија, законскиот застапник на субјектот е должен да го извести ДЗР и органот надлежен за надзор и контрола, за преземените мерки во врска со наодите и препораките во ревизорските извештаи, во рок од 90 дена од приемот на конечниот извештај. ДЗР го следи спроведувањето на дадените препораки во ревизорските извештаи во рамки на вршењето на редовни ревизии, проверки на спроведување на препораките, како и преку примени информации од субјектите.

### 2021

**654** ДАДЕНИ ПРЕПОРАКИ

**300** ПРЕПОРАКИ ЗА КОИ Е ИЗМИНАТ РОКОТ ОД 90 ДЕНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОВРАТНИ ИНФОРМАЦИИ

**354** ПРЕПОРАКИ ЗА КОИ НЕ Е ИЗМИНАТ РОКОТ ОД 90 ДЕНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОВРАТНИ ИНФОРМАЦИИ

**93** ПРЕПОРАКИ ЗА КОИ Е ИЗМИНАТ РОКОТ ОД 90 ДЕНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОВРАТНИ ИНФОРМАЦИИ НЕ Е УТВРДЕН СТАТУСОТ

**88%** ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕПОРАКИ

**207** ПРЕПОРАКИ СО УТВРДЕН СТАТУС

**182** ПРЕПОРАКИ ЗА КОИ СЕ ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ

**23** не се спроведени

**2** неприменливи

# 2020

**604** ДАДЕНИ ПРЕПОРАКИ

- **604** ПРЕПОРАКИ ЗА КОИ Е ИЗМИНАТ РОКОТ ОД 90 ДЕНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОВРАТНИ ИНФОРМАЦИИ

**81%** ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕПОРАКИ

**542** ПРЕПОРАКИ СО УТВРДЕН СТАТУС

- **62** ПРЕПОРАКИ ЗА КОИ Е ИЗМИНАТ РОКОТ ОД 90 ДЕНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОВРАТНИ ИНФОРМАЦИИ **НЕ Е УТВРДЕН СТАТУСОТ**

**439** ПРЕПОРАКИ ЗА КОИ СЕ ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ

**90** не се спроведени

**13** неприменливи

# 2019

**498** ДАДЕНИ ПРЕПОРАКИ

- **498** ПРЕПОРАКИ ЗА КОИ Е ИЗМИНАТ РОКОТ ОД 90 ДЕНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОВРАТНИ ИНФОРМАЦИИ

**83%** ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕПОРАКИ

**441** ПРЕПОРАКИ СО УТВРДЕН СТАТУС

- **57** ПРЕПОРАКИ ЗА КОИ Е ИЗМИНАТ РОКОТ ОД 90 ДЕНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОВРАТНИ ИНФОРМАЦИИ **НЕ Е УТВРДЕН СТАТУСОТ**

**364** ПРЕПОРАКИ ЗА КОИ СЕ ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ

**73** не се спроведени

**4** неприменливи

## 5.1. ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ НА РЕВИЗИИТЕ

Со Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2021 година се утврдени приоритетните активности во насока на остварување на целите и задачите за работа на Државниот завод за ревизија односно остварување на стратешките цели на институцијата.

Преземените активности за остварување на стратешките цели обезбедуваат соодветен опфат на ревидирани јавни средства, зголемување на знаењата и вештините на вработените, вршење на ревизија на успешност на различни програми и проекти кои се во функција на остварување на отчетноста и доброто управување, испитување на резултатите во однос на економичноста, ефикасноста и ефективноста на активностите на јавниот сектор, информирање на засегнатите страни и јавноста за утврдените состојби во конечните ревизорски извештаи.

Клучните резултати од работењето на Државниот завод за ревизија за 2021 година се согледуваат во:

- поддршка на Собранието на РСМ во исполнувањето на неговите надлежности преку идентификација и презентација на неправилностите, случаите на противзаконско работење и можни случаи на корупција и злоупотреба на функцијата;
- давање на јасни и ефективни препораки на државните и другите институции од јавниот сектор во унапредување на управувањето со јавните средства;
- давање придонес за зголемување на транспарентноста и отчетноста на користењето на јавните средства / средствата на даночните обврзници, а со тоа и подобрување на квалитетот на животот на граѓаните на Република Северна Македонија преку испорака на услуги со почитување на принципите на сигурност во давањето на услугите, континуитет и квалитет на услугата, транспарентност, достапност и универзална услуга, заштита на корисниците и граѓаните;
- утврдување на состојби на даночна евазија, неплаќање на јавни давачки и надоместоци во Буџетот на Република Северна Македонија со што ДЗР обезбедува поврат на вложените средства од Буџетот на РСМ во ДЗР;
- ревизија на доделувањето на договорите за ЈН со посебен акцент на доделувањето на договорите за ЈН во услови на пандемија;
- давање насоки за начинот на планирање на капиталните инвестиции, обезбедувањето на потребните средства и следење на нивната реализација (со посебен осврт на средства обезбедени од меѓународни кредитори), и утврдување на ефектите од наведените инвестиции;
- следење на степенот на задолжување и давање придонес во начинот управување со јавните финансии.

# ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ ОД РЕВИЗИИТЕ

ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ ОД РЕВИЗИИТЕ

**1.743.644**
Неплатени помалку уплатени надоместоци во Буџетот на РСМ

**121.838**
Неплатени помалку уплатени надоместоци во Буџетот на ревидираните општини

**1.323.941**
Користење на средствата спротивно на закон

**5.975.562**
Вкупен износ од утврдени неправилности кај ЈН

**36.497.709**
Опфат на ЈН со ревизиите

**135.320.350**
Вкупна актива / пасива

**3.922.995**
Корективни книжења во Билансите на состојба

во 000 денари

## 5.2. БУЏЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2020 ГОДИНА

### 5.2.1. ОСНОВЕН БУЏЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2020 ГОДИНА

Доброто управување со јавните финансии претставува еден од врвните приоритети на државата со кое се овозможува финансиска стабилност и нивна одржливост. Подготвувањето, донесувањето и реализацијата на Буџетот на РСМ е процес кој има за цел одржување на макроекономската стабилност и стабилен национален економски развој.

Во Законот за буџетите уредени се начинот и роковите за клучните активности од постапката за подготовка и донесување на Буџетот на РСМ. Од март 2020 година, примената на Законот за буџетите е прилагодена на новонастанатата состојба предизвикана од глобалната пандемија на вирусот КОВИД-19.

Со ревизијата е констатирано дека активностите за подготовката на Буџетот на РСМ за 2020 година, во најголем дел се спроведени согласно законската регулатива, но потребно е зајакнување на активностите и комплетирање на буџетските барања од буџетските корисници со стратешките планови, заради усогласување со стратешките цели на Владата на РСМ и унапредување на квалитетот на целокупниот процес на планирање на буџетот на државата.

Како и во претходните години, средствата кои се издвојуваат од Буџетот на РСМ за 2020 година за финансирање на Судската власт не го достигнуваат законски утврдениот процент. Исто така, за средствата наменети за рамномерен регионален развој, не постои јасно разграничување, ниту координација помеѓу надлежните институции, за потврдување на нивната соодветна распределба согласно законски предвидениот процент.

Основниот буџет на РСМ за 2020 година е донесен во износ од 191.003.525 илјади денари и во однос на 2019 година е повисок за 23%.

Здравствено-економската криза имаше влијание врз Буџетот на РСМ за 2020 година, односно со неговите измени и дополнувања, истиот се зголеми на 204 милијарди денари односно за околу 5% во однос на првично планираниот. Значително се зголеми и буџетскиот дефицит на 8,11% од БДП, кој пред пандемијата беше проектиран на 2,35% од БДП.

Структурата на расходите во Основниот буџет на РСМ (сметка 637) со измените и дополнувањата во 2020 година, според функционалната класификација на расходите, е прикажана на следниот графикон:

## СТРУКТУРА НА РАСХОДИТЕ НА ОСНОВНИОТ БУЏЕТ ЗА 2020 ГОДИНА - СМЕТКА 637, СПОРЕД ФУНКЦИОНАЛНА КЛАСИФИКАЦИЈА



При планирање на приходите и расходите се запазува начелото на буџетска рамнотежа, кое подразбира вкупните приходи и приливи да ги покриваат одобрените средства со буџетот. Приливите од задолжување се користат за покривање на буџетскиот дефицит, во насока на одржување на ликвидноста на буџетот. Во 2020 година финансирањето на дефицитот како и отплатите на долгот, се обезбедени преку задолжување од странски и домашни извори.

Вкупните приходи и приливи во 2020 година се остварени во износ од 214.889.324 илјади денари односно за 35% повеќе во однос на 2019 година. Нивното зголемување во најголем дел се должи на зголемување на приливите од задолжување во земјата (91%) и во странство (663%), како и намалената реализација на приходите во однос на 2019 година и тоа на даночните приходи од 8%, на неданочните приходи за 15% и на капиталните приходи за 23%.

Остварените приходи и приливи во 2019 и 2020 година се прикажани во следниот графикон:

## ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ И ПРИЛИВИ ВО **2019 И 2020 ГОДИНА**




Даночните приходи кои се во надлежност на Царинската управа и УЈП и во 2020 година имаат највисоко учество од 49% во вкупните приходи и приливи, но значително помало од 2019 година, кога нивното учество изнесуваше 71%, што се должи на зголеменото задолжување на државата во земјата и во странство.

Во 2020 година даночните приходи се остварени во вкупен износ од 104.377.674 илјади денари, при што најголемо учество од 45% имаат приходите од ДДВ. Под влијание на здравствено-економската криза, во 2020 година кај сите видови даночни приходи е забележан пад во однос на 2019 година, а дел од активностите на УЈП се насочени кон реализација на мерките на Владата на РСМ воведени заради справување со кризата.

Имајќи ги предвид тековните и дополнителните надлежности кои ги извршува УЈП, како и структурата на нејзините вработени, ревизијата во континуитет дава препораки за анализа на потребата од соодветно зајакнување и распоредување на кадровските ресурси на УЈП, како и унапредување на ИТ системите, во насока

на ефикасно извршување на примарните надлежности со администрирање и контрола на даночните приходи и јавните давачки, како приходи на Буџетот на РСМ.

Со ревизијата е констатирано дека наплатениот бруто износ на Данокот на додадена вредност - ДДВ е намален за 7%, во однос на 2019 година. Во насока на утврдување на покриеност на повратот на ДДВ со контроли од страна на УЈП, на избран примерок од 122 даночни обврзници кај кои е извршен поврат на ДДВ во 2020 година, е утврдено дека во период од 2016-2020 година кај 8 даночни обврзници (7%) не е извршена контрола. Имајќи предвид дека најголем дел од даночните приходи се по основ на уплата на ДДВ, како и дека кај 40% од обврзниците кои извршиле поврат на ДДВ се утврдени неправилности, утврдено е дека зголемувањето на бројот на контроли би го намалил ризикот од незаконско постапување на даночните обврзници во однос на целосноста и точноста на пресметката и уплатата на ДДВ, што би влијаело на зголемување на приходите во буџетот, за која цел е препорачано зајакнување на кадровската екипираност со зголемување на бројот на даночни инспектори.

Исто така, утврдена е потреба од доуредување на регулативата за начинот на постапување на УЈП во случај на одземање на надлежност на општините при констатирани недоследности во нивното работење во делот на даноците на имот, кои иако не се директен приход на Буџетот на РСМ, имајќи ја предвид состојбата со финансиската нестабилност и континуираната потреба од финансиска помош на општините од страна на централниот буџет, неопходно е зајакнување на надзорот на истите од страна на УЈП.

Во Основен буџет акцизите, чие администрирање е во надлежност на Царинската управа, се наплатени во вкупен износ од 22.118.581 илјади денари, што е за 11% помалку во однос на 2019 година.

Една од основните надлежности на Царинската управа претставува спроведувањето на царинска и акцизна контрола согласно Годишен план за контрола на трговски друштва. Ревизијата утврди дека на акцизна контрола подлежат вкупно 567 трговски друштва, при што со Годишниот план за 2020 година се опфатени само 5% од трговските друштва за акцизна контрола. Значајна причина, која влијае врз функционирањето на одделението за контрола на трговски друштва и врз бројот на извршени контроли, е недоволната кадровска екипираност на истото.

Воспоставените информациски системи на Царинската управа придонесуваат за ефикасно спроведување на контролите околу наплатени и вратени царински давачки, акцизи, такси и други давачки, олеснување на трговијата преку забрзан проток на стока, како и подобрување на безбедноста на синџирот на снабдување, согласно стандардите на ЕУ и Светската царинска организација. Нискиот процент на пополнетост на предвидените работни места во Секторот за информатички комуникациски технологии од 37% може да влијае на ефикасноста на реализацијата на надлежностите, имајќи го предвид како обемот на работа така и поддршката на голем број на апликации кои се во примена во Царинската управа.

Во 2020 година по основ на задолжување во земјата евидентирани се приливи во вкупен износ од 36.346.854 илјади денари, што е за 91% повеќе од 2019 година како резултат на приливи од издадени државни обврзници и од задолжување со краткорочен заем кај домашни банки. Приливите од домашно задолжување опфаќаат 38% од вкупните приливи по основ за задолжување на државата.

По основ на задолжување во странство во 2020 година остварени се приливи во износ од 58.531.061 илјади денари, кои во однос на 2019 година се зголемени за 663%. Приливите од издадена еврообврзница на РСМ на меѓународниот пазар на капитал се 73%.

Во структурата на извршените расходи и одливи на Основен буџет на РСМ за 2020 година, најголемо учество имаат расходите за отплата на главнина со 20,78%, тековните трансфери до вонбуџетските фондови со 19,49%, расходите за субвенции и трансфери со 15,21% како и расходите за плати, наемнини и надоместоци со 13,89%.

Вкупните расходи и одливи во 2020 година се реализирани во износ од 201.058.216 илјади денари и во однос на претходната година се поголеми за 32%.

Учеството на одделните видови на расходи и други одливи во однос на вкупно извршените расходи и одливи во Основен буџет на РСМ за 2020 година е прикажано во следниот графикон:

## СТРУКТУРА НА РАХОДИТЕ И ОДЛИВИТЕ НА ОСНОВНИОТ БУЏЕТ НА РСМ ЗА **2020 ГОДИНА**




Во текот на 2020 година до ФПИОСМ трансферирани се буџетски средства во износ од 31.142.043 илјади денари односно за 10,81% повеќе во однос на 2019 година.

Со ревизијата утврдено е дека дефицитот на ФПИОСМ за исплата на пензии во 2020 година изнесува 17.286.020 илјади денари, што претставува 29% од вкупните извори на средства за исплата на пензии и истиот е зголемен за 3% во однос на 2019 година.

Трендот на процентуалното учество на буџетските средства за покривање на дефицитот на ФПИОСМ за исплата на пензии за период 2011-2020 година, прикажан на графиконот подолу, укажува на континуирана потреба од финансиска поддршка на ФПИОСМ за исплата на пензиите во државата,  со средства од Буџетот на РСМ.

## ПРОЦЕНТУАЛНО УЧЕСТВО НА ТРАНСФЕРИТЕ ОД ОСНОВЕН БУЏЕТ ЗА ПОКРИВАЊЕ НА ТЕКОВНИОТ ДЕФИЦИТОТ НА ФОНДОТ ЗА ПИОСМ **ОД 2011-2020 ГОДИНА**



Од Основен буџет на РСМ во 2020 година, преку надлежните министерства, како тековни трансфери до ЕЛС реализирани се дотации во вкупен износ од 21.373.057 илјади денари, што претставува 11% од вкупните расходи на Основниот буџет на РСМ за 2020 година. Во однос на 2019 година, овие трансфери се зголемени за 11%.

Најголемо учество во трансферите имаат блок дотациите, кои претставуваат 87% од вкупно исплатените средства кон ЕЛС, дотациите од ДДВ учествуваат со 11%, додека учеството на наменските дотации е 2%.

Со ревизијата констатирано е дека Меѓуресорската работна група, задолжена за анализа на состојбите и редефинирање на критериумите за наменски и блок дотации за општините има изготвено Извештај со предлози за надлежните министерства, но до денот на ревизијата предложените препораки се уште не се спроведени.

Во вкупно извршените расходи на Основниот буџет на РСМ за 2020 година, расходите за субвенции и трансфери учествуваат со 15%, односно се реализирани во вкупен износ од 30.574.427 илјади денари, што е за 32% повеќе во однос на 2019 година.

Во периодот 2016–2020 година расходите за субвенции и трансфери бележат значителен раст и во 2020 година во однос на 2016 година се 3 пати поголеми.




Вредносно најзначајни се расходите за разни трансфери во износ од 27.618.662 илјади денари, кои претставуваат 90% од вкупните расходи за субвенции и трансфери, во кои во 2020 година значајно учество од 46% имаат расходите од потпрограмата на Владата на РСМ П1-Мерки за справување со КОВИД-19 кризата.

Во делот на капиталните расходи, 55% се расходи за плаќање по гаранции, од кои 78% се однесуваат за исплата на надворешен долг за „ЈП за државни патишта“ за изградба на автопатот делница Миладиновци-Штип и делница Кичево-Охрид, 20% за „Железници на РСМ Транспорт“ АД Скопје за Проект за набавка на нови влечни средства и 2 % за Проект за реформи во железницата.

Со Законот за буџетите е уредено дека задолжувањето е постапка за создавање на финансиска обврска со склучување на договор за заем, издавање на државни хартии од вредност и обврски по активирани државни гаранции. Во Законот за јавен долг е уредно дека за извршување на Буџетот на РСМ, МФ во име на РСМ, може да се задолжи до максимален износ потребен за финансирање на буџетски дефицит и рефинансирање на обврските од државен долг за тековната и наредните две фискални години, утврдени во Буџетот на РСМ и Фискалната стратегија.

Согласно податоците од МФ, направивме споредба на буџетскиот дефицит, ниво на јавниот долг и стапката на економски раст во период 2010-2020 година, прикажана на следниот графикон:

## ЈАВЕН ДОЛГ, БУЏЕТСКИ ДЕФИЦИТ (% ОД БДП) И ЕКОНОМСКИ РАСТ %




Евидентно, јавниот долг во периодот 2010-2020 година има континуиран тренд на зголемување како процент од БДП, тренд кој се забележува и кај дефицитот, кој поради функционирање на економијата во пандемски услови во 2020 година е најголем и изнесува 8,11% од БДП.

Со анализа на портфолиото на јавниот долг преку намената на задолжувањето, утврдено е дека од вкупниот износ на јавниот долг од 6.483 милиони евра, 75% односно 4.842 милиони евра е создаден за финансирање на буџетскиот дефицит, додека 25% односно 1.641 милиони евра е задолжување за финансирање на проекти и инвестиции.

Министерството за финансии, преку воспоставената алатка - електронски систем за пријавување и евиденција на обврските, на својата веб страна на квартална основа објавува збирни извештаи за пријавени обврски од страна на субјектите, за кои треба да врши надзор со цел потврдување дали износот што е пријавен ги одразува реалните обврски на субјектите.

Констатирано е дека до денот на извршување на ревизијата не е извршен надзор од страна на Секторот за финансиска инспекција, иако доставена е Листа на субјекти кои не ги пријавиле обврските, со цел понатамошно постапување. Наведените состојби укажуваат на ризик од целосност на податоците за пријавените обврски на ден 31 декември 2020 година, што може да има влијание при изработката на стратешките документи, потребни за отпочнување на постапката за планирање и донесување на буџетот на Републиката за нареден период.

Во однос на финансиската нестабилност на општините, со ревизијата констатирано е дека во декември 2020 година од вкупно 81 општина, 11 се со блокирана сметка, а до периодот на ревизијата не е доставена ниту една одлука за прогласување на финансиска нестабилност, поради што МФ нема формирано координативно тело за надминување на финансиската нестабилност на општините.

Ваквата состојба овозможува општините да генерираат нови обврски по разни основи, да започнуваат нови капитални проекти, што може да влијае на влошување на нивната ликвидност и на целокупната финансиска состојба во иднина, а со тоа и можност за дополнителна потреба од издвојување на средства од Буџетот на РСМ како финансиска поддршка на истите, што ќе значи дополнително оптоварување на Буџетот на РСМ.

## 5.2.2. УПРАВУВАЊЕ СО ЈАВНИОТ ДОЛГ – ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Ревизијата на успешност на тема „Управување со јавниот долг – задолжување на Република Северна Македонија" го опфати периодот од 2015 до 2020 година и последователно до денот на известување од извршената ревизија, а со цел да се даде одговор на следните прашања: **Дали нивото на јавен долг кое надминува 60 % од БДП во 2020 година и кое се очекува до 2025 да се движи до 65% од БДП е одржливо и дали системот за управување со јавен долг овозможува ефикасно управување со јавниот долг на РСМ преку обезбедување средства за финансирање на Буџетот на државата со најнизок можен трошок, на среден и долг рок и со одржливо ниво на ризик и издавање државни гаранции на начин кој одговара на одржливо ниво на ризик и одржување ефикасен и ликвиден пазар на државни хартии од вредност?**

Субјекти кои се опфатени со ревизијата се МФ и ЈП за државни патишта на РСМ.

Преку анализа на фискалната политика и портфолиото на долгот утврдено е дека 75% од вкупниот јавен долг, односно 88% од државниот долг е со намена за финансирање на буџетскиот дефицитот каде се проектирани повисоки расходи од приходи, а изворите за финансирање се преку задолжување од домашни и странски извори што има големо влијание врз создавањето, цената, одржливоста и управувањето со јавниот долг.




Отсуството на клучни процеси во управувањето со јавните инвестиции влијае на зголемување на цената на проектите, а со тоа и на ефикасно управување со јавниот долг.

Во услови на КОВИД-19 јавниот долг е зголемен за 15% од БДП и постигнат е лимит на јавен долг од 60% од БДП што може да ја доведе во прашање прудентноста/внимателноста и одржливоста на јавниот долг во иднина. Отсуството на посебен закон/подзаконски акт или стратешки документ за водење на јавните финансии во исклучителни околности/кризна/вонредна состојба претставува ризик во управувањето со јавниот долг.

## СОСТОЈБА НА ЈАВЕН И ДРЖАВЕН ДОЛГ КАКО % ОД БДП




Системот за управување со јавен долг со исклучок на одредени недостатоци овозможува ефикасно управување со јавниот долг на РСМ. Дадената можност за задолжување за финансирање на буџетскиот дефицит за тековната и наредните две години придонесува за донесување на одлуки за задолжување кога условите на пазарот се најповолни, но постои ризик од задолжување кое не е одобрено од Собранието на РСМ. Во процес на подготовка на буџетот не е предвидено усвојување на посебен план за задолжување од Собранието на РСМ, а постапката за издавање на еврообврзница, постапката за преговори на условите на заемот и постапката за доделување на on-lending[6] позајмувања на носителите на јавен долг не се целосно уредени преку одредби во законската регулатива, подзаконски акти или интерни процедури. Задолжувањето со билатерален заем за изградба на автопати зависи од условите во Договорот за изградба кој е донесен во Собранието на РСМ како посебен закон, за кое задолжување потребна е рекласификација од гарантиран во државен долг. Недоволните капацитети во Секторот за меѓународни финансиски односи и управување со јавен долг во МФ и неговата институционална поставеност влијаат на ефикасноста со управувањето со јавниот долг.

Извршената ревизија на успешност ќе има за ефект подобрување во делот на правната рамка за управување со јавните финансии со усвојување на фискални правила, донесување на план за задолжување и поефикасно управување со јавниот долг на ЈП за државни патишта. Подобрувањето на буџетскиот процес во постапката на планирање и задолжително анализирање на одржливоста на долгот пред донесување или ребаланс на буџетот со претпазливи проекции на дефицитот на државата. Исто така во делот на јавните инвестиции потребно е преземање на активности за намалување на високиот ризик од избор и реализација на проектите. Во однос на постапките за задолжување, потребна е измена на Законот за јавен долг со цел негово усогласување со предлог Законот за буџетите, предвидување на подзаконски акти за задолжување со државни хартии од вредност на меѓународен пазар, до регулирање на постапка за on lending задолжување, изготвување на Методологија за проценка на проекти пред склучување на договор за заем или издавање на државни гаранции. Исто така дадени се препораки во однос на преземање активности за зголемување на ресурсите за спроведување на ефикасно управување со јавниот долг и намалување на утврдениот висок организациски ризик поради статусот на вработените во сектор на министерството.

## 5.2.3. ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА СУБЈЕКТИТЕ ОД ЈАВНИОТ СЕКТОР, СТЕПЕН НА ИСКОРИСТЕНОСТ НА КРЕДИТИТЕ И ЗАЕМИТЕ И ПЛАТЕНИ И СТВОРЕНИ ТРОШОЦИ

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на успешност на тема ***"Задолжување на субјектите од јавниот сектор, степен на искористеност на кредитите и заемите и платени и створени трошоци"***

Ревизијата го опфаќа период на склучени договори за заем кои се во фаза на повлекување за период од 2010 - 2020 година, иако одредени области, прашања и настани се опфатени последователно до денот на известување од извршената ревизија.

Ревизијата е извршена со цел да биде даден одговор на следното прашање:

**Дали јавните инвестиции кои се финансираат со средства од заеми се реализираат на ефикасен и економичен начин?"**

Опфатот и доказите кои се обезбедени по пат на спроведување на техники и Методологија од страна на ревизијата, даваат основ да го изразиме следниот заклучок:

Со спроведената ревизија на успешност стекнавме разумно уверување дека финансирањето на јавни инвестиции со средства од заеми од официјални кредитори овозможува обезбедување на средства за големи инвестиции по поволни услови, за кои има грејс период и подолг период за сервисирање на долгот. Предностите од финасирањето на проекти за субјекти од јавен сектор со заеми кај официјални кредитори се: комбинирано финасирање на проектите со можност од инвестициски грантови преку ИПА Инструментот и WBIF Инструментот, особено за патна и железничка инфраструктура, како и даночни ослободувања особено поволни за ЈП за државни патишта.

Утврдивме дека системот за управување со јавни инвестиции е уреден со поединечни закони за задолжување и договори за заем и отсуствува посебна правна рамка за реализација на јавните инвестиции.

Во стратешкото планирање на јавните инвестиции отсуствува национална методологија и критериуми за избор на проекти. Во постоечката правната рамка не е дизајниран ефикасен систем за мониторинг и надзор над проектите со процедури, надлежни институции и не се воспоставени индикатори за следење на проектите, поради што за дел од проектите навремено не се преземаат корективни мерки за намалување на ризиците.

Констатирани се недостатоци во техничките решенија во проектната документација што значително влијае на крајните рокови за завршување на работите, како и на вредноста на проектот. Состојбата на некоординирано дејствување на институциите и отсуство на активно управување со процесите влијае на вкупната вредност на проектите и повисоки трошоци по договорите за заеми. Кај проектите од железничка инфраструктура постои неизвесност во искористувањето на добиените грант средства поради бавната динамика на реализација на проектите.

Утврдените состојби со ревизијатаупатуваат на констатација за бавна динамика на реализација на стратешките инфраструктурни проекти, зголемени трошоци за проектите преку повисока цена на чинење на изградбата и зголемени трошоци по заемите, поради што реализацијата на јавните инвестиции кои се финансираат со заеми во целост не се спроведени на ефикасен и економичен начин.

Ефектите од јавните инвестиции за остварување на инвестиционите цели се пролонгираат за идни периоди како резултат на продолжување на роковите за реализација на проектите,

За дел од проектите кои беа предмет на ревизија во приложените графикони ги даваме основните информации и утврдените состојби за истите и тоа како што следува:

**ПРОЕКТ:**

Изградба на автопат Кичево - Охрид



**2013** СКЛУЧЕН ДОГОВОР ЗА ИЗГРАДБА

**411.287.800€**

јануари 2018

ФИНАСИРАЊЕ СО ЗАЕМ

**505.044.967€**

**2018**

**СКЛУЧЕН АНЕКС БР. 1**

пролонгирање на рокот до **30.06.2021**

**СКЛУЧЕН АНЕКС БР. 2**

**205.928.220€**

да се користат за варијации

**СКЛУЧЕН АНЕКС БР. 3**

**186.786.870€**

зголемување на вредноста за дополнителни работи

**2019** НОВА ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**598.074.670€**

ДОПОЛНИТЕЛНО ФИНАНСИРАЊЕ СО ЗАЕМ
179.694.572$

**2022** ТРОШОЦИ ПО ДОГОВОР ЗА ЗАЕМ

**38.634.018$**

Ризик од ПРОДОЛЖУВАЊЕ на рокот



**2020**

**СКЛУЧЕН АНЕКС БР. 4**

нов распоред на трошење на средствата

**СКЛУЧЕН АНЕКС БР. 5**

пролонгирање на рокот до
**31.12.2023**

**ПРОЕКТ:**
Изградба на Регионален
Клинички центар во Штип



## 01

**СКЛУЧЕН ДОГОВОР ЗА ИЗГРАДБА**

Февруари 2016 година
**1.790.884** илјади денари без ДДВ

**29.028.403** евра без ДДВ

вклучени непредвидени и дополнителни работи

Март 2018 година

## 02

**ВАРИЈАЦИИ НА ДОГОВОР ЗА ИЗГРАДБА**

3 одобрени варијации

**2.221.384** илјади денари без ДДВ

## 03

**АНЕКСИ НА ДОГОВОР ЗА ИЗГРАДБА**

Анекс бр. 1

продолжување на рокот
**31.12.2020** година

Анекс бр. 2

зголемување на вредноста на договорот **430.500 илјади денари**

Анекс бр. 3

продолжување на рокот
**30.06.2023** година

## 04

**РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТ**

Последно повлекување на средства од заем е 2017 година
**13.500.000 евра**

Септември 2021 година изведени вкупно **30%** од планираните работи

Ноември 2021 година **банката се откажува** од финансирање на проектот откажани се неповлечените средства
**13.437.458 евра**

## 05

**ИДНИ АКТИВНОСТИ**

Октомври 2021 година поднесена варијација бр. 4 до ВЛАДА на РСМ
**464.527** илјади денари

Ревидираните трошоци на проектот ќе се **зголемат** за **49,97%**



Проектите на ЈП ЖРСМ Инфраструктура се отпочнати во периодот 2012-2014 година, истите се во застој, не се довршени, а од 2018-2019 степенот на реализација во просек е само 1% на месечно ниво и во 2019 и 2020 година. Договорите за Коридор X и VIII се раскинати. Во период на вршење на ревизијата во тек беа евалуации за избор на нови изведувачи за Коридор X и VIII.

## ПРОЕКТ:

Рехабилитација на источниот дел од **железничката пруга** на Коридор VIII – **прва делница**

**ФАЗА 1**

Склучен договор за изведување на градежни работи во **декември 2013 година**

рок на завршување
**14.09.2016**

**39.753.619€**

**Анекс бр. 1**

Се продолжува рокот до
**20.02.2020**
одобрени се оштетни побарувања

**4.134.145€**

**Реализација на договор**

**27.730.000€**

РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОР
**ЈУНИ 2020 ГОДИНА**

Објавен е нов тендер за изведувач во јули 2021 година

**РИЗИК ОД ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РОКОТ**

Вредност на заем: **46.400.000€**

Повлечени средства: **31.900.955€**

**ТРОШОЦИ ПО ДОГОВОР ЗА ЗАЕМ**

**2.766.377€**

- еднократна провизија
- камата од повлечени средства
- камата од неповлечени средства



# ФАЗА 2

## ИЗГРАДБА НА **НОВА И РЕКОНСТРУКЦИЈА** НА ПОСТОЈНА ДЕЛНИЦА **БЕЉАКОВЦЕ – КРИВА ПАЛАНКА** КОРИДОР VIII

**2014**

склучен договор за заем со ЕБОР

**145.000.000€**

**ПЛАТЕНИ ПРОВИЗИИ 6.385.202€**

еднократна провизија 1.450.000€

провизија за неповлечени средства 4.929.000€

камата за повлечени средства 6.202€

**2016**

**неуспешно** спроведена постапка за **избор на Изведувач**

не е добиено **"no objection"** од ЕБОР

**2018**

доделен **грант** од Инструментот **WBIF**

**68.558.824€**

**2020**

**поништена** постапка за избор на изведувач

**Причина**

застој фаза 1 - раскинување на Договорот со изведувач

**2021**

**исполнети услови за ефективност на заемот**

- потпишан договор со консултанти за поддршка на ЕИП
- потпишан договор за надзор

### ЕФЕКТИ ОД ПРОЕКТОТ

- потпишан договор за заем, **платени трошоци** по договор за заем
- **не е избран изведувач**, во фаза на избор
- **фаза 1 е во застој**, услов за започнување на градба на фаза 2
- проектот треба да биде оперативен до 2025 година
- **ризик од губење на грант средства**



За проектите опфатени со оваа ревизија создадени се трошоци во износ од 58 милиони евра кои се однесуваат на еднократна провизија, камата за повлечени средства и провизија за неповлечени средства. Во поединечните закони за задолжување  и закони за гаранција  за дел од проектите предвидени  се даночни ослободувања  кои ја намалуваат цената на чинење на инвестициите.

| 11 РЕВИДИРАНИ ПРОЕКТИ | ЗАЕМ | ПОВЛЕЧЕНИ С-ВА | ТРОШОЦИ |
|---|---|---|---|
| Изградба на автопатска делница Кичево Охрид | 505.044.966$ | 382.598.046 | 38.634.019$ |
| Програма за Национални патишта | 181.000.000€ | 90.774.210€ | 7.091.325€ |
| Кичево Охрид, дополнително финансирање | 179.694.573$ | / | / |
| Изградба на нова и реконструкција на постојната делница Бељаковце – Крива Паланка | 145.000.000€ | 1.450.000€ | 6.384.940€ |
| Надградба и развој на Ранковце – Крива Паланка | 73.000.000€ | 32.347.299€ | 1.655.085€ |
| Изградба на експресен пат Штип – Радовиш | 64.000.000€ | 64.000.000€ | 2.890.219€ |
| Водоснабдување и одводнување отпадни води во општините во РСМ | 50.000.000€ | 40.140.000€ | 3.038.865€ |
| Рехабилитација на железничката пруга на прва делница Куманово Бељаковце | 46.400.000€ | 31.900.955€ | 2.766.377€ |
| изградба и модернизација на Регионален клинички центар - Штип | 26.937.458€ | 13.500.000€ | 320.098€ |
| Ремонт на железничка пруга на Коридор 10 | 17.600.000€ | 16.318.013€ | 1.308.761€ |
| Патна делница Крива Паланка- Деве Баир | 10.000.000€ | 5.100.000€ | 255.129€ |

# ВКУПНО ТРОШОЦИ: 57.998.830€

За надминување на погоре наведените состојби, до надлежните институции дадовме препораки кои се темелат на резултатите од извршената ревизија и се во функција на подобрување и унапредување на  економичноста и ефикасноста на целокупниот процес на управување со јавни инвестиции.

## 5.2.4. ЕФЕКТИВНОСТ НА МЕРКИТЕ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ И СООДВЕТНИ РОДОВИ БУЏЕТСКИ ИНИЦИЈАТИВИ

5 РОДОВА ЕДНАКВОСТ

Целта на воведување на концептот на родова еднаквост на жените и мажите во сите институции е намалување на јазот помеѓу жените и мажите во сите делови на општеството, кој треба да се потпира на најдобрите национални и меѓународни практики, бидејќи родовата еднаквост е еден од клучните аспекти за просперитет на целото општество и обврска за државата која произлегува од Агендата за одржлив развој 2020 – 2030.

Во насока на обезбедување на потребни информации и податоци за тоа дали активностите кои се преземаат од надлежните институции на централно ниво обезбедуваат услови за унапредување на родовата еднаквост. Извршена е ревизија на успешност на тема „Ефективност на мерките на Владата на Република Северна Македонија за родова еднаквост и соодветни родови буџетски иницијативи", за период од 2018 до 2020 година, а дадени се состојби и настани и последователно до денот на известување од извршената ревизија.

Ревизијата на успешност е спроведена со цел да даде оценка за состојбата со родовата еднаквост во државата и институциите во РСМ и да даде придонес во зголемување на ефективноста на процесот на воведување на родовата еднаквост, преку утврдување на одредени слабости/недоречености во законската и подзаконската регулатива, надлежноста, финансирањето, кадровската екипираност, комуникацијата и соработката на институциите надлежни за воспоставување на родова еднаквост во РСМ, следење на степенот на реализација на целите и мерките и активностите кои ги преземаат надлежните институции за подобрување на состојбите во областа предмет на ревизија.




7 Попис на населението, домаќинствата и становите во РСМ во 2021 година има 1.836.713 жители.

Со ревизијата на успешност беа опфатени: Влада на РСМ - Генерален секретаријат на Владата на РСМ; Собрание на РСМ; Министерство за труд и социјална политика; Министерство за одбрана; МФ; Министерство за надворешни работи; МЖСПП; МЕ; МЗШВ и Агенција за млади и спорт, а за состојбата и преземените мерки за унапредување на еднаквото учество на жените и мажите во политичките партии беа доставени прашалници до шест политички партии.

Спроведените ревизорски активности и обезбедените ревизорски докази ни овозможија да го изразиме следниот заклучок:

Мерките и активностите кои ги преземаат надлежните институции не се доволни за да обезбедат ефективно воспоставување на концептот на еднаквите можности на жените и мажите во процесите на креирање и спроведување на политиките, следење на постигнувањето на целите на родово одговорно буџетирање во сите фази од циклусот на креирање политики: откривање и проценка на проблемот, буџетирање, спроведување, следење и евалуација и остварување на целите на Агендата за одржлив развој 2020 – 2030.

Од надлежните институции во РСМ на национално ниво не се целосно спроведени мерките и активностите кои се планирани и поставени со донесената тековна Стратегија за родова еднаквост, Националните планови за акција и Оперативните планови и поради отсуство на мерливи индикатори не може целосно да се следи напредокот на остварените резултати и исполнетоста на специфичните цели.

Не е донесена Националната стратегија за родова еднаквост 2021 – 2026 година од страна на Собранието на РСМ.

Утврдивме недоволна координација и комуникација помеѓу надлежните институции, недостиг на финансиски средства за спроведување и имплементација на процесот на родова еднаквост и родово одговорно буџетирање.

На институционално ниво потребно е преземање на активности за подигнување на свеста за значењето на родовата еднаквост на раководните лица во институциите, подобрување на кадровската екипираност за спроведување на процесот на родова еднаквост, како и континуирано стручно усовршување на вработените во институциите за родова еднаквост.

Не се прецизно утврдени активностите, начинот на кој треба да се спроведат и не се создадени целосни услови за спроведување на процесот на родово одговорно буџетирање во сите фази кој опфаќа проценка на проблемот, буџетирање, спроведување, следење и евалуација од страна на надлежните институции во државата.

Во Законот за буџетите не е уреден концептот на родово одговорно буџетирање и не се усогласени останатите закони во делот на родовата еднаквост што придонесува за ненавремено и целосно исполнување на родовите цели.

Во програмите предвидени со родово буџетските изјави не се поставени соодветни мерливи индикатори и не е извршено сублимирање на постигнатите резултати и прогресот со цел донесување на одлуки за понатамошниот тек на програмите. Констатиравме отсуство на систематизирани работните места координатор за родова еднаквост во министерствата и поголемите органи на државна управа со што не се обезбедува континуитет во спроведување на процесот на родовата еднаквост и родово одговорно буџетирање.

Постои потреба од зајакнување на улогата на комисијата за еднакви можности на жените и мажите, вршење на проценка на влијание на регулативата врз жените и мажите и спроведувањето на пост законодавен надзор.

**Родова** структура на **раководни административни службеници** по инситуции




**Родова** структура на **вработени административни службеници** по инситуции




Наведеното има влијание врз ефективноста на спроведувањето на процесот на родова еднаквост и врз бавната динамика во имплементацијата на родово одговорно буџетирање од органите на државната управа на централно ниво, кој има за цел да осигура дека предвидените и алоцирани средства еднакво ги земаат предвид и одговараат на потребите, интересите, приоритетите и на жените и на мажите.

Со реализацијата на потребните активности во областа која е предмет на ревизија ќе се придонесе за подобрување на родовата еднаквост во РСМ, а со тоа и на целокупниот процес на родова еднаквост во РСМ.

Активностите на ревизијата на успешност имаат за цел да помогнат во иднина надлежните институции да се фокусираат на исполнување на поставените постулати за подобрување на состојбите со родовата еднаквост во РСМ.

## 5.3. СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Собранието на РСМ е претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт на Републиката, кое го сочинуваат 120 пратеници избрани на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи на Собранието на РСМ заедно со ревизија на усогласеност за 2020 година.

Согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, недвижните ствари во државна сопственост, Владата на РСМ со одлука може времено или трајно да ги даде на користење, со или без надоместок на државни органи, на правни лица основани од државата, општините, општините во градот Скопје, градот Скопје, здруженија на граѓани и фондации.

Констатирано е потреба од интензивирање на активностите и соработката со Владата на РСМ за обезбедување на имотен лист со утврдено право на користење на земјиштето и објектот во кој е сместено Собранието и ги извршува своите надлежности.

Во ревизорскиот извештај, обелоденета е потребата Собранието на РСМ во соработка со ЕЛС да обезбеди соодветни услови за остварување контакти на пратеникот со граѓаните во неговата изборна единица, согласно предвидениот број на канцеларии за контакт со граѓаните.

Правата и надлежностите на пратениците се утврдени во Законот за пратениците и во Деловникот на Собранието на Република Македонија. Пратеникот е должен да присуствува на седниците на Собранието и на работното тело чиј член е, како и да учествува во нивната работа и одлучување, а во случај на спреченост должен е за тоа навреме да го извести претседателот на Собранието односно претседателот на работното тело и да ги наведе причините за отсуството. Констатирано е дека во Деловникот уреден е начинот на евидентирање на присуство на пратениците, начинот на информирање за отсуствата, како и активностите и мерките што се преземаат во случај на отсуство за кое не е известен претседателот на Собранието, но не се дефинирани случаите во кои отсуството се смета за оправдано односно неоправдано.

Присутноста на пратениците од првиот и вториот парламентарен состав на седниците на Собранието одржани во 2020 година, согласно доставената евиденција за присуството, е прикажана на следниот графикон:

### Присуство на пратеници од прв и втор парламентарен состав, на седници на Собранието одржани во 2020 година



## 5.4. УПРАВУВАЊЕ СО ИМОТ

### 5.4.1. ПОПИС НА СРЕДСТВАТА, ПОБАРУВАЊАТА И ОБВРСКИТЕ НА СЛУЖБАТА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ НА ВЛАДАТА НА РСМ

Извршена е ревизијата на усогласеност на тема „Попис на средствата, побарувањата и обврските на Службата за општи и заеднички работи на Владата на РСМ".

Со извршената ревизија констатирани се повеќе состојби меѓу кои и:

- пописот на средствата, побарувањата и обврските во СОЗР е нецелосен и во одредени сегменти не е постапено согласно законската регулатива;
- дел од пописните листи се некомплетно потпишани;
- поради не воспоставена внатрешна евиденција на недвижни ствари и невоспоставена организациона единица која ќе биде задолжена за евиденција на недвижните ствари кои ги користи СОЗР, истите не можат да бидат внесени во сметководствената евиденција;
- не е извршено утврдување на фактичката состојба со пописот и усогласеност на  податоците во деловните книги / сметководствената евиденција со фактичката состојба на побарувањата, обврските и вонбилансната евиденција;
- не се утврдени причините за утврдените разлики со пописот, и
- извештаите на пописните комисии не реално ја прикажуваат состојбата на средствата и обврските во СОЗР иако извештајот од попис на ЦПК е усвоен од страна на одговорното лице.

### 5.4.2. ГРАДСКИ ТРГОВСКИ ЦЕНТАР АД СКОПЈЕ

Објектот на Градски трговски центар (ГТЦ) Скопје е лоциран на најатрактивно централно градско подрачје и претставува значаен трговско административен комплекс, со особено поволни локациски услови. Започнат е со работа во 70-тите години од минатиот век, како резултат на новата урбанистичка поставеност на Градот Скопје во обид за вклопување на економските и општествените вредности со архитектонските вредности и естетика.

ГТЦ е трансформиран во акционерско друштво во 1996 година, а основан е од Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија.

Состојбата и движењето на акционерскиот капитал во 2019 и 2020 година е претставена на следната табела:

| Движење на анкционерскиот капитал 2019/2020 година во ГТЦ АД Скопје | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Акционери | Број на акции | | Број на акционери | Продадени | Купени | % на учество |
| | 2020 | 2019 | | | 2020 | 2020 |
| АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост | 1.801.589 | 1.801.589 | 1 | | | 97,58 |
| ГТЦ АД Скопје | 19.470 | 19.470 | 1 | | | 1,05 |
| Вработени во ГТЦ АД Скопје | 10.558 | 10.764 | 79 | 206 | | 0,57 |
| Физички лица | 9.086 | 8.880 | 51 | | 206 | 0,49 |
| Правни лица | 5.544 | 5.544 | 43 | | | 0,3 |
| ГТЦ АД Скопје - неидентификуван акционер | 78 | 78 | 1 | | | 0 |
| **Вкупно** | **1.846.325** | **1.846.325** | **176** | **0** | **206** | **100** |

Објектот на ГТЦ со состојба на 31.12.2020 година е со вкупна површина од 119.553,78 $м^2$ и е од мешовита сопственост. ГТЦ е сопственик на 70,20% од вкупната површина, а 29,80% е продаден деловен простор.

Комплексот брои 588 деловни единици во кои се стопанисува, со вкупна корисна површина од 46.418,95 м2 од кои:

- 59 деловни единици со површина од 5.402,38 $м^2$ се издадени под закуп,
- 56 деловни единици со површина од 5.394,04 $м^2$ се слободен деловен простор и
- 473 деловни единици со вкупна површина од 35.622,53 $м^2$ се продадени.

## Површина во $м^2$ на комплексот на АД ГТЦ со состојба на 31.12.2020 година




Најголем дел од преостанатата сопствена површина на ГТЦ од 55.110 $м^2$ или 66% припаѓа на комуникациски простор (кеј, тераси и пасарели) за кој дел се прават трошоци за тековно и инвестициско одржување и хигиена, додека 26.877 $м^2$ или 32% претставува деловен простор од подрум до трети кат и 1.944 $м^2$ или 2% отпаѓа на деловен простор во петте станбените кули (1 до 5). Поголем дел од атрактивниот деловен простор кој може да се издава и да се остварува приход е продаден.

Капитални проекти за кој се започнати проектни активности во 2020 година се: **„Адаптација на лантерни на кров на петта фасада“**, **„Санација на кровен покривач на петта фасада“** и во соработка со ЕСМ АД **„Изградба на фотоволтаици на кровот на Градскиот трговски центар.“**

ГТЦ АД Скопје на сопствениците и закупците на деловниот простор месечно им врши фактурирање на комуналните трошоци (електрична енергија, топлотна енергија и ладење, потрошена вода и ѓубретарина) а само на сопствениците на деловниот простор фактурира и за тековно и инвестиционо одржување на заедничките делови и функции што му служат на објектот на ГТЦ.

Овие приходи во 2020 година се остварени во износ од 151.032 илјади денари, при што најголем дел или 50% се однесува на приходите остварени од фактурирање на трошоците за тековното и инвестициско одржување.

## Приходи остварени од префактурирање на комунални услуги во 2020 година



Со извршената ревизија констатирани се повеќе состојби меѓу кои:

- документи за долгорочно стратешко планирање со цел утврдување на  долгорочните стратешки цели за развој не се донесени;
- не е воспоставен механизам на контрола при издавањето на излезните фактури што влијае на нивната  комплетност и точност;
- внатрешна ревизија која треба да придонесе за подобрување на работењето и зголемување на ефективноста на системот на внатрешна контрола на ГТЦ не е воспоставена;
- воспоставениот начин на изготвување на фактурите за тековно и инвестициско одржување не е во целост согласно донесената Одлука за начинот на фактурирање, што влијае на точноста и транспарентноста на остварувањето на приходите по тој основ;
- фактурирањето на расходите за: тековно одржување, електрична и топлотна енергија не е во целост согласно донесената одлука и методологија и истите не се променети подолг временски период иако законската регулатива во овој дел е променета;
- утврдени се недоследности во начинот на спроведување на пописот на средствата и изворите на средствата;
- нереално искажани залихи стоки и материјали поради нивната технолошка застареност;
- не е извршено запишување на правото на сопственост на земјиштето и на дел од деловниот простор на објектот на ГТЦ што може да влијае на правната сигурност на сопственоста;
- вредноста на деловниот објект не е реално и објективно искажана во финансиските извештаи, за делот кој припаѓа на ГТЦ;
- со основањето на ГТЦ, преземани се активности за негова приватизација и извршени се продажби на значаен дел од атрактивниот деловен простор или преку продажба на акции или со лицитација, се до месец февруари 2007 година кога од страна на тогашниот одбор на директори донесена е Одлука за запирање на продажбата на деловниот простор. Продажбата на деловниот простор, особено со акции, предизвикала неурамнотеженост помеѓу бројот на акциите во Централниот депозитар за хартии од вредност и сопственоста на деловниот простор, имајќи предвид дека 29,80% од деловниот простор на објектот на ГТЦ е продаден;
- неусогласеност меѓу вредноста на основната главнина евидентирана во трговските книги и запишаниот основачки влог во Централниот регистар на РСМ и во Статутот на ГТЦ и
- недоследности при спроведувањето на јавните набавки.

## 5.5. ЕФЕКТИ ОД ПАНДЕМИЈАТА КОВИД-19

За олеснување на последиците од социо-економската криза предизвикана од вирусот КОВИД-19, Владата на РСМ во 2020 и 2021 година донесе шест пакети на економски мерки, со кои беа опфатени и поддржани деловните субјекти од приватниот и јавниот сектор, како и граѓаните, за заштита на ликвидноста на стопанството, заштита на работните места, водење грижа за ранливите категории на население, со цел да се обезбеди одржливост на домашната економија и креирање амбиент за полесно надминување на економските последици од вирусот КОВИД-19.

Согласно Годишната програма на ДЗР за 2021 година извршени се три ревизии на успешност, со цел да се даде оценка на ефикасноста на економските мерки донесени од страна на Владата на РСМ за справување со кризата од КОВИД-19, преку утврдување на состојбите и проблемите со кои се соочуваат инволвираните институции како и да дадеме препораки за создавање на ефикасен систем на планирање, реализација, известување и мониторинг во услови на вонредна или кризна состојба, заради непречено справување со последиците врз економијата на државно ниво.

Опфатени се планираните средства за помош за справување со последиците од пандемијата за 2020 и 2021 година кои предизвикуваат расходи односно имаат **директни фискални импликации врз Буџетот на РСМ**, во вкупен износ од 35.409.940 илјади денари односно околу **576 милиони евра**, од кои за мерките за финансиска поддршка за субвенционирање на придонеси и исплата на плати во однос на пресметаната обврска износ од 988.307 илјади денари се помалку вратени во Буџетот на РСМ, како и за исплата на плати и еднократна финансиска поддршка на физички и правни лица од одделни дејности за кои нема податок за враќање во износ од 448.698 илјади денари предизвикуваат намалени буџетски приходи во вкупен износ од 1.437.005 илјади денари односно околу 23 милиони евра, како и економските мерки кои имаат економско влијание, а немаат фискални импликации, кои заклучно со 30.10.2021 година планирани се во вкупен износ од 3.473.250 илјади денари, односно **56,5 милиони евра.**

## 5.5.1. ЕКОНОМСКИ МЕРКИ НА ВЛАДАТА НА РСМ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО КРИЗАТА ПРЕДИЗВИКАНА ОД ВИРУСОТ КОВИД-19

Извршена е ревизија на успешност на тема "Економски мерки на Владата на РСМ за справување со кризата предизвикана од вирусот КОВИД-19" за да се даде одговор на прашањето *„Дали е обезбеден ефикасен систем на планирање, реализација, мониторинг и известување за економските мерки донесени од државата за справување со последиците од КОВИД-19 ".*

Со ревизијата на успешност опфатен е периодот од 18 март 2020 година заклучно со октомври 2021 година, а одредени прашања и настани и до денот на известување од извршената ревизија.

Респектирајќи ги преземените активности на Владата на РСМ за брз одговор и амортизирање на последиците од здравствената и економската криза предизвикана од вирусот КОВИД-19, во однос на обезбедувањето на **нормативни услови за справување со последиците од пандемијата предизвикана од КОВИД-19** констатирано е дека:

- Собранието на РСМ ги нема потврдено петте Одлуки на Претседателот на државата за утврдување на постоење на вонредна состојба на територија на цела држава заради заштита и справување со последиците од ширењето на вирус КОВИД-19, додека Уставниот суд на РСМ донел Решенија за неповедување односно отфрлање на иницијативи за поведување на постапка за оценување на уставноста на дел од Одлуките и
- со прогласување на вонредната состојба и се до нејзиното завршување, Владата на РСМ донесе 250 Уредби со законска сила, од кои 43% се за изменување и дополнување на веќе постоечките Уредби, што се должеше на неизвесната динамика во развојот на пандемијата, но и показател дека носењето на Уредбите е вршено без сеопфатно планирање, анализа и оцена.

### Видови на Уредби со законска сила



**При планирање на економските мерки за справување со кризата и последиците од КОВИД-19,** констатирана е потреба креирањето на политиките и носењето на владините мерки за справување со кризата од КОВИД-19 вирусот да се врши со среднорочното и долгорочното стратешко планирање на државно ниво, со дефинирање на стратешки приоритети и приоритетни цели, активности за нивно остварување и очекувани резултати, што ќе обезбеди следење на резултатите и успешноста од реализацијата на економските мерки и ефектите врз македонската економија односно:

- при планирањето и дизајнот на шесте пакети економски мерки не се направени проценки и анализи за потенцијалното влијание и влијанието што би го имале мерките врз економијата во целост;
- планирањето на економските мерки кои имаат директни фискални импликации врз Буџетот на РСМ, не е рефлектирано со измени и дополни на среднорочното и долгорочното планирање на државно ниво;
- не е донесен долгорочен стратешки документ за справување со здравствената и економската криза предизвикана од пандемијата, со утврдени цели, политики, активности и мерки, со цел да се обезбеди подобра подготвеност и поголема способност за давање поефикасен одговор на кризата во иднина и
- постои отсуство на утврдени цели, активности и индикатори за мерење на ефектите од преземените мерки за создавање на „пат кон економско закрепнување" од КОВИД-19 кризата, што го отежнува следењето на успешноста од нивното спроведување како и отсуство на идни насоки за постапување.

Најголем дел од реализираните средства се за финансиска поддршка за исплата на плата, потоа доделените средства за поддршката во развој и закрепнување на македонското стопанство, средствата за здравствениот и социјалниот сектор односно поодделно се прикажани во графиконот:

## Економски мерки на Владата на РСМ за 2020 и 2021 година категоризирани по сродност



Во однос на **реализирањето, мониторингот и оценката на ефикасноста од економските мерки за справување со пандемијата,** констатирани се состојби кои довеле до намалена транспарентност и отчетност и го отежнале вршењето на проценката на ефикасноста на **реализацијата** на финансиските средства и влијанието на мерките врз економијата на државата, како и состојби кои упатуваат на нецелосно воспоставен систем на **известување и мониторинг** на реализацијата на доделените средства односно состојби кои го отежнуваат следењето на ефектите од економските мерки и нивниот придонес за стабилизирање и ефикасно заздравување на домашната економија и тоа:

- постои отсуство на интегриран систем на евиденција на економските мерки со податоци за планираните средства, нивната намена, бројот на деловни субјекти или граѓани за кои е наменета мерката, изворот на средствата, бројот на поднесени и одобрени барања, расположливоста на мерката, степенот на нивната искористеност и неискористеност, причините за нивната нереализација;
- обемот на планираните средства за бескаматните кредитни линии, изборот на дејности погодени од пандемијата, како и неусогласените критериуми за одобрување во сите кредитни линии креирани од надлежните државни органи, не создаваат подеднакви можности за „заздравување“ од последиците на КОВИД-19 кај деловните субјекти во државата;
- извршена е исплата на средства за финансиска поддршка на субјектите од јавен сектор во износ од 918.328 илјади денари односно 15 милиони евра без утврдени критериуми врз основа на кои е извршен избор на институции и општини на кои им е доделена финансиска поддршка, за износот на одобрените средства, не се утврдени намени за кои треба да се искористат средствата и не се извршени контроли;
- кај економската мерка за нови пазари, конкурентност и ликвидност утврдено е дека заклучно со 31.10.2021 година, 69% од деловните субјекти на кои им е доделена финансиска поддршка немаат доставено Извештај за текот на реализацијата на проектот (инвестициски план), а од страна на Министерството за економија и Генералниот секретаријат не се спроведени контроли и
- и покрај започнатите активности за воведување на родовата перспектива, воспоставувањето на еднаквите можности помеѓу жените и мажите се уште во мала мера придонесуваат за намалување на родовите нееднаквости во економската сфера во КОВИД-19 кризниот период.

До надлежните институции дадени се препораки кои се темелат на резултатите од извршената ревизија и се во функција на подобрување на реализацијата на надлежностите на институциите во државата, со цел да се обезбеди додадена вредност во насока на зајакнување и создавање на ефикасен систем на планирање, реализација, известување и мониторинг, во услови на вонредна или кризна состојба заради непречено справување со последиците од истите врз економијата на државно ниво.

По препораките од Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, од страна на Министерството за економија и Владата на РСМ спроведени се контроли, при што дел од деловните субјекти кои не ги исполниле договорните обврски, ги вратиле средствата од добиената финансиска поддршка во Буџетот на РСМ во износ од 24.825 илјади денари односно 400 илјади евра. За останатите деловни субјекти отпочнати се активности за активирање на мениците и меничните изјави во форма на нотарски акт со извршна клаузула, **со што во Буџетот на РСМ треба да се изврши поврат на средства во вкупен износ од 238.684 илјади денари односно околу 3,8 милиони евра.**

## 5.5.2. ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ И ПОЛИТИКИ ЗА ПОДДРШКА НА ВРАБОТУВАЊЕТО И ПРОФЕСИИТЕ ПОГОДЕНИ ОД ЗДРАВСТВЕНО-ЕКОНОМСКАТА КРИЗА ПРЕДИЗВИКАНА ОД КОВИД-19

Ревизијата на успешност на тема "Преземени мерки и политики за поддршка на вработувањето и професиите погодени од здравствено-економската криза предизвикана од КОВИД-19 " е извршена со цел да се даде одговор на прашањето: „**Дали мерките за финансиска поддршка на вработувањето и професиите погодени од здравствено-економската криза од КОВИД-19 се ефикасно креирани, реализирани, контролирани, мониторирани и дали е обезбедено соодветно известување за ефектите од преземените мерки**?", во насока на зголемување на ефективноста на мерките и политиките за успешно справување со пандемијата од КОВИД-19 и поддршка на работните места.

Пандемијата предизвикана од вирусот КОВИД-19 која се појави во декември 2019 година, предизвика здравствена, економска и социјална криза во светски рамки и создаде значителни предизвици со изразени здравствено, социо-економски последици, со влијание врз пазарот на трудот и пораст на невработеноста.

За справување со последиците од кризата предизвикана од вирусот КОВИД-19, Владата на РСМ во периодот од 19.03.2020 до 20.04.2021 година има донесено шест пакети на економски мерки. Со ревизијата опфатено е планирањето и реализацијата на шесте пакети економски мерки донесени од Владата на РСМ во 2020 и 2021 година во делот на мерките за финансиска поддршка за субвенционирање на придонесите од задолжително социјално осигурување, финансиска поддршка на работодавачите за исплата на плати, финансиска поддршка за физички лица кои вршат самостојна дејност, паричен надоместок за сите лица што останале без работа од 11 март до 30 април 2020 година, како и мерки за поддршка на професиите погодени од здравствено економската криза - поддршка за спортистите, самостојните уметници и културни работници.

Со оваа ревизија на успешност опфатени се 36% од вкупно планираните средства за 2020 и 2021 година преку Владината програма П - Мерки за справување со КОВИД-19 кризата, што претставува 12.637.534 илјади денари (205 милиони евра) од кои се реализирани 11.512.447 илјади денари.

Кризата предизвикана од ширењето на вирусот КОВИД-19 предизвика губење на работните места во РСМ и големи загуби на приходите на работниците што има влијание на намалување на потрошувачката на стоки и услуги. Според податоците обезбедени од Агенција за вработување на РСМ од почетокот на пандемијата до 31.12.2020 година своите работни места ги изгубија вкупно 17.022 работници[8]. Основот на прекин на работниот однос е презентиран во следниот графички приказ:

### Структура на прекини на работен однос




8 Извор на податоци: Агенција за вработување на РСМ.

Истакнувајќи ја значајноста на донесените економски мерки за поддршка на работодавачите, физичките лица самостојни вршители на дејност и професиите, како и нивното влијание врз ублажување на ефектите од пандемијата, констатирани се одредени состојби во областите предмет на ревизија и тоа како што следува:

**Во областа правна рамка и креирање на мерки и политики за поддршка на вработувањето и професиите погодени од здравствено-економската криза утврдени се следните состојби:**

- отсуство на правно уредување на поимот пандемија и нејзино поврзување со прогласување на вонредна состојба и стратешко планирање со јасно дефинирани цели и индикатори за успешност;
- отсуство на пишани анализи и проценки при креирање на мерките за поддршка на вработувањето во процесот на одлучување и
- слабости и недоречености во уредбите со законска сила и донесените закони во делот на дефинирање на услови за доделување на поддршка без приложување на докази, следење на повратот на финансиските средства и нееднаков пристап во случај на направени прекршоци во различен временски период.

**Во областа постапки на доделување и реализација на мерките за финансиската поддршка на вработувањето и професиите погодени од здравствено-економската криза утврдени се следните состојби:**

- со ревизијата на постапките за доделување на поддршка кај мерките[9] утврдено е дека намалувањето на приходите над 30% за месеците за кои барателот аплицира, како услов за доделување на поддршката, не се проверува од страна на УЈП, поради неможноста за системска проверка, што создава ризик да се додели финансиска поддршка на корисници кои не го исполниле предвидениот услов;
- опфатени се 422.851 илјади денари исплатени финансиски средства на субјекти од јавен и приватен сектор како дополнување на четвртиот пакет економски мерки за исплата на плати и еднократна помош за вработените, врз основа на Одлуки на Влада на РСМ за 2020 година. Средствата се доделени без утврдени критериуми за изборот на субјектите корисници, условите за доделување, висината на одобрените финансиски средства и обврска за враќање, што овозможува недоволна транспарентност и можност за субјективизам и не еднаков третман на корисниците;
- во Одлуките за одобрување на средства од Буџетот на РСМ за 2021 година како еднократна финансиска поддршка, врз основа на јавни повици во износ од 448.698 илјади денари не е предвиден начин на известување од страна на правните субјекти за потврдување на состојбата на бројот на вработени, како и начинот на вршење на контрола по искористување на доделените средства, што создава ризик правните субјекти кои не ги исполниле условите да не ги вратат средствата во Буџетот на РСМ;
- постои отсуство на сеопфатен, меѓусебно усогласен и интегриран начин на водење на евиденција на Владата на РСМ за одобрената и реализираната финансиска поддршка по мерки, како и неусогласен пристап за информирање од страна на надлежните институции по однос на реализацијата на мерките што ја намалува транспарентноста и отчетноста во трошењето на средствата и не создава услови за мерење на ефектите од истите.

**Во областа контролни механизми, мониторинг и проценка на постигнатите резултати утврдени се следните состојби:**

- по спроведената реализација на мерките за финансиска поддршка на работодавачите за исплата на плати, УЈП има утврдено дека одреден број на работодавачи - корисници на поддршка немаат исплатено плата на вработените. Бројот на работодавачи кои не исплатиле плата до јануари 2022 година изнесува 135 за вкупно 435 вработени за износ на искористена поддршка од 6.317 илјади денари, што има за ефект ненаменско располагање со доделената финансиска поддршка;
- од вкупно 36.837 работодавачи - корисници на поддршка за периодот април-јуни и октомври-декември 2020 година, со надворешни контроли од УЈП и/или ДИТ се опфатени вкупно 103 корисници со 1404 вработени од кои најголемиот дел се спроведени како заеднички координирани контроли. Учеството на контролите во однос на вкупно доделениот износ

9 субвенционирање на придонесите, финансиска поддршка на работодавачите за исплата на плати, вклучувајќи ја и поддршката на физичките лица кои вршат самостојна дејност.

на финансиска поддршка за горенаведениот период изнесува 0,53%, додека корисниците на поддршка за периодот февруари-март 2021 година за кои се исплатени 1.665.917 илјади денари не се опфатени со надворешна контрола;

- вкупно пресметаната обврска за враќање на средствата од страна на корисниците на мерки за 2020 година изнесува 1.356.062 илјади денари, а поединечно податоците се презентирани во следниот табеларен преглед:

во (000) денари

<table>
<tr><th rowspan="2">Обврска за враќање</th><th colspan="2">Правни лица</th><th colspan="2">Физичко лице кое вработува работници</th><th colspan="2">Физичко лице кое врши самостојна дејност</th><th rowspan="2">Вкупно пресметан износ за враќање</th></tr>
<tr><th>Број</th><th>Пресметан износ за враќање</th><th>Број</th><th>Пресметан износ за враќање</th><th>Број</th><th>Пресметан износ за враќање</th></tr>
<tr><td>Мерка субвенционирање на придонеси</td><td>688</td><td>32.647</td><td>137</td><td>2.779</td><td></td><td></td><td>35.426</td></tr>
<tr><td>Финансиска поддршка за исплата на плати - април, мај и јуни 2020</td><td>6.154</td><td>877.276</td><td rowspan="2">760</td><td rowspan="2">55.207</td><td rowspan="2">1.480</td><td rowspan="2">41.267</td><td rowspan="2">1.236.002</td></tr>
<tr><td>Финансиска поддршка за исплата на плати за октомври, ноември и декември 2020</td><td>3.274</td><td>262.252</td></tr>
<tr><td>Одбиени барања за грант и обврска за враќање на финансиска поддршка</td><td>428</td><td>84.634</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td>84.634</td></tr>
<tr><td>Вкупно по сите мерки</td><td>10.544</td><td>1.256.809</td><td>897</td><td>57.986</td><td>1.480</td><td>41.267</td><td>1.356.062</td></tr>
</table>

Институциите во РСМ немаат воспоставено евиденција по основ на вратена финансиска поддршка по корисници и не располагаат со целосни податоци за бројот на работодавачи кои ја исполниле/не ја исполниле обврската за враќање на финансиската поддршка во утврдените рокови и износ, што има за ефект остварување помали приходи во Буџетот на РСМ;

- според добиените податоци од МФ, утврдено е дека за периодот април-јуни  и октомври-декември 2020 година во Буџетот на РСМ од правните субјекти корисници на финансиска поддршка за исплата на плати и субвенционирање на придонеси вратени се средства во износ од 367.755 илјади денари што претставува 29% од пресметаната обврска за враќање (износ од 1.256.809 илјади денари). За физичките лица, решенијата за враќање (вкупен износ од 99.253 илјади денари) се издавани во декември 2021 година, а податоците по корисници не се презентирани на ревизијата;
- при претворање на финансиската поддршка како неповратен грант  признавани се набавки за вообичаени деловни активности на корисникот кои не се предвидени како услов за неповратна поддршка, што се должи на тоа што со уредбата за финансиска поддршка за исплата на плати не е прецизно уредено кои набавки нема да бидат признаени;
- отсуство на сеопфатни анализи за мерење на ефектите од мерките врз зачувување на поддржаните работни места што создава ризик врз намалување на отчетноста, оценување на успешноста на мерките за финансиска поддршка за исплата на плати и субвенционирање на придонеси, како и врз можноста од преземање на мерки за подобрувања во услови на потреба од креирање на нови мерки за поддршка на вработувањето.

Утврдено е дека и покрај големиот број на поддржани работодавачи за исплата на плати на вработените, трендот на движење на бројот на невработени лица според податоците добиени од АВРСМ почнувајќи од март 2020 година до февруари 2021 година е во постојан пораст, додека заклучно со октомври 2021 година неговиот тренд е променлив,  графички приказ:

**Број на невработени**



Утврдените недостатоци од мерките за финансиска поддршка на вработувањето и професиите погодени од здравствено-економската криза од КОВИД-19 укажуваат дека е потребно подобрување на ефикасноста на надлежните институции во планирањето и спроведувањето на идните мерки за зачувувањето на работните места и намалување на економските последици од пандемијата.

Средствата кои не се вратени во целост во Буџетот на РСМ во однос на пресметаната обврска за мерките за финансиска поддршка за субвенционирање на придонеси и исплата на плати, како и еднократната финансиска поддршка на физички и правни лица од одделни дејности без податок за враќање предизвикуваат намалени буџетски приходи во вкупен износ од 1.437.005 илјади денари односно околу 23 милиони евра.

Имено, утврдивме дека работодавачите и физичките лица корисници на мерките за субвенционирање на придонеси и исплата на плати, кои не ја исполниле обврската за враќање на финансиската поддршка во утврдените рокови и износ во Буџетот на РСМ изнесува 988.307 илјади денари, што има за ефект остварување на помали приходи во Буџетот на РСМ. Непредвидениот начин на потврдување на искористеност на доделените средства од шестиот пакет мерки за 2021 година, на име еднократна финансиска поддршка на физички и правни лица од одделни дејности, предизвикува намалени буџетски приходи во износ од 448.698 илјади денари.

## 5.5.3. ЕФИКАСНОСТ НА ПРЕЗЕМЕНИТЕ МЕРКИ И ПОЛИТИКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЕФЕКТИТЕ ОД ПАНДЕМИЈАТА ВО СЕКТОРОТ ТУРИЗАМ

Извршена е ревизија на успешност на тема „Ефикасност на преземените мерки и политики за намалување на ефектите од пандемијата во секторот туризам" со цел да се даде одговор на прашањето **„Дали преземените мерки и политики од страна на Владата на РСМ и надлежните институции се во функција на развој на туризмот и намалување на ефектите од кризата од пандемијата во секторот туризам?"**

Носители на политиките и активностите за развој на туризмот и намалување на ефектите од кризата од пандемијата во секторот туризам се:

- Владата на РСМ - ја утврдува економската и развојната политика на државата и ги креира економските мерки кои се дизајнирани за справување со кризата од КОВИД-19;
- Секторот за туризам и угостителство при МЕ - презема мерки за спроведување на законите од областа туризам, подготвува и реализира програми за работа и стратегиски документи, предлага системски мерки и спроведување во креирањето на туристичката политика и
- Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот чија примарна функција е промоција на македонските туристички центри и објекти во странство.

Во однос на воспоставената правна рамка која го регулира секторот туризам со ревизијата утврдена е потреба од измени на законската регулатива поради потешкотии во имплементацијата на законските решенија, што води кон отежната реализација на програмите за развој на туризмот.

Со анализата на Националната стратегија за развој на туризмот 2016-2021 и Акцискиот план 2019-2021 утврдивме дека не се следи реализацијата на планираните активности и постои недоволен степен на имплементација на активностите од Акциониот план, што влијае на планирањето, креирањето, донесувањето и имплементацијата на политиките и мерките во областа туризам.

Во делот на реализацијата на програмските активности на надлежните институции во областа на туризмот утврдено е континуирано намалување на средствата за оваа намена за период 2018-2021 година, со исклучок на 2020 година.

Оваа точка се однесува на Годишните програми од Министерството за економија за кои ревизорите утврдиле дека секоја година им се намалуваат финансиските средства. Во 2020 година поради Мерките од Владата нема намалување на финансиските средства за програмските активности за областа предмет на ревизија.

Со ревизијата е утврдена потреба од унапредување на институционалните капацитети, соработка и координација на активностите на централно и локално ниво и формирање на Комитет за туризам како орган од највисок ранг надлежен за туризмот во земјата. Со престанокот со работата на Координативното тело за туризам не постои целосна координација меѓу институциите и носителите на секторот туризам, а поединечното делување го намалило влијанието на секторот при креирањето на интервентни политики за справување со кризата од КОВИД-19, видот на мерките, нивното навремено носење и брза реализација.

Во однос на креирањето на економските мерки за справување со пандемијата утврдено е отсуство на документација за извршена претходна анализа и проценка при креирањето на мерките на која се базира планираниот опфат и потребните средства за секоја економска мерка, условите и критериумите за нивно доделување, како и анализа за влијанието на мерките и утврдување на целта што треба да се постигне на краток, среден и долг рок, што го отежнува следењето на успешноста од нивното спроведување како и отсуство на идни насоки за постапување.

Владата на РСМ нема воспоставено систем за следење на секоја мерка одделно и не е развиена и објавена централна база на податоци во која на дневно или месечно ниво би се објавиле информации за степенот на реализација на секоја поединечна мерка со податоци за планираните средства, бројот на деловни субјекти и граѓани за кои е наменета мерката, изворот на средствата, степенот на нивната искористеност и неискористеност, причините за нереализираност на мерката.

Утврден е низок степен на реализација на мерките во секторот туризам, детално прикажан во следната табела:

000 денари

| Мерки кои предизвикуваат директни буџетски расходи односно директни фискални импликации | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Пакет | Мерка | План на средства за мерката (1) | Искористени средства (2) | Неискористени средства (3) | Корисници (4) | Процент на имплементација (5)=(2)/(1) |
| I | Ваучер за домашен туризам | 704.106 | 386.172 | 317.934 | 64.788 | 55% |
| II | Грант за туристички водичи | 9.800 | 5.070 | 4.730 | 78 | 52% |
| III | Грант за туристички агенции | 116.850 | 79.820 | 37.030 | 276 | 68% |
| IV | Поврат на туристичката такса за 2019 година | 120.000 | 57.824 | 62.176 | 214 | 48% |
| V | Финансиска поддршка за хотели коишто функционираат надвор од туристичките центри, кои не користеле ваучери | 64.600 | / | / | / | / |
| VI | Финансиска поддршка за туристички агенции | 86.100 | 52.300 | 33.800 | 258 | 61% |
| VI | Финансиска поддршка за туристички водичи | збирен податок | 2429 | / | 79 | / |
| VI | Бесплатни 50.000 ПЦР тестови | нема податок | / | / | / | / |

Во однос на контролата над исполнувањето на условите за доделената финансиска поддршка на туристичките агенции од шестиот пакет на мерки констатирано е дека не е утврден начинот на кој ќе се врши контролата за исполнување на условите, не е определена надлежна институција која ќе ја врши контролата и мерки кои ќе се преземат во случај на неисполнување на критериумите и неизвршен поврат на средства.

## 5.6. ЗДРАВСТВО

### 5.6.1. ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија (ФЗОРСМ) за 2020 година, при што констатиравме:

- слабости во интерните и теренските контроли при потврдувањето на објективноста на фактурираните медицински интервенции реализирани од ПЗУ.

Поради здравствената криза во 2020 година бројот на теренски контроли кај здравствените установи е намален за 74% со што се зголемува ризикот од признавање и плаќање на здравствени услуги во вид и обем различен од реално извршениот. Според презентираните информации, во 2020 година извршени се вкупно 83 контроли кај здравствени установи, наспроти 472 во 2019 година.

**Извршени контроли и утврдени неправилности 2019 - 2020 година**



- најмал број контроли се извршени кај здравствените установи од болничка здравствена заштита, чии договорни надоместоци се највисоки, а кај истите се утврдени неправилности во 85% случаи;
- слабости во функционирањето на ИТ системот на ФЗОРСМ пред се во делот на континуиран недостиг на ИТ кадар, отсуство на ИТ стратегии и не ажурирани ИТ политики и процедури за ИТ безбедност, застарена серверска структура и нецелосна функционалност на апликативните модули;
- неправилности и непочитување на роковите во делот на вршењето на контролите и изрекувањето на договорните казни, што влијаело да не се санкционираат здравствените установи кои не постапуваат согласно склучените договори со ФЗОРСМ;
- при исплата на надоместоците за породилно отсуство не се воспоставени контроли поради што се исплатувани надоместоци и кога осигурениците остварувале плата за ефективни часови на работа;
- слабости во постапката за упатување за лекување во странство на осигурените лица односно не е обезбедена соодветна правна заштита на истите и не е воспоставена контрола, односно систем на следење и анализи на успешноста на лекувањето. ФЗОРСМ има евидентирано аванси за лекување во странство дадени на странски здравствени установи во износ од 209.772 илјади денари, за кои нема точни информации за статусот на лекувањата поради необезбедена медицинска и финансиска документација;
- неправилности во спроведувањето и реализацијата на договорите за јавни набавки, како и слабости при ангажирањето на надворешни лица со договор на дело, итн.

Во делот на Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет ревизијата обелоденува за:

- начинот на плаќање на извршените услуги на здравствените установи, укажувајќи дека не е обезбедено вистинско купување на услуги предвидено со Законот за здравствено осигурување. Истовремено во овој дел обрнато е внимание и на состојбите настанати кај ЈЗУ како резултат на здравствената криза предизвикана од пандемијата на КОВИД-19 во 2020 година. Имено, во 2021 година 106 од вкупно 116 ЈЗУ имаат добиено статус на неодржливи поради реализиран значајно помал обем на услуги во однос на договорениот надоместок;
- отсуство на целосни информации за побарувањата по основ на неплатен придонес за здравствено осигурување и крајно неизвесна наплата на побарувањата кои настанале заклучно со 31.12.2008 година.

Во делот Останати прашања известено е за следното:

- во услови на пандемија, поради необезбедување на повеќе термини во ЈЗУ и несклучени договори со ПЗУ за дијагностицирање на КОВИД-19, не се обезбедени доволно здравствени услуги за осигурениците на товар на Фондот. Според објавените податоци од Институтот за јавно здравје, од почетокот на пандемијата на ниво на РСМ извршени се вкупно 1.962.489 тестови во 33 лаборатории ПЗУ и ЈЗУ, од кои 1.337.238 PCR тестови, а остатокот се брзи антигенски тестови. Структурата и трендот на движење на извршените PCR тестови и бројот на лаборатории во ЈЗУ и ПЗУ од почетокот на пандемијата во март 2020 година заклучно со март 2022 година се прикажани на следните инфо-графици:

### Број на PCR тестови




### Број на лаборатории




Бројот на направените тестови и висината на цената на овие услуги во приватните лаборатории во различни периоди укажува на одлив на финансиски средства на граѓаните во приватното здравство. Сметано по најниската наплатена цена, според јавно достапни информации, од 1.400 денари и 819.240 тестови[10] направени во ПЗУ за две години, станува збор за износ не помалку од 18,6 милиони евра, неземајќи ги предвид и брзите антигенски тестови и повисоко наплатените цени кои се движеа и до 5.500 денари по тест;

- постои нерамномерен соодност при вршењето на кардиоваскуларно - хируршки здравствени услуги во 2019 и 2020 година меѓу ЈЗУ и ПЗУ. Имено, ФЗОРСМ има склучено договори со три ЈЗУ и две ПЗУ за што се исплатени 1.254.330 илјади денари од кои 95% од услугите се вршат во ПЗУ, а остатокот во ЈЗУ. Најголем дел од услугите во ЈЗУ се извршени од ЈЗУ УК за државна кардиохирургија која иако располага со квалификуван кадар, ги нема потребните просторни услови, што неповолно влијае на обемот на вршењето на здравствената дејност. Поради тоа неопходно е Министерството за здравство да преземе активности за обезбедување на потребните услови во ЈЗУ, како би се постигнала поголема конкурентност на јавното здравство во областа на вршење на кардиоваскуларно-хируршките здравствени услуги. Обемот на извршени услуги во ЈЗУ е значително помал од договорениот надоместок што им го исплатува ФЗОРСМ, па зголемувањето на обемот на здравствени услуги нема да предизвика дополнително одлевање на значајни финансиски средства кон ЈЗУ, а ќе влијае на намалување на одливот на финансиски средства кон ПЗУ;
- референтните цени на здравствени услуги и Листата на лекови на товар на ФЗОРСМ се неажурирани;
- Националната стратегија за е-здравство не е усвоена, а Електронската здравствена картичка е нефункционална.

10 Објавени податоци од Институт за јавно здравје;

## 5.6.2. АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Агенција за лекови и медицински средства на РСМ (МАЛМЕД) за 2020 година и констатирани се следниве состојби:

- не се воспоставени сите законски предвидени регистри, што влијае на транспарентноста на постапките кои ги води МАЛМЕД како и на информираноста на стручната и пошироката јавност;
- пописот на средствата и обврските не е целосно спроведен;
- ангажирани се лица со договор за дело без јасно и прецизно дефинирање на стручните квалификации и работните задачи и обврски, а исплатите се вршат без да се достави доказ/извештај за извршената работа, ниту доказ за присуство на работно место;
- формирани се 13 повремени комисии и работни групи чии активности не се од повремен карактер, а во кои членуваат и вработени во МАЛМЕД. Нивната работа и ангажман во текот на 2020 година се одвива во континуитет, а се однесува на активности кои се дел од редовните работни задачи на вработените;
- начинот на евиденција, пресметка и наплата на приходите не е уреден, ниту е воспоставена аналитичка евиденција на приходите, поради што нема податоци за висината на наплатените приходи за секој вид на сертификат или одобрение што се издава;
- во постапката за ставање на лек во промет, не се предвидени контролни механизми со кои ќе се обезбеди ажурност во постапувањето на проценители за давање стручна проценка, поради што голем број барања не се решени;
- во постапката за регистрација на медицински средства, не се воспоставени контролни механизми кои ќе обезбедат воедначен и точен третман на уплатените надоместоци поради што се наплатени помалку приходи во износ од 12.861 илјади денари што влијае на комплетноста на приходите и ги доведува во неповолна положба барателите;
- во постапката за класификацијата или регистрацијата на лекови кои се издаваат без рецепт, не е воспоставена воедначена пракса на постапување, односно постојат производи со исто генеричко име и јачина од еден производител регистрирани како лек, а од друг производител регистрирани како граничен производ;
- во дел од спроведените постапки за ЈН констатирана е несоодветна примена на одредбите од Законот за јавните набавки, итн.

Во делот на Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет извршено е обелоденување за:

- недоволно уреден начин на користење и реализирање на вишокот на приходи кој го остварува МАЛМЕД;
- оневозможено е следење на степенот на искористеност на издадените одобренија за увоз во EXIM системот во кои се наведуваат дозволените количини ниту пристап до збирни податоци со што се ограничува вршењето на анализи кои би послужиле за сумирање на резултатите од работата и преземање на активности во насока на унапредување на процесот на издавање на одобренија за увоз на лекови и медицински средства;
- неконтролирано вршење на клинички испитувања, несоодветно постапување, занемарување на јавниот интерес и субјективно одредување на надоместокот за ЈЗУ каде се врши истото;
- во текот на 2021 година донесена е Измена на Законот за лекови и медицински средства со која се овозможи барањата за ставање во промет на вакцините да ги поднесуваат и правни лица кои немаат регистрирано седиште во РСМ со што се овозможи набавка и увоз на вакцините за третирање на КОВИД - 19, но со ова решение не се надминува проблемот доколку се јави потреба од ставање во промет на лекови за третирање на друга зараза која би предизвикала епидемија или пандемија.

## 5.6.3. ЈАВНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ

Со Годишната програма за работа на ДЗР за 2021 година беа опфатени пет јавни здравствени установи од областа на примарната и терциерната здравствена заштита и тоа: Здравствен дом Битола, Центар за јавно здравје Битола, Стоматолошки клинички центар, Универзитетска клиника за државна кардиохирургија и Универзитетски институт за позитронско - емисиона томографија.

Со извршените ревизии на финансиските извештаи и ревизиите на усогласеност утврдени се состојби кои во најголем дел континуирано се повторуваат и е известувано во претходните годишни извештаи за други ЈЗУ а се однесуваат на:

- слабости во внатрешните контроли во делот на пишани процедури за работа, контролните активности при склучување и реализацијата на договорите за јавна набавка и потврдување на вистинитоста и објективноста на финансиската документација, дефинираните надлежности и одговорности на лицата инволвирани во работните процеси;
- неправилности во спроведениот попис на средствата и обврските;
- непренесено право на трајно користење на градежните објекти и земјиште;
- недоследности во начинот на евидентирање на материјалните средства и одржување на опремата;
- неправилности во евидентирањето и следењето на потрошокот на лекови и други медицински материјали;
- ненавремено евидентирање и плаќање на обврските;
- непреземени активности за навремена наплата на побарувањата за извршените здравствени услуги и необезбедена комплетност на приходите за извршени здравствени услуги;
- недоследности во начинот на ангажирање на надворешни лица со договор на дело;
- необезбедено доследно почитување на одредбите на Законот за јавните набавки во постапките за доделување на договорите за јавни набавки и следењето на реализацијата на склучените договори, итн.

Во делот **Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет**, известено е за:

- ненаплатени побарувања на ЈЗУ од МЗ за извршени здравствени услуги по Програми за здравствена заштита од претходни години за кои со програмите за 2020 година не се предвидени средства за исплата на побарувања од претходни години поради што, наплатата на овие побарувања од страна на надлежното министерство во наредниот период е неизвесно.
- начинот на кој се реализира Програмата за превенција на кардиоваскуларни болести е несоодветен и потребно е МЗ да ја преиспита потребата од понатамошно продолжување на Програмата и во наредни години во истиот обем и начин како и претходно.
- просторот во кој што функционира Клиниката за државна кардиохирургија е недоволен и со нерешени имотно правни односи и потребно е преземање на активности од страна на МЗ за надминување на овие состојби.

Во делот **Останати прашања**, ревизијата известува за следното:

- и покрај постоењето законска обврска на МЗ за воспоставување на Национален систем за материјално-финансиско и сметководствено работење и Централен систем за регистрација на работно време за потребите на ЈЗУ, истите не се во функција. Потребно е преземање на активности за преиспитување на овие законски решенија и можностите за имплементација и функционалност на истите;
- потребно е МЗ да преземе активности за спроведување на законски предвидените активности за регулирање на функционирањето на лабораториите и лабораториската дејност заради обезбедување на сигурност и споредливост на резултатите од спроведените лабораториски испитувања во лабораториите во државата.

# 5.7. ЕНЕРГЕТИКА

## 5.7.1. ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА ВОДНИ РЕСУРСИ ПРИ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЗА ПЕРИОД ОД 2012 ДО 2021 ГОДИНА

Извршена е ревизија на усогласеност, со цел да се даде одговор дали надлежните институции обезбедуваат законитост во процесот на планирање и доделување концесии, издавање дозволи за водно право, нивното следење, меѓусебна комуникација и размена на информации, како и целосна и точна наплата на концесиските надоместоци и надоместоците за користење на вода.

Со извршената ревизија на наведената област констатиравме повеќе состојби меѓу кои:

Утврдено е дека стратешките документи се донесени без направена стратегиска оцена на влијанието врз животната средина и не се исполнети утврдените цели за изградба на големи хидроелектрани (ХЕ), а со тоа не се постигнати утврдените задолжителни цели за учество на обновливи извори на енергија во вкупната финална потрошувачка на енергија.

Имено, иако за поголемо искористување на техничкиот хидропотенцијал со стратегиите е предвидена изградба на 7 големи ХЕ, со кои би се постигнало дополнително учество од над 26% во вкупните потреби за електрична енергија, активностите во досегашниот период главно биле насочени кон изградба на МХЕ и покрај тоа што со целосната изградба на истите би се постигнало маргинално учество во вкупните потреби.

Јавните повици за 61% од вкупниот број доделени концесии за МХЕ се објавени во период пред донесувањето на стратешките документи. На истите им е загарантиран откуп на целокупното производство на електрична енергија по законски предвидени повластени тарифи, а учествуваат со 4% во вкупното домашно производство на електрична енергија во 2020 година.



Постапките за доделување концесии за користење на вода за производство на електрична енергија се спроведени без направена оцена на влијанието врз животната средина, а дел и без студија за концесиски проект, врз основа на застарени хидролошки податоци. При тоа не се склучени договори за концесија за 62% односно 70% од вкупно објавените локации од страна на МЕ и МЖСПП поради слабости при планирањето и изборот на локации.

Слабостите при издавањето на дозволите и неефикасната контрола од страна на надлежните институции овозможиле користење на вода без обезбедена дозвола за водно право, а поради невоспоставена водна книга, МЖСПП не располага со комплетни податоци за примените барања и издадените дозволи за водно право и не е обезбедена достапност на истите за инспекциските служби.

Одобрувањето на елаборатите за заштита на животната средина се врши без соодветно утврдување на можното влијание врз животната средина, што доведува до ризик изградбата на МХЕ да има одредени негативни влијанија врз речните екосистеми и природната биолошка разновидност.

Несоодветното планирање, сложената постапка во повеќе институции и непочитувањето на роковите за постапување од истите, придонеле потребната документација за дел од МХЕ да не биде обезбедена во предвидениот рок и да се пролонгира почетокот со работа или да се раскинат договорите, а со тоа дел од концесионерите да бидат ставени во нееднаква положба.

МЕ и МЖСПП немаат доволно капацитети и меѓусебна координација за следење на концесиската дејност, во услови кога не е уредено водење регистар на концесии за користење на вода, а регистарот на доделени договори за ЈПП што се води во МЕ е некомплетен.

ДИЖС нема доволно водостопански инспектори, не спроведува ефикасно планирање и координација при вршењето на инспекцискиот надзор над хидроелектраните и нема обезбедено заштита на документацијата и транспарентност за својата работа.

Постојната законска одредба за пресметување на надоместокот како процент од производната цена на електричната енергија, без истата да се дефинира, придонела обврзниците да применуваат производни цени пресметани на свој начин или да применуваат продажни цени.

Утврдениот начин на пресметување и месечното уплаќање на надоместокот за водно право и негово евидентирање единствено во трговските книги на производителите на електрична енергија не овозможува континуирано следење и контрола, ниту можност за обезбедување целосна и редовна наплата на надоместокот.

Како резултат на тоа констатирано е дека од МХЕ кои се повластени производители не се уплатени 22.841 илјади денари во Буџетот на РСМ, што претставува 41% од вкупно пресметаниот надоместок.



Ревизијата истакнува дека за дел од доделените локации има застој во постапката кој не може да се припише како вина на концесионерот, а дел се опфатени во заштитен појас на Национален парк, поради што постои извесност дека договорите ќе бидат раскинати со можни фискални импликации за Буџетот на РСМ.

## 5.7.2. АД ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЕСМ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на АД за производство на електрична енергија ЕСМ, во државна сопственост Скопје (АД ЕСМ Скопје), за 2020 година.

Со извршената ревизија констатиравме повеќе состојби меѓу кои:

- Во период од 2011 до 2020 година значителен износ на финансиски средства се инвестирани во проекти кои не се завршени и опрема која не се користи. За реализација на проектите и набавките склучени се договори, за што исплатени се вкупно средства во износ 1.328.104 илјади денари или околу 21.5 милиони евра. Овие проекти и набавки се однесуваат на: деловен информациски систем, опрема за подобрување на телекомуникациите и мрежувањето, стоки од „системот за следење на движење и мерење на количините на јаглен и мерење на активности на придружна механизација за производната единица Рудници во РЕК Битола", изградба на брана и формирање на акумулација, предлог проект за обновлива енергија, изградба на нов административен објект, реконструкцијата и доградбата на фасада за управна зграда на ЕВН Македонија АД и АД ЕСМ Скопје и други расходи кои се однесуваат на консултантски услуги, мислења за физибилити студии и други испитувања, кои не биле искористени за реализација на конкретни проекти.
- Проектот за модернизацијата на Блок 1 во РЕК Битола не е реализиран и истиот во периодот од 2011 година до периодот на издавање на извештајот предизвикал непродуктивни расходи во вкупен износ од 1.296.211 илјади денари (околу 21 милиони евра). Најголем дел од расходите или 55% претставуваат адвокатски трошоци за застапување во арбитражна постапка и трошоци кои произлегуваат од изгубената постапка, 39% од расходите се по основ на исплатен аванс и повлечени кредитни средства за осигурување на кредитот и 6% платената провизија за неповлечени, а одобрени средства од кредитна линија за финансирање на овој проект.
- Извршениот попис на средствата и обврските на крајот на годината не е спроведен во целост и на начин уреден согласно Правилникот за вршење на попис. Меѓу другото, тие констатирале дека подолг временски период постои количинска неусогласеност од 2.505.956 кг, меѓу мазутот евидентиран во сметководствената евиденција и истиот прикажан во пописните листи или вредносно искажано таа разлика изнесува 62.650 илјади денари (пресметано по просечни цени на 31.12.2020 година).
- АД ЕСМ Скопје располага со имотни листови за земјиштата и градежните објекти, но поради недостаток на детални и точни податоци во деловните книги, не е можно да се потврдат нивната комплетност, површина и сопственост. За земјиштето кое со одлука на Владата на РСМ е доделено на трајно користење и на кое се гради нов административен објект - Деловна зграда на АД ЕСМ Скопје не е започната постапка за обезбедување на имотен лист.
- Констатирани се слабости во примената на Законот за јавните набавки меѓу другото во делот на утврдување на проценетата вредност на набавките, докажување на бараната способност со постапката и содржината на техничката спецификација. Имајќи во предвид дека АД ЕСМ Скопје нема обврска да ги применува одредбите од овој закон во случај кога предмет на набавка е енергија или гориво за производство на енергија, за транспарентно спроведување на овие набавки, објавува јавен повик, во извештајот е укажано на потребата од донесување на процедура за начинот на планирање

и спроведување на јавните повици за набавка на гориво за производство на електрична енергија.

- Несоодветно е воспоставена евиденција на резервирања за рекултивација на деградирано земјиште и нивното анулирање, што влијае на двојно прикажување на расходи во претходниот период, како и погрешно прикажување на приход од резервирања во 2020 година.
- Утврдени се слабости и во делот на воспоставените внатрешните контроли во процесот на управување и работа на ИТ системот, при што истите не се во согласност со меѓународните стандарди за ИТ безбедност и најдобри пракси и претставуваат ризик по функционирањето на системот.

Во делот Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет истакнати се прашања кои се однесуваат на:

- Потребата од обезбедување дозвола за усогласување со оперативен план за термоелектраната РЕК Битола, како услов за нејзина работата и контрола на емисиите од сулфур диоксид и прашина кои произлегуваат од активноста која ја врши. При тоа, во периодот 2019 – август 2021 година измерените емисии од сулфур диоксид и прашина во континуитет се над дозволените гранични вредности, што влијае на квалитетот на животната средина, како и здравјето на луѓето.
- Потребата од набавка на градежен објект и земјиште во централното подрачје на Скопје со вкупна вредност од 123.787 илјади денари (без вклучен ДДВ), ако се има во предвид дека од 2013 година започнати се активности за изградба на нова административна зграда во која треба да биде сместена дирекцијата на АД ЕСМ Скопје, а и реновирањето на фасадата на постојната административна зграда е откажано.
- Преиспитување на одлуките донесени за финансирање на активности кои не се во дејноста на АД ЕСМ Скопје, како што се дадените заеми на субјекти во вкупен износ од 134.749 илјади денари, поради нивното влијание врз работењето на АД ЕСМ Скопје, неговата ликвидност и профитабилност.
- Обелоденување на можните идни планови за „Попова Шапка –Тетово“ која е подружницата во рамките на „ЕЛЕМ ТУРС“ ДООЕЛ Скопје, во насока и нејзино давање под концесија, ЈПП или продажба. Целта на овие планови е подобрување на условите во ски-центарот, сместувачките капацитети и развој на туризам, како и финансиската состојба на „ЕЛЕМ ТУРС“ ДООЕЛ Скопје. При носењето на одлуки потребно е да се земат во предвид досегашните дадени заеми на „ЕЛЕМ ТУРС“ ДООЕЛ Скопје, како и значителните инвестирања во периодот од 2012 до 2020 година.
- Посебен осврт во извештајот е даден за опишување на состојбата во РСМ во однос на можните извори за производство на електрична енергија, улогата на АД ЕСМ Скопје во енергетскиот систем во државата, приходите кои ги остварува од продажбата на електрична енергија, проблемите со кои се соочува во однос на резервите со јаглен и понудената цена за електричната енергија на универзалниот снабдувач.

Вкупниот инсталиран капацитет за производство на електрична енергија во РСМ изнесува 2,06 GW и во најголем дел потекнува од работата на термоцентралите и хидроцентралите. Најголем производител на електрична енергија во РСМ е АД ЕСМ Скопје со околу 70% од вкупниот инсталиран капацитет. РСМ има релативно висока зависност од увоз на електрична енергија, со просечен удел на увоз од околу 30%. Поради исцрпените и ограничени количини на јаглен се разгледуваат можностите од други извори на снабдување како што е премин на други енергенти[11].

11 Стратегија за развој на енергетиката до 2040 година (Службен весник на РСМ бр.25 од 05.02.2020 година).

### Остварени приходи на АД ЕСМ од продажба на електрична енергија во период 2018-2020 година




Од графиконот се забележува тренд на намалување на приходите од продажба на електрична енергија на универзалниот снабдувач (која се користи за стопанството и домаќинствата) како и намалување на приходите по основ на продажбата на вишок на електрична енергија односно продажба на слободниот пазар. Во 2020 година со оглед на малата произведена количина на вишок на електрична енергија и моќност спроведени се само две аукции за продажба. Со либерализацијата и зголемената конкуренција на европскиот енергетски пазар, АД ЕСМ Скопје би можел во иднина да очекува ризик од намалување на приходите од продажба на електрична енергија, а со тоа и намалување на профитабилноста.

## 5.8. ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО

### 5.8.1. ИНТЕРОПЕРАБИЛНОСТ ПОМЕЃУ ИНСТИТУЦИИТЕ ОД ЈАВНИОТ СЕКТОР

Извршена е ИТ ревизија како ревизија на успешност на тема „Функционалност на платформата за интероперабилност помеѓу институциите од јавниот сектор“.

Целта на ревизијата беше да се даде одговор на прашањето „Дали платформата за интероперабилност е функционална?“

Со извршената ревизија констатирано е дека платформата е оперативна, но постојат одредени состојби во областите предмет на ревизијата кои имаат значително влијание врз нејзиното функционирање и искористеност и тоа:

- органите на државната управа, Владата на РСМ, министерствата, ЕЛС и останатите институции,

доцнат со законските обврски за воспоставување на дигитализација на постапките, а во исто време постои и слаба заинтересираност за приклучување на платформата за интероперабилност со цел овозможување на дигитални услуги кон граѓаните и институциите;

- во временски период од 01.01.2019 година до 31.12.2021 година, 338 денови или 31% од вкупниот број на денови во периодот е без склучен договор за одржување на платформата за интероперабилност;
- постои константен недостаток на вработени ИТ лица во МИОА и институциите кои се приклучени на платформата за интероперабилност;
- отсуство на владино тело за координација и следење на развојот и надградбите на системите кои се користат од повеќе институции согласно донесени развојни документи, стратегии, акциски планови;
- не постојат сертифицирани системи и проверка на безбедноста на истите;
- на платформата се поврзани само 2,93% од институциите кои согласно законските надлежности се обврзани да ја користат платформата за размена на податоци во електронска форма и овозможување на електронски услуги кон граѓаните;
- вкупниот сообраќај на платформата по години и покрај приклучување на нови институции, бележи благо опаѓање. Средната вредност за процесорското оптоварување на централната точка на платформата е 6%;
- единечната цена на чинење за пренос на една порака наместо да се намалува, истата низ годините се зголемува.

Во насока на надминување на утврдените состојби дадени се препораки за подобрување на состојбите во делот на управувањето и развојот на платформата за интероперабилност, дефинирање на стратешка рамка за управување со истата преку прецизни акциски планови и точно дефинирани ИТ ризици и начини за управување со истите.

## 5.8.2. ИНФОРМАЦИСКИОТ СИСТЕМ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ, ПОЛАГАЊЕ И ВРАБОТУВАЊЕ ВО АГЕНЦИЈАТА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА

Извршена е ИТ ревизија, како ревизија на усогасеност на информацискиот систем за пријавување, полагање и вработување во Агенцијата за администрација (Агенцијата) за реализација на надлежностите при вработувањето во јавната администрација и проверка на усогласеноста на процесите на информацискиот систем со законите, политиките и стандардите што се применуваат во Агенцијата за администрација.

Врз основа на спроведената ревизија, утврдени се следните состојби:

- Системот овозможува доверливост и интегритет на податоците, како и достапност на системот во делот на пријавување и администрирање на кандидатите за вработување во јавната администрација, освен во делот за ажурирање на Базите на прашања за спроведување на испитите за административен службеник и административно управување,
- Информацискиот систем, вклучувајќи ги: хардверот, комуникациските мрежи, софтверските апликации и податоците кои тие ги содржат, достапни им се на корисниците во секое време со цел вршење на работните активности, како и на кандидатите во процесот на креирање на профил и полагање на испити, освен во делот на ограничување на мрежниот пристап до компјутерите за полагање за време на испит,
- не се следат безбедносните принципи за употреба на ресурсите, односно не се воспоставени политики за контрола на пристап,
- постојната законска регулатива е целосно уредена и овозможува соодветна и доволна правна рамка за спроведување на постапките за вработување на административни службеници, но од страна на Агенцијата не се испочитувани одредбите во делот на

ограничување на мрежниот пристап до компјутерите за полагање за време на испит и ажурирање на базата на прашања.

- Стратешки и плански документи не се подготвени од страна на Агенцијата во делот на континуитет на активностите, ИТ политики и процедури за ИТ безбедност.
- не се соодветно пополнети човечките капацитетите во одделението за ИТ и поддршка и Секторот за селекција на кандидати за вработување, а не се утврдени и чувствителни работни позиции.

Дадени се препораки за надминување на утврдените состојби со цел зајакнување на капацитетите во одделението за ИТ и поддршка, утврдување на чувствителни работни позиции со цел дефинирање на постапките за зголемена супервизија и контрола, подготовка на план за континуитет, подготовка на план за замена на вработените, утврдување на тим за итни ситуации, изработка на ИТ политики и процедури, спроведување и документирање периодични проверки на системот за спроведување на испит, набавка на софистицирани мрежни уреди со кои ќе се спроведе соодветна сегментација на компјутерската мрежа на Агенцијата, подготовка на процедура за промени во Базата на прашања и контрола на „четири очи“.



## 5.9. ПРАВДА И БЕЗБЕДНОСТ

### 5.9.1. МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Извршена е ревизија на финансиските извештаи на Министерство за внатрешни работи (МВР) за 2020 година, заедно со ревизија на усогласеност.

Со извршената ревизија утврдени се повеќе состојби меѓу кои:

Во услови на сложена и дисперзирана организациона поставеност на МВР, констатирана е потреба од интензивирање на активностите за утврдување на вредноста на градежните објекти и земјиштето кои ги користи МВР и во кои ги спроведува своите надлежности, заради целосно евидентирање на недвижниот имот со кој располага МВР.

МВР располага со повеќе магацини во кои се чуваат залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар, бензински пумпи за набавено гориво за потребите на службените возила, како и кујни за исхрана на определени вработени лица во МВР. Имајќи го предвид обемот како и хетерогениот карактер на трансакциите, специфичната природа на функционирање, констатирана е потреба од уредување на начинот на вреднување на залихите при нивното издавање, заради непречено следење на нивната состојба.

Имајќи ја предвид големината и сложеноста на активностите кои ги извршува МВР како голем субјект во јавниот сектор како во однос на финансиските средства со кои располага и бројот на вработените така и во однос на територијалната распространетост низ целата држава, утврдено е дека кадровската екипираност на одделението за внатрешна ревизија, како и бројот на извршени ревизии во текот на годината, влијаат врз обемот на информации кои ги добива раководното лице за работењето на МВР и препораките за негово подобрување.

Во однос на спроведување на надлежностите на МВР поврзани со годишниот попис на средствата и обврските констатирано е дека истиот не е комплетен и не е извршен во целост согласно законските, подзаконските и интерно донесените акти со кои е уреден начинот на негово извршување.

Со извршениот увид во начинот на спроведувањето на постапките за јавни набавки, а за целосна примена на одредбите од Законот за јавните набавки, зголемување на транспарентноста и конкуренцијата при спроведувањето на набавките и реализација на договорите за јавни набавки дадени се препораки во делот на начинот на реализација на дел од рамковните спогодби, во насока на изработка на поединечни договори за јавна набавка, барање до носителот на набавката во писмена форма реализирање на работите во рокови предвидени во спогодбите.

МВР, покрај средствата од Буџетот на РСМ, остварува приходи и по основ на надоместоци за извршени услуги за издадени пасоши, лични карти, возачки дозволи, сообраќајни дозволи, регистарски таблици и за укажување на помош (асистенција) на други правни субјекти.

Во 2020 година од вкупните приходи, 79% се приходи од услугите за издадени обрасци и регистерски таблици, прикажани по одделни видови во табелата подолу:

## Приходи од издадени обрасци и регистарски таблици




Со извршената анализа на залихата на платливите обрасци (уверение за државјанство, сообраќајна дозвола, возачка книшка, потврда за пробно возење, дозвола за оружје), биометриски обрасци (пасоши, лични карти и возачки дозволи) и регистарски таблици, констатирано е дека софтверската апликација во СВР Скопје е нефункционална и не постои можност за нејзино сервисирање.

Во МВР во тек е внес на податоците во интегрираниот софтверски систем за материјално-финансиско работење на ниво на секое СВР, со чија целосна имплементација се очекува воспоставување целосна и навремена евиденција на сите промени на залихите на платливите обрасци за секое СВР поединечно и на ниво на цело МВР.

Во делот Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет обелоденето е дека согласно Законот за Агенцијата за национална безбедност од 01.09.2019 година со работа започнува Агенцијата за национална безбедност (АНБ), како самостоен орган на државната управа со својство на правно лице. За непречено работење на АНБ, целокупниот недвижен и движен имот, опремата, книговодствената евиденција, документацијата, архивата и средствата за работа кои ги користела Управата за безбедност и контраразузнавање се доделени на АНБ. Во текот на 2020 година, врз основа на осум одлуки на Владата на РСМ, предадени се основните средства и ситниот инвентар во владение на АНБ, но се уште не е извршено примопредавање на недвижниот имот, информатичката и телекомуникациската опрема.

### 5.9.2. МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

Извршена е ревизија на финансиските извештаи на Министерство за правда за 2020 година, заедно со ревизија на усогласеност.

Со извршената ревизија констатирани се повеќе состојби меѓу кои:

Отсуствува функционална единица за внатрешна ревизија во насока на минимизирање на слабостите и подобрување на процесите на управување со ризикот, контролата и управувањето, нецелосно извршен попис на канцелариските мебел набавен за потребите на Основниот кривичен суд, исплата на средства за кои не е постапено целосно по договор и не се преземени активности за обезбедување на документација за правото на користење на недвижни ствари за дел од подрачните одделенија на министерството.

Заради реално прикажување на позицијата земјиште во деловните книги на министерството укажано е за потребата од иницирање на постапка до Владата на РСМ за донесување на Одлука со која ќе се пренесе правото на користење на земјиштето на кое се изградени судовите.

Министерството за правда потребно е да продолжи со активностите во насока на целосно примопредавање на набавениот канцелариски мебел кој со Одлука на Владата на РСМ е доделен на трајно користење на Основниот кривичен суд, а е евидентиран во сметководствената евиденцијата на министерството.

Од сметката на министерството врз основ на склучен договор се исплаќаат средства за закуп на просториите во кои е сместен Управниот суд кој со Одлука на Владата на РСМ во 2018 година има добиено на трајно користење, без надомест, недвижни ствари – објект, кој до 2021 година не се користи.

Исто така, од сметката на министерството се врши исплата на средства по основ на судски решенија како паричен надомест на лица неоправдано лишени од слобода, кои не можат да се предвидат и планираат, што може да доведе до трошење на буџетски средства од други ставки и да го наруши нормалното извршување на активностите на министерството.

### 5.9.3. МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА–УПРАВА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ

ДЗР изврши ревизија на финансиските извештаи на Министерство за правда–Управа за извршување на санкциите за 2020 година, заедно со ревизија на усогласеност.

Со извршената ревизија констатирани се повеќе состојби меѓу кои:

Потреба од редовно и во координација со надлежните органи да се пресметува и врши исплата на придонеси за задолжително здравствено осигурување и придонеси врз основа на инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа или професионална болест за лицата кои се на издржување казна затвор и издржување на воспитна мерка во воспитно - поправен дом и екипирање и функционирање на внатрешната ревизија.

Истакнати се и системски слабости кои се однесуваат на електронските алки и системот за следење и спроведување на мерката притвор во РСМ, односно дека истиот се уште не е активен, за што надлежните институции во соработка со Управата потребно е да преземат мерки и активности, за овозможување оперативност и непречено функционирање на опремата за електронски надзор, со цел извршувањето на пробациските работи и обезбедување на ефикасен систем на електронски надзор при извршување на мерката куќен притвор на цела територија на РСМ.

Исто така истакната е состојба за активностите на Управата во врска со реализација на Проектот "Реконструкција на казнено-поправни установи во РМ", врз основа на Рамковен договорот за заем од Банката за развој при Советот на Европа, со кој е предвидена

реконструкција и изградба на КПУ Идризово, Затвор Скопје и изградба на Затвор Куманово и ВПД Тетово. Инвестициите за објектите во КПД Куманово во вредност од 3.967 илјади денари и КПД-ВПД Тетово во вредност од 250.159 илјади денари, се завршени и во тек се постапките за предавање на правото на сопственост на установите, односно издавање на одобренија за употреба и имотни листови од страна на надлежните институции во РСМ.

## 5.9.4. КАЗНЕНО ПОПРАВНА УСТАНОВА ЗАТВОР СКОПЈЕ – СКОПЈЕ

Со извршената ревизија на финансиските извештаи на Казнено поправна установа Затвор Скопје - Скопје за 2020 година, заедно со ревизија на усогласеност, констатирана е потребата од доекипирање на секторот за ресоцијализација на осудените лица и тоа одделението за третман со воспитувачи, инструктори за работно оспособување со цел  да не се доведе во прашање процесот на ресоцијализација на осудените лица.

Исто така потребно е воспоставување на внатрешна ревизија, донесување на сметководствени политики за изготвување, презентирање и обелоденување на финансиските извештаи и образложенија кон финансиските извештаи, воспоставување сметководствена евиденција за материјалните средства со кои располага Казнено поправна установа Затвор Скопје – Скопје, воспоставување на точна материјална и сметководствена евиденција за прием, издавање на залихите, извршување на пописот на средствата, побарувањата и обврските на начин предвиден со законската регулатива, утврдување на старосната структура на обврските кон МВР, кои опфаќаат 99% од вкупните неподмирени обврски, а се однесуваат за извршени услуги – асистенција при спровод на притворени и осудени лица.

За дел од постапките за ЈН констатирано е дека не е обезбедена целосна транспарентност и конкуренција меѓу економските оператори.

## 5.9.5. АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ

Извршена е ревизија на финансиските извештаи на Апелационен суд Скопје за 2020 година, заедно со ревизија на усогласеност при што е констатирана потребата од целосно функционирање на системот на внатрешни контроли, попис на обврските кон добавувачите со утврдување на правниот основ, потеклото, старосната структура и причините за нивно настанување, како и потребата од точна и навремена сметководствена евиденција на ненаплатените побарувања по основ на судски паушал и нивно прикажување во финансиските извештаи.

Истакнати се системски слабости кои се однесуваат на потребата од донесување на акт од страна на Врховен суд на РСМ со кој треба да се утврди висината и начинот на определување на паушалите како трошоци во постапките.  Утврдена е потреба од уредување на начинот на пресметка на додатокот за работно искуство при пресметка на платите на судиите и судските службеници.

Извршена е анализа на бројот на нерешени предмети[12] од претходни години, новопримени, решени и останати нерешени судски предмети за периодот 2018-2020 година кои се прикажани во следниот графикон:

12 Годишни извештаи за работењето на Апелационен суд Скопје во за период 2018-2020 година.

## Состојба со судските предмети во Апелационен суд Скопје во периодот 2018 - 2020 година




Во 2020 година намален е бројот на примени предмети за 26% во однос на претходната година, сепак останува значаен бројот на нерешени предмети од 35% во годината.

## 5.9.6. ОСНОВЕН СУД ТЕТОВО

Со извршената ревизија на Основниот суд Тетово на финансиските извештаи за 2020 година, заедно со ревизија на усогласеност, констатирана е потребата од воспоставување на материјална евиденција на постојаните средства, спроведување на пописот на начин предвиден со законската регулатива и склучување на договор за надоместување на трошоците за комунални услуги со корисниците на просторот.

Во однос на наплатата на судскиот паушал утврдена е потребата од водење на дневник за наплатен судски паушал во сметководството на судот и воспоставување на сметководствена евиденција на ненаплатени побарувања по основ на судски паушал.

Исто така, има потреба од воспоставување на целосен увид во состојбата и движењето на средствата на депозитите по одделни предмети, извршување на надзор над материјално - финансиското работење со средствата на депозитите и одземените предмети и извршување на попис на примените средства по основ на судските депозити.

Во Основниот суд Тетово се чуваат предмети кои се одземени со правосилна одлука во прекршочна и кривична постапка, кои не се преземени од Агенцијата за управување со одземен имот.

Врз основ на Законот за управување со движењето на предметите во судовите[13] од страна на претседателот на судот формирано е работно тело за управување со движењето на предметите во Основниот суд Тетово.

Извршена е анализа на бројот на нерешени предмети[14] и утврдено е дека Основниот суд Тетово не успеал да го надмине приливот на новопримените предмети со што е зголемен бројот на нерешени предмети и покрај тоа што бројот на решени предмети во однос на вкупниот број на предмети за работа се зголемува и изнесува 85% во 2018 година, 93% во 2019 и 2020 година.

13 Службен весник на РСМ бр.42/2020 година.

14 Годишни извештаи за работењето на Основен суд Тетово за период 2018-2020 година.

# 5.10. СООБРАЌАЈ, ТРАНСПОРТ И КОМУНИКАЦИИ

## 5.10.1 ЖЕЛЕЗНИЦИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - ТРАНСПОРТ АД

ДЗР изврши ревизија на финансиските извештаи на Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД – Скопје за 2020 година, заедно со ревизија на усогласеност.

Со ревизијата констатирана е потребата од воспоставување на целосен систем на интерни контроли и процедури за работа со кои ќе се обезбеди функционирање, следење и развој на стабилно финансиско управување и контрола во сите организациони единици.

Во друштвото се користи застарен ИТ систем за што е утврдена потребата од преземање мерки за утврдување на ИТ ризиците, како и за надминување на состојбите во ИТ системот со цел да ги превенира можните хаварии и нефункционалноста на истиот.

Пресметката на плата за вработените во друштвото не е согласно законските одредби и колективните договори и тоа: коефициентите за секое работно место кои се утврдени во Правилникот за внатрешна организација и систематизација на Друштвото, не се усогласени со концептот на бруто плати.

Исто така нереална е проценетата вредност на активата по основ на евидентираниот гудвил иницијално признаен во 2007 година, кога извршена е поделба на капиталот, средствата, правата, обврските и вработените на ЈП Македонски железници, на два правни субјекти, ЈП Македонски Железници Инфраструктура и Македонски железници Транспорт – АД. Не е утврден начинот на вршење на попис на друштвото со посебен акт и годишниот попис со состојба 31.12.2020 година не е целосно спроведен а пресметана е амортизација без да се изврши проценка на употребениот век на средствата и нивната фактичка/реална состојба. Краткорочните побарувања од купувачи и краткорочните обврски кон добавувачи не се објективно искажани и истите потекнуваат од 1991 година.

Утврдени се недоследности во постапките за доделување на договори за ЈН и непочитување на одредбите од истите со што не е обезбедена целосна транспарентност и конкуренција меѓу економските оператори.

Во делот Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет истакнати се прашања, меѓу кои се: континуирана годишна загуба на друштвото, недоволно средства на годишно ниво за субвенционирање на трошоците за патнички сообраќај од Буџетот на РСМ како услуга од јавен интерес.

## 5.10.2. ЈАВНО РАДИОДИФУЗНО ПРЕТПРИЈАТИЕ МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА СКОПЈЕ -МРТ

ДЗР изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2020 година кај Јавно радиодифузно претпријатие Македонска Радиотелевизија Скопје (МРТ), основано од Собранието на РСМ, при што констатирани се следните позначајни состојби:

- утврдени се слабости во воспоставените внатрешните контроли во работењето на МРТ и истите претставуваат ризик по успешното управување со ризиците, клучните економски операции, поделбата на надлежностите и воспоставениот надзор над активностите;
- недонесени стратешки, плански, програмски и подзаконски акти што може да влијае на планирањето, работата и развојот на МРТ;
- во содржината на актот за организација и систематизација кај дел од работните места не се наведени барањата за конкретен вид на стручна подготовка и опис на работните задачи. Кон ова се надоврзуваат некомплетните досиеја на вработените и неспроведеното оценување на дел од вработените што може да допринесе за пополнување на работните места со кадар кој нема квалификации и знаења од областа која се бара за работното место;

- интерните акти и начинот на пресметка на плата не се усогласени во целост со важечките законски прописи;
- не е воспоставена  единица за внатрешна ревизија која треба да придонесе за подобро управување со ризиците, контролата и управувањето;
- во трговскиот регистар и регистарот на други правни лица при Централниот регистар на РСМ не е извршен упис на основната главнина на претпријатието;
- пописот на средствата и обврските на крајот на годината не е спроведен во целост и на начин уреден согласно Правилникот за вршење на попис;
- утврдени се неправилности во начинот на евидентирање на залихите, поради што за дел од потрошената залиха не се евидентирани расходи;
- недостасуваат податоци за преземените мерки за наплата на побарувања кои се постари од пет години, како и можноста за нивна наплата;
- утврдени се неправилности во начинот на планирање, доделување на договорите за ЈН и нивната реализација.

Во делот Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет обелоденети се следните состојби:

- истечен мандат на Програмскиот совет и неговото влијание врз изборот на  Надзорен одбор, директор и заменик на директорот на МРТ;
- вклученост на раководните лица во одредбите од Колективниот договор;
- анализа на состојбата на обврските во МРТ укажува дека во 2020 година има значително намалување на обврските спрема добавувачите, но обврските по земени краткорочни и долгорочни кредити во земјата и странство се сè уште големи и истите може да имаат негативно влијание на ликвидноста на субјектот во идниот период;
- влијанието на буџетските средства во развојот и работењето на ЈП, додека остварените приходи од комерцијалните дејности претставуваат незначителен износ и имаат постојан тренд на опаѓање. Укажана е потребата од определување на долгорочни цели за раст и развој на МРТ и дефинирање на годишни планови за нивно остварување во насока на зголемување на нејзината привлечност кај јавноста и остварување на поголем износ на приходи од комерцијално работење.

## Структура на остварени приходи во периодот 2015 - 2020 година



### 5.10.3. АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И  АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ААВМУ), на сметката за редовно работење за 2020 година.

Со извршената ревизија констатирани се одредени состојби кои се однесуваат на:

- несоодветна примена на законските одредби со кои се уредува правото на плата и тоа:
  - исплата на степен на квалитет на извршување на работите како дел од основната плата и додаток на плата на работната успешност што има за ефект исплата на средства кои не се во согласност со законските акти;
  - за исто работно место со ист степен на сложеност определени се различен број на бодови (дефинирани како варијабилна компонента (од-до) при утврдување на основната плата, при што утврдено е дека разликата во висината на основната плата за исти работни места се разликува и таа разлика се движи во рамките од 5 до 10 илјади денари и
- при спроведување на пописот на средствата, побарувањата и обврските не се во целост извршени постапките предвидени согласно законските и подзаконските акти.

Во делот на Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет обелоденети се состојби за:

- доделување на финансиска помош – донација во вкупен износ од 105.000 илјади денари на МРТ, комерцијалните и непрофитните радиодифузери кои вршат телевизиско и радио емитување на територијата на РСМ, МЗ и МВР за справување со последиците од КОВИД - 19;
- Одлуки за отпишување во сметководствената евиденција на ААВМУ, на ненаплатени побарувања по основ на годишен надоместок за издавање дозволи за вршење на радиодифузна дејност во вкупен износ од 20.736 илјади денари и
- преиспитување на статусот на ААВМУ, како даночен обврзник за ДДВ.

## 5.11. ЖИВОТНА СРЕДИНА

### 5.11.1. ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ И ПОЛИТИКИ ОД СТРАНА НА РСМ/НАДЛЕЖНИТЕ ОРГАНИ, СО ЦЕЛ УБЛАЖУВАЊЕ НА КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ

Според податоците презентирани во научните студии денешните климатски промени се предизвикани од глобалното затоплување односно зголемувањето на просечната температура на планетата Земја. Ова резултира со промени во: количината на дождовите, нивото на водата во морињата, езерата, реките и подземните води, живеалиштата на растителниот и животинскиот свет, што влијае и врз животот на луѓето. Климатските промени всушност се природен процес кој се случува уште од формирањето на нашата планета, но овие промени се интензивирани во последните 100 години како резултат на зголемените човекови активности[15]. Општо е прифатено дека климатските промени односно глобалното затоплување на или над 2°C ќе има сериозни последици за планетата Земја.

**Глобалното затоплување** е предизвикано од ефектот на стаклена градина, односно стаклените ѕидови на градината ги пропуштаат светлосните зраци, но кога тие ќе се претворат во топлински, тогаш ѕидовите не дозволуваат тие да излезат поради што во стаклената градина станува се потопло. Ѕидовите на стаклената градина на планетата Земја ја претставува атмосферата

15 Човекови активности кои допринесуваат за климатски промени: користењето на фосилни горива, транспорт, индустриски процеси, загревање и ладење на објекти, непланско сечење на дрвјата, користењето на огревно дрво како начин на затоплување, зголемената емисија на метан во земјоделството, урбанизација на градовите, екстензивната потрошувачка на енергија и слични активности.

која ја опкружува планетата. Во атмосферата има различни гасови, а некои од нив, како што е јаглерод диоксид ($CO^2$) има исти својства како стаклените ѕидови на стакленатa градина и ја задржуваат топлината на планетата. Освен јаглеродниот диоксид ($CO^2$) други гасови кои предизвикуваат ефект на стаклена градина произведени од човековите активности се метанот ($CH^4$), азотен оксид ($N^2O$), флуоро – водороден јагленород (HFC), перфлуорокарбонати (PFCs) и сулфур хексафлуорид (SF6). Колку е поголема концентрацијата на овие гасови толку повеќе топлината останува заробена во атмосферата која ја опкружува планетата.

Влијанието на климатските промени врз одделни сектори во секојдневието е прикажан на следниот графикон:

**ХИДРОЛОГИЈА И ВОДНИ РЕСУРСИ**

суши, поплави, изумирање на воден свет, намалување на можноста на искористување на хидропотенцијалите за производство на електрична енергија и сл.

**ЗЕМЈОДЕЛСТВО**

негативни ефекти во продуктивноста на почвата, нејзина деградација и ерозија.

**ШУМАРСТВО**

- зголемување на количество на сув материјал, лесно запалив, а со тоа и зголемување на број на пожари.

**ВЛИЈАНИЈА ВРЗ ЗДРАВЈЕТО**

може да биде директно и индиректно. Поради зголемените температури, поголем број на смртни случаи од топлина. Посебно ризична група на граѓани се лицата со невролошки нарушувања, деменција и мозочен удар. Исто така луѓето може да страдаат и поради појава на заразни болести како на пр. преку размножување на комарци кои ги шират заразите,

**ЕКОНОМСКИ ВЛИЈАНИЈА**

Економската штета од климатските промени изнесува околу 25% од глобалниот БДП. ММФ проценува дека природните непогоди поврзани со климатските промени го намалуваат растот за 0,4 процентни поени, во просек, а кај помалку развиените економии дури и до 0,7 процентни поени.

ДЗР преку извршената ревизија на успешност на тема “Преземени мерки и политики од страна на РСМ/ надлежни органи со цел ублажување на климатските промени” со која целта беше да се одговори на прашањето: **„Дали во РСМ се воспоставени правни и институционални услови за имплементација на донесените мерки и политики кои се однесуваат на ублажување на климатските промени?“** се вклучи во редот на институции кои се залагаат за намалување на влијанието на климатските промени.

Со ревизијата беа опфатени институции кои директно или индиректно учествуваат во креирањето на мерки и политики за ублажување на климатските промени и тоа: МЖСПП, МЕ, Министерството за транспорт и врски, МЗШВ, Агенција за енергетика, ЕЛС, Заедница на единиците на локалната самоуправа на РСМ, Македонска академија на науките и уметностите, Управата за хидрометеоролошки работи и една невладина организација.

Од спроведената ревизија констатирано е дека воспоставената правна и институционална рамка во РСМ не ги обезбедува сите потребни услови за ефикасно и ефективно спроведување и следење на донесените мерки и политики за ублажување на климатските промени. Со ангажманот и вложените напори на државните институции, прифатени се меѓународни обврски за намалување на ефектот од климатските промени, при што подготвени и донесени се голем број на стратешки, плански и програмски документи на национално и локално ниво. Дефинираните активности за ублажување на климатските промени во наведените документи не се целосно имплементирани и не се следи нивната реализација.

## Преземени меѓународни активности

**1992 ГОДИНА**

Донесена е Рамковната конвенција на Обединетите нации за климатски промени (UNFCCC) со  единствена цел да се стабилизираат концентрациите на стакленички гасови кои предизвикуваат ефект на стаклена градина.

**1997 ГОДИНА**

Усвоен е Протоколот од Кјото како механизам за зајакнување на целите на Рамковната конвенција на ОН. Со него се утврдени обврзувачки цели и прецизни граници за секоја развиена држава до кои треба да го намали нивото на стакленички гасови. Во 2012 година усвоен е Амандманот од Доха кон протоколот.

**2015 ГОДИНА**

Од страна на 197 земји потпишан е Парискиот договор односно првиот правно обврзувачки глобален договор за клима. Целта на договорот е да се ограничи зголемувањето на глобалната просечна температура на „многу под“ 2 °C и да се промовираат напорите глобалниот просечен пораст на температурата да биде не повеќе од 1,5°C во споредба со прединдустриски нивоа. Парискиот договор не воведува обврзувачки цели за намалување на емисиите за стакленички гасови.

Националниот комитет за климатски промени на РСМ  кој треба да дава насоки за севкупните климатски акции, како и да придонесе кон интеграција на активностите во секторските политики, планови и мерки е формиран во 2003 година, но истиот во пракса не функционира односно неговото постоење е од формална природа.

Не е воспоставен систем за инвентаризација на емисии на стакленички гасови, додека Национален инвентар на емисии на стакленички гасови е воспоставен од повеќе институции. Поради тоа не постои единствена база на податоци за емисија на стакленички гасови на едно место, што го отежнува нивното користење при изготвување на националните стратешки, плански и програмски документи за климатска акција.

Отсуствува функционална поврзаност и координација меѓу институциите на национално и локално ниво при спроведување на мерките и активностите за планирање на политиките за ублажување на климатските промени, како и нивно следење. Недостатокот на финансиски, кадровски и технички ресурси, како битен предуслов за интеграцијата на климатските политики во сите сектори, дополнително придонесуваат да не се постигнат посакуваните ефекти за ублажување на климатските промени. Во законските одредби недостасува јасна дефиниција за климатските финансии и не постои климатско означување на буџетот, односно отсуствува систем на следење  и потврдување на ефектите од направените јавни расходи за ублажување на климатските промени.

**Финансирање на активности за намалување на влијание од климатските промени во дел од инстутуциите**

Во период 2017 – 2021 година, од 5% до 1.8% од средствата на Програмата за инвестирање во животната средина при МЖСПП се искористени конкретно на цели кои точно се препознаваат како проекти за климатски промени и тоа за: изработка на план, стратегија и едукативни активности.

**Реализација на средства од Програма за инвестирање во животната средина**

за период 2017 - 2021 година
во 000 денари




Согласно Законот за животната средина предвиден е надоместок за производство на енергија од фосилни горива и обврзниците за плаќање на истиот се должни да го уплаќаат на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка. Средствата собрани од овој надоместок треба да се користат за финансирање на програми и активности за управување со животната средина во однос на влијанијата од енергетскиот сектор. За периодот 2018 - 2019 година од страна на Владата на РСМ донесени се две поединечни одлуки за распределба на средства остварени по основ на овој надоместок како наменски дотации на општините. Се утврди дека степенот на реализација на овие одлуки е 15% во 2019 година и 36% во 2021 година.

Во периодот 2017-2020 година Владата на РСМ на предлог на МЕ донела годишна Програма за промоција на обновливите извори на енергија и поттикнување на енергетската ефикасност во домаќинствата со што биле обезбедени 242.700 илјади денари, а реализирани се вкупно 193.414 илјади денари. Исто така има усвоено и Програма за финансиска поддршка на производство на електрична енергија од повластени производители кои користат премија за 2019 година за што биле обезбедени 20.000 илјади денари. Заклучно со 2021 година објавени се 3 јавни огласи за доделување на договори за право на користење на премија, а склучени се 38 договори и пуштени во функција 6 фотоволтаични електроцентрали.

Планираните и реализираните парични средства кај општините, кои се во функција на ублажување на климатските промени, се однесуваат на доделени субвенции на граѓаните како поттик за користење на обновливи извори на енергија, подобрување на јавното осветлување во општините преку замена на постојните со лед светилки и други активности.

Во периодот 2014 - 2017 година за директно влијание на ублажување на климатските промени како меѓународна помош добиени се 114 милиони УСД од различни извори, додека во периодот од 2018 до 2019 година добиени се 25.1 милиони УСД.

**Добиена финансиска помош**

2018 - 2019
во 000 USD




## 5.12. ВОДОСНАБДУВАЊЕ И КОМУНАЛНИ УСЛУГИ

### 5.12.1. ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА НА ЛОКАЛНО НИВО

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2020 година кај ЈП „Водовод", ЈП „Чистота и зеленило", ЈП „Куманово план" , ЈП „Куманово гас", ЈП „Пазаришта" и ЈП "Куманово паркинг" Куманово, основани од Општина Куманово и ЈКП „Никола Карев" Пробиштип, основано од Општина Пробиштип.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај ЈП констатирани се одредени состојби меѓу кои позначајни се:

Законската обврска за склучување на договори со корисниците на услугите за вода за пиење и со давателот на услугата за испорачаната вода, не е во целост испочитувана од страна на ЈП „Водовод" Куманово". ЈКП „Никола Карев" Пробиштип нема склучено договори со создавачите на комерцијален отпад, правни лица за негово собирање и транспортирање, додека кај ЈП „Чистота и зеленило" Куманово процентот на склучени договори е 8%.

Кај ревидираните ЈП, интерните акти и начинот на пресметка на плата не се усогласени со важечките законски прописи, а привремено ангажираните лица вршат редовни работни задачи и за период подолг од две години.

Присутна е состојба на загуба на вода во системот за водоснабдување од 55% кај ЈП „Водовод" Куманово, односно 65% кај ЈКП „Никола Карев" Пробиштип, како резултат на стара и дотраена водоводна мрежа, пропустливост на резервоар, незаконско приклучување и потрошувачка, непрецизност на водомерите, нефактурирана потрошувачка, поливање на јавно прометни зелени површини за кои нема поставено протокомери и друго.

Поради ненавремено подмирување на обврските за надоместок за користење на вода и за испуштање во вода од страна на ЈП „Водовод" Куманово - 28.713 илјади денари и ЈКП „Никола Карев" Пробиштип - 3.540 илјади денари, остварени се помалку приходи во Буџетот на РСМ во износ од 32.253 илјади денари.

Помалку приходи се остварени и во Буџетот на Општина Куманово, како резултат на ненавременото подмирување

на обврските од страна на ЈП „Чистота и зеленило" Куманово, за надоместок за одржување на јавна чистота во износ од 121.838 илјади денари.

ЈКП „Никола Карев" Пробиштип без основ врши наплата на надоместок за погребални услуги и надоместок за инвестиција за смет. Не поседува дозвола за одржување на јавна чистота и дозвола за вршење на дејност складирање и третман на отпадот  со што ја доведува во прашање способноста и одговорноста на ЈКП како давател на услуги во вршење на неговата дејност.

Кај ЈП Пазаришта" Куманово констатирани се слабости во начинот на издавање под закуп на деловни простории - дуќани и тезги (нетранспарентност, непочитување на условите за издавање и отсуство на прецизни критериуми) што упатува на несоодветен избор на закупец, несоодветно користење на просторот и помалку остварени приходи на претпријатието од неговата основна дејност.

Во единствениот трговски регистар и регистар на други правни лица при Централниот регистар на РСМ не е извршен упис на основната главнина на ЈП „Водовод", ЈП „Чистота и зеленило", ЈП „Пазаришта" и ЈП "Куманово паркинг" Куманово.

Ревидираните ЈП не преземаат навремени мерки за наплата на побарувањата и не се врши проценка на степенот на наплатливост заради нивно соодветно проценување во билансните позиции согласно меѓународните сметководствени стандарди.

Присутни се проблеми во делот на пописот на средствата и обврските, состојба која е актуелна со години и не овозможува усогласување помеѓу сметководствената евиденција и фактичката состојба (неизвршен попис за земјиште, материјалните средства во подготовка, неизвршена проверка на реалноста на искажаните износи на побарувањата и обврските врз основа на екстерна и интерна документација).

Утврдени се слабости и кај постапките за ЈН во делот на: техничката спецификација, потребните количини на набавка, набавка на средства без да се изврши анализа на реалните потреби, реализацијата на договорите, законски пропишаните рокови и неспроведени постапки за ЈН.

Во делот на Нагласување на прашања на неизвесност и континуитет нагласени се состојби кои се однесуваат на невоспоставен систем на селектирање на создадениот отпад на ниво на општини како еден од предусловите за намалување на количината на истиот, а во функција на заштита на животната средина.

Со ЈП, подолг временски период раководат в.д директори кои се именуваат со Решенија од страна на градоначалникот последователно на шест месеци.

Работењето на ЈП е проследено со намалена ликвидност и солвентност кои имаат влијание врз целокупните процеси, искажувајќи обврски кон добавувачите и неможност за нивно навремено подмирување.

Со Одлука на Влада на РСМ, утврден е начинот на работа и постапување со постојните локации за отстранување на отпад и определување на времнските локации за отстранување на отпад до периодот на изградба на регионалната депонија за Источниот и Североисточниот регион.

Потребно е интензивирање на активностите околу воспоставување на интегриран систем за управување со отпадот во Источниот и Североисточниот регион, што вклучува изградба на централни и локални капацитети за управување со отпадот, како и регионална депонија, а во насока на подобрување на состојбите во животната средина и организирано управување со отпадот согласно националните и ЕУ стандардите.



## 5.12.2. ЈП СТРЕЖЕВО БИТОЛА

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2020 година кај ЈП „Стрежево“ Битола, основано од Владата на РСМ, при што констатирани се следните позначајни состојби:

- утврдени се слабости во контролните механизми над следењето на пријавените земјоделски парцели за наводнување, а со тоа и во целосноста на остварениот приход од наплата на надоместок за наводнување. Ограничената можност за контрола над наводнувањето на површините од страна на ЈП „Стрежево“ Битола е поради: комплексната инфраструктура на системот за наводнување – мрежа. Оваа мрежа е распространета на должина од 534 км на која се поставени околу 4.000 хидранти за вода, кои не се контролираат автоматски туку мануелно од страна на сопствениците на земјоделското земјиште. Бројот на вработени кои се задолжени за контрола над системот за наводнувањето е недоволен. Слабости се утврдени и во контролните механизми за следење на количината на испорачана вода за индустриски потреби.
- за дел од објектите кои се составен дел на системот на наводнување – мрежа, не е регулирана имотната сопственост, а во врска со извршениот попис пак на објектите и средствата констатирано е дека не е извршен целосен попис;
- во периодот од 2001 до 2020 година, ЈП „Стрежево“ Битола во континуитет искажува загуба од редовното работење, која се покрива на товар на капиталот (основната главнина), поради што на крајот на 2020 година истиот е намален за 79% од неговото основање. Од добиената документација се констатираа дека постои неусогласеност на податоците за основачкиот влог прикажани во сметководствената евиденција на ЈП со податоците од Централниот регистар на РСМ.

- отсуствува акт за пресметка на платите на вработените, и постои несоодветна примена на законските прописи со кои се регулира начинот на пресметка и исплата на плата и надоместоци на плата, што има влијание врз точноста на пресметката и висината на исплатените плати на вработените;
- во делот на поткрепувачката документација утврдено е дека недостасуваат: податоци за преземени мерки за наплата на спорните и сомнителни побарувања како и склучени договори за добиени донации во материјали и опрема;
- кај материјалната евиденција на залихи констатирана е неправилна примена на сметководствената политика за вреднување на залихите по просечни цени при нивното издавање;
- Проектната документација за санација на ерозивни промени на земјиштето околу главниот доводен канал, набавена во 2014 и 2015 година не е употребена.

Со извршената ревизија утврдени се и одредени системски слабости.

Во делот „Нагласување на прашаа за неизвесност и континуитет" даден е осврт и на остварените резултати од финансиското работење на ЈП „Стрежево" Битола во последните 10 години, за кои во континуитет искажува загуба.

**Финансиски резултат од редовно работење со и без амортизација изразено во 000 денари**




Преку графичкиот приказ на сликовит начин е презентирано влијанието на износот на пресметаната амортизација врз финансискиот резултат од работењето. Доколку во вкупните расходи не се земе во предвид трошокот по основ на пресметана амортизација, ЈП прикажува позитивен финансиски резултат - добивка. Состојбата во однос на искажаниот резултат од работење и натаму ќе остане непроменета, иако претпријатието е ликвидно и редовно ги подмирува своите обврски.

Со цел да се случат промени кои би влијаеле на намалување на загубата, потребно е во законската регулатива, при утврдување на основата за надоместокот за наводнување, да бидат вклучени и трошоците за амортизација.

# 5.13. ТРУД И СОЦИЈАЛА

## 5.13.1. ФОНД ЗА ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија (ФПИОСМ) за 2020 година, при што констатирани се следните состојби:

- отсуство на целосна поделба на надлежностите и одговорностите во процесот на плаќање, процедури кои се уште не се прилагодени со измените на Законот за ПИО, а воспоставените внатрешни контроли не секогаш обезбедуваат потврдување на внесените податоци и точност и навременост во постапката;
- ФПИОСМ се соочува со недостиг на потребните кадровски капацитети во делот на стручен и обучен кадар за актуарство поради што изостанува реализирање на активности за изготвување актуарски анализи за состојбите во пензискиот систем, перманентен одлив на вработени од Секторот за ИТ, а внатрешната ревизија функционира без утврдениот законски минимум на потребен кадар;
- слабостите во чување и архивирање на податоците во матичната евиденција го оневозможуваат потврдувањето на веродостојноста и целосноста на регистрираните податоци, потребни за остварување на правата од ПИО;
- поради недобиени соодветни податоци за вработување и регистрација на обврзниците, како и грешки при внесот од страна на други институции, на уплатната сметка наменета за прибирање средства од наплатен придонес за ПИО има нераспоредени средства кои ФПИОСМ не може да ги користи, а осигурениците не можат да ги остварат правата од ПИО;
- недоволни механизми за присилна наплата на утврдените штети поради неоснована исплата на пензии за кои се евидентираат побарувања од граѓани и нискиот процент на поврат на повеќе исплатените средства;
- извршено е евидентирање на градежни објекти и земјиште во деловните книги на ФПИОСМ за кои не постои веродостоен документ и за истите не е утврдено право на сопственост во Катастарот на недвижности.

Во делот на Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет обелоденето е:

- структурата и нивото на остварените приходи во известувачкиот период односно и нивното зголемување на приходите од наплатениот придонес за ПИО во 2020 година за 10,5% во однос на претходната 2019 година кое не е доволно за покривање на расходите за социјални бенефиции (исплата на пензиските примања заедно со придонесот за здравствено осигурување на пензионерите, трансферите до вториот пензиски столб и инвалиднината) кои исто така бележат раст од година во година, а во 2020 година изнесуваат 76.795.935 илјади денари, за вкупно 326.295 корисници на пензиски примања, за кои заклучно со декември исплатите се за 5,6% повисоки во однос на 2019 година.




ФПИОСМ и покрај зголемување на приходите по основ на придонеси од ПИО има недостаток (дефицит) на средства за исплата на расходите за социјални бенефиции, поради што во 2020 година се трансферирани средства од Буџетот на РСМ во висина од 29.852.353 илјади денари. Постои тренд на зголемувањето на дефицитот во исплатата на пензиските примања, освен последните две години кога учеството на овие средства во вкупните приходи изнесува 37% во 2019 година, но во 2020 година е зголемено на 38,4%, од кои за покривање на дефицитот за исплата на пензии изнесува 28,7%.



- постојните законски решенија кои не предвидуваат активно учество на ФПИОСМ во креирање на политиките во пензискиот систем, а ФПИОСМ не може значајно да влијае на зголемувањето на изворните приходи,  како и неизвесностите поврзани со инфлаторните движења и неповолните демографски движења  кои имаат влијание по работењето на ФПИОСМ;
- воспоставениот систем за утврдување, контрола и наплата на придонес кој не се базира на целосно ажурно и точно интегрирање и навремена размена на податоци од институциите, што влијае на комплетноста на приходите, како и на ликвидноста на ФПИОСМ и одржливоста на пензискиот систем;
- неосновано повлечени средства од сметката на ФПИОСМ од страна на извршителите по основ на налози за извршување, во кои како должници се јавуваат корисници на пензија, како и континуирано вршење активности од страна на ФПИОСМ поврзани со реализација на налози за извршување.

## 5.13.2. АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА







Извршена е ревизија на финансиските извештаи на Агенцијата за вработување на РСМ (АВРСМ) за 2020 година, заедно со ревизија на усогласеност при што констатирано е:

- неусогласености на податоците од модулите за материјална евиденција на постојани средства, залихата на материјали, како и податоците за исплати по основ на паричен надоместок и активни мерки во однос на искажаните во сметководствената евиденција и потребата од воспоставување на интегриран систем помеѓу електронскиот систем за активни програми и мерки во Центрите за вработување и модулот за финансиско работење на АВРСМ;
- не се постапува согласно Оперативните упатства за реализација на Оперативниот план за 2020 година во делот на извршување на контролите и  обезбедување на комплетност на документацијата при реализација на активните програми и мерки за вработување како и спроведувањето на мониторинг на истите, што влијае на ефикасноста на мерките и наменско користење на средствата при вклучувањето на невработените лица во програмите односно мерките за вработување. Утврдените состојби се резултат на недостиг од човечки ресурси и возен парк за извршување на утврдените активности од страна на АВРСМ;

- преземени обврски без спроведени ЈН над дозволениот  праг со ЗЈН, како и слабости во извршување на пописот и во начинот на постапување и евидентирање на залихите на материјали и ситниот инвентар и издавање на истите;
- не е усогласен Колективниот договор на ниво на работодавач со важечката регулатива и не е доставен предлог до Владата на РСМ за утврдување на вредноста на бодот за пресметка на платите на даватели на јавни услуги и помошно технички лица, како и несклучени менаџерски договори помеѓу директорот/ заменик директорот на АВРСМ и Владата на РСМ согласно измените на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност;
- недоволна екипираност на Секторот за внатрешна ревизија и нецелосна реализација на планираните ревизии во годишниот план за работа на внатрешната ревизија;
- на крајот на 2020 година од страна на АВРСМ не е направено усогласување на остварениот приход од придонесот за вработување кој има учество од 74% од вкупните приходи на АВРСМ во 2020 година, со податоците од евиденцијата на УЈП, поради што нема можност за потврдување на целосноста и точноста на остварениот приход.

Извршено е обелоденување на одредени состојби кои влијаат на континуитетот на агенцијата а се однесуваат на: бројот на невработени лица корисници на паричен надоместок и ефектот од посредување на АВРСМ на овие корисници кои укажуваат на тоа дека мал е бројот на вработувања на лица корисници на паричен надоместок и покрај заложбата на АВРСМ и нејзиното учество при посредувањето.

**Ефекти од посредување за вработување на корисници на паричен надоместок**




- не е  почитувана одредбата од Законот за вработување на инвалидни лица, согласно која од Буџетот на РСМ треба да се уплатуваат парични средства на сметката на Посебен фонд, по основ на уплатен ДДВ и царини од страна на заштитните друштва со што АВРСМ во целост не ги обезбедува финансиските средства кои законски и следуваат за подобрување на условите за вработување и работење на инвалидните лица;
- состојбата за бројот на предмети и износот на главниот долг во постапки пред надлежните судови во кои АВРСМ се јавува во својство на тужител или тужена странка, што во идни периоди ќе има влијание врз финансиските извештаи и работењето на АВРСМ.

## 5.13.3. ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД

Извршена е ревизија на финансиските извештаи на Државниот инспекторат за труд (ДИТ) на сметките на основен буџет за 2020 година заедно со ревизија на усогласеност при што констатирано е:

- отсуство на пишани процедури за системот на внатрешни контроли во процесот на набавки и плаќање;
- финансиските документи се проверуваат од страна на лице ангажирано по договор за дело на кое во исто време му се доделени надлежности за спроведување на постапките за ЈН;
- склучени договори за дело кои не се во согласност со законските одредби;
- непотполнетост на Одделението за внатрешна ревизија и нереализиран договор за вршење ревизија од страна на Министерството за правда;
- сметководственото евидентирање на новонабавените или на друг начин добиените материјални средства е ненавремено и хронолошки спроведено;
- слабости во вршењето на пописот на средствата и обврските односно истиот во целост не е извршен согласно законската регулатива и
- невоспоставена сметководствена евиденција за набавените и издадените материјали, итн.

Во делот на постапките за ЈН констатирано е дека:

- за дел од набавките не се спроведени постапки за ЈН и нецелосно се применети одредбите од ЗЈН при што се преземени обврски што претставуваат надминување на законски утврдениот вредносен праг и
- слабости при изготвување на тендерската документација и реализација на договорите за ЈН што не обезбедува податоци за реално извршените услуги и влијание на начинот на користење на средствата.

Годишниот план за работа на ДИТ за 2020 година е изготвен без претходно донесена Методологија за проценка на ризик, како и дека дел од вонредните надзори не се извршуваат во законски предвидениот рок и нецелосно се комплетирани предметите по извршен инспекциски надзор.

Извршена е анализа на извршените инспекциски надзори по видови во периодот 2018 – 2020 година при што констатирано е дека вонредните надзори покажуваат тренд на зголемување поради зголемениот број на барања во време на пандемијата на КОВИД - 19, како резултат на што се намалени редовните инспекциски надзори.

### Број на извршени инспекциски надзори



Во однос на прашањата кои влијаат на неизвесност и континуитет на работењето на ДИТ меѓу другото е обелоденет проектот за модернизација на инспекциските служби кој го спроведува МИОА, за изработен електронскиот софтвер "Е – инспектор" преку кој ќе се вршат инспекциските надзори и контроли и ангажирање на вработени од ДИТ за извршување на работни задачи како „call centar", кои во досегашниот период ги извршувала фирма избрана врз основа на договор по спроведена постапка за ЈН.

## 5.14. ОБРАЗОВАНИЕ

### 5.14.1. ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност кај три високо образовни институции (факултети) на Универзитет „Св. Кирил и Методиј", и тоа: Факултет за драмски уметности – Скопје, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје и Факултет за ветеринарна медицина – Скопје, како и на Универзитет „Св. Климент Охридски" Битола.

Со извршените ревизии на факултетите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", утврдени се состојби во системот на внатрешни контроли во процесот на плаќање без донесени пишани процедури за потврдување на вистинитоста и објективноста на финансиската документација и недефинирани надлежности и одговорности на лицата инволвирани во процесот.

Утврдувањето и наплатата на приходите остварени по различни основи во рамките на високообразовната дејност се врши без донесена процедура. Оваа состојба е карактеристична за Факултет за драмски уметности и Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер.

Исто така утврдени се неправилности во начинот на исплата на надоместоците за вршење дополнителни работи кои не спаѓаат во редовни работни обврски. Пописот на дел од средствата, побарувањата и обврските не е целосно и правилно извршен и утврдени се слабости во примената на ЗЈН кај дел од спроведените постапки за ЈН.

Кај Факултетот за драмски уметности утврдени се состојби кои се однесуваат на неусогласеност на интерните акти за пресметка и исплата на плати и на податоците во сметководствената евиденција со Финансиските извештаи за 2020 година. Не е утврдено

правото на трајно користење на градежните објекти и земјиштето и не е обезбедено навремено и хронолошко евидентирање на примените фактури.

Аналитичка евиденција за пресметка и наплата на приходите остварени по различни основи од вршењето на високообразовната дејност не е воведена.

Утврдени се состојби кои се однесуваат на нерасчистени имотно правни односи на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер со Шумарскиот факултет и потврдување на сопственост на градежните објекти каде факултетот ја обавува дејноста и нецелосна евиденција на градежните објекти, опремата и книгите во библиотека.

Не е воспоставена аналитичка евиденција за пресметка и наплата на приходите од студенти во прв, втор или трет циклус на студии, како и нецелосно користење на i-know електронскиот систем за наплата на приходи од втор и трет циклус и наплата по различни основи од вршењето на високообразовната дејност.

Кај Факултет за ветеринарна медицина утврдени се состојби кои се однесуваат на слабости во интерните контроли во делот на приемот и потврдувањето на финансиската документација како и изготвувањето на фактурите за извршените услуги од страна на факултетот и неусогласеност во делот на актите за исплата на платите на вработените во факултетот.

Во рамките на ревизорските извештаи извршено е обелоденување на одредени состојби кои би можеле да имаат влијание врз континуитетот на факултетите.

## 5.15. КУЛТУРА

### 5.15.1. НАЦИОНАЛНИ УСТАНОВИ ВО ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност кај две национални установи (НУ) од областа на културата и тоа: Национална опера и балет и Филхармонија на РСМ.

Основната дејност на овие НУ е изведувачка уметност за остварување на националниот интерес во областа на културата.

Со извршената ревизија констатирани се одредени состојби кои се заеднички кај двете НУ и тоа:

- отсуство на интерни акти и процедури за текот на движење на документацијата, како и за значајните процеси и активности за безготовинско и готовинско плаќање, пресметка и исплата на плати и остварување и евидентирање на приходите, со дефинирани надлежности и одговорности на лицата во процесите;
- недостатоци на поткрепувачката документација при признавањето на дел од евидентираните расходи и исплати на надоместоци за користење на сопствени инструменти на вработени и потрошен материјал без соодветен правен основ;
- слабости во делот на спроведување на пописот на средствата, побарувањата и обврските;
- утврдени слабости кај дел од спроведените постапки за ЈН и реализација на договорите за ЈН;
- слабости во делот на начинот на доделување на бесплатни билети за претставите од програмските активности на установите, што е значителен процент од вкупно продадените билети, при што не е изработен интерен акт со кој ќе се утврдат условите и критериумите за доделување на истите.

Во делот на Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет кај НУ Национална опера и балет извршено е обелоденување за ненавремена исплата на обврските кон добавувачите кои значително се зголемени во 2013, 2014 и во 2016 година, како и поведување на судски постапки од страна на добавувачите, присилна наплата и блокади на сметките на НУ. Во вакви услови се доведува во прашање исплатата на тековните обврски на НУ и користење на средствата одобрени со Годишната програма за работа на установата согласно намената.

## Состојба на неизмирени обврски (2011-2020)



Состојбата со неизмирените обврски во 2016 година е значително повисока во однос на другите години се должи и на преземените обврски по основ на реновирање на салонот на НУ Национална опера и балет, за што бил склучен договор за финансирање со Министерство за култура кој не содржи јасни и прецизни одредби по однос на висината и динамиката на префрлање на средствата за финансирање.

Во делот на Останати прашања истакнати се одредени состојби поради значајноста и влијанието на истите врз работењето на НУ како и остварување на стратешки приоритети во културата.

# 5.16. ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

## 5.16.1. ЕДИНИЦИ НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

Извршена е ревизија на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2020 година кај ЕЛС: Куманово, Студеничани, Аеродром и Пробиштип, при што се констатирани следните состојби:

Кај ревидираните општини постои несоодветна организациона поставеност на внатрешната ревизија и нејзина нефункционалност, а во општина Студеничани отсуствува систем на редовна внатрешна финансиска контрола.

Во општините Студеничани, Аеродром и Пробиштип утврдени се слабости во процесот на буџетирање и присутна е појава на значително отстапување помеѓу планираните и реализираните приходи и расходи и покрај донесениот ребаланс на буџетот.

Во Општина Аеродром има значително отстапување на планираните расходи од 47,26%, Општина Пробиштип има остварено околу половина од планираниот буџет.

Општина Студеничани со ребалансот наместо да изврши усогласување на планираните проекции, односно нивно намалување, согласно динамиката на реализација, буџетот е зголемен за 20,86%. На крајот на 2020 година, општината покажува висока задолженост, со обврски кои се за 9 % повисоки од остварените приходи во буџетот во 2020 година.

ЈП наплатените надоместоци нередовно односно не ги уплатуваат на сметката на буџетот на општината. Во буџетот на Општина Куманово, по основ на надоместоци за јавна чистота уплатени се помалку средства во износ од 14.490 илјади денари, а Општина Студеничани не остварува приходи по овој основ. Од друга страна, Општина Аеродром не остварува приходи од комунална такса за користење на простор за паркирање на моторни возила на територијата на општината, поради тоа што со паркинзите стопанисува ЈП на Град Скопје.

Ревидираните општини не ги почитуваат законски пропишаните рокови при спроведување на постапките за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти што доведува до ненавремено информирање на барателите за дополнување на документацијата, пролонгирање на постапките и неможност на сопствениците навремено да го впишат имотот во Агенцијата за катастар на недвижности.

Со извршената анализа на барањата за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти кај ревидираните општини констатирано е дека 67% се решени, 33% се уште во постапка.

## Барања за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти




Општините не доставуваат годишни извештаи до Министерството за транспорт и врски за користење на средствата остварени од надоместокот по овој основ, а кои треба да бидат искористени наменски за донесување на урбанистичка планска документација со која се врши вклопување на бесправните објекти и за инфраструктурно уредување на просторот во кој се наоѓаат истите.

Констатирани се неправилности и во начинот на евидентирање на побарувањата, утврдување на нивната старосна структура, а за даночните побарувања кои не се наплатени во пропишаниот рок не се пресметува и наплатува камата и не се преземаат мерки за нивна наплата. Исто така, во општините Студеничани и Пробиштип не се води евиденција на побарувањата по основ на надоместокот за легализација на бесправно изградените објекти.

Во Општина Аеродром констатирани се случаи на нетранспарентност и законска неусогласеност во спроведување на постапките на давање на користење на деловни простории, урбана опрема и спортски објекти и тоа: постапки без јавно наддавање, договори на неопределено време и договори без надомест, што влијае на остварените приходи на општината по овој основ.

Во општините Куманово, Аеродром и Студеничани, констатирани се случаи на непочитување на одредбите од Законот за здруженија на граѓани и фондации и Законот за спорт. Присутна е појава изборот на проекти и висината на доделените средства на друштва, здруженија и спортски клубови да е извршена без критериуми.

Општина Куманово нема извршено надзор врз работата на приватниот партнер, за да го оцени степенот на реализација на утврдените цели со ЈПП, во однос на оптимизација на системот за јавно осветлување, подобрување на ефикасноста во давањето на услуги кон граѓаните и намалување на трошоците.

Во Општина Студеничани констатирани се неправилности при пресметка и исплата на месечни надоместоци на членовите на Советот за присуство на седници.

При изведување на активностите за изградба/реконструкција на улици и патишта, водоводна и канализациона мрежа не се почитувани одредбите од Законот за градење, во однос на обезбедено одобрение за градење/реконструкција пред започнување на работите (општините Студеничани и Пробиштип), недостасува технички преглед од надзорен инженер и одобрение за употреба за изведените градби кај Општина Студеничани, а техничката спецификација/премер пресметка за градежните активности што ги изведува Општина Пробиштип се изработени од страна на вработените во општинската администрација кои не ги исполнуваат законските услови за проектирање.

Во ревидираните општини присутни се проблеми во делот на пописот на имотот и обврските, состојба која е актуелна со години и не овозможува усогласување на состојбата на средствата и обврските помеѓу сметководствената евиденција и фактичката состојба утврдена со пописот. Имотот кој е во сопственост на општините не е во целост евидентиран во деловните книги.

Слабости кај постапките за ЈН утврдени се кај Општина Куманово, Студеничани и Аеродром и тоа во делот на: утврдување на проценетата вредност на набавката, условите за квалитативен избор на економските оператори и елементите на договорот (Општина Куманово), непочитување на законски утврдените рокови и не спроведени постапки за ЈН (Општина Аеродром), а Општина Студеничани има склучено рамковна спогодба и покрај донесено Решение за поништување на постапката за ЈН на работи од Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Во делот на Нагласување на прашања на неизвесност и континуитет нагласени се состојби кои се однесуваат на Општина Куманово која побарувања 170.786 илјади денари од ЈП „Водовод" Куманово по основ на отплатен репрограмиран долг, од заемот од Европската банка за обнова и развој, за финансирање на проектот МЕАП, за набавка на опрема и изведување на работи за модернизација на системот за водоснабдување и отпадна вода.

Општина Пробиштип има долг од 2.686 илјади денари, како резултат на ненавремено плаќање на доспеаните анулитети по добиена позајмица од Буџетот на РСМ.

Во насока на решавање на долгогодишниот проблем со недостиг на сопствен простор за вршење на дејноста, Општина Аеродром има преземено активности во рамките на Планот на програмите за развој на Општина Аеродром за периодот 2021-2023 година, во кој се предвидени средства од 165.000 илјади денари за изградба на административна зграда кои доколку не се реализираат со утврдената динамика би влијаеле на идните расходи на општината по овој основ.

Согласно Законот за дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, со Одлуки на Советот на Општина Куманово, извршен е пренос на вишокот на средства во износ од 43.000 илјади денари од сметката на приходи на буџет на дотации (930) на сметката на основен буџет (630). Средствата се наменети за изградба и реконструкција на мини детски и училишни игралишта и санација и реконструкција на санитарни јазли, тоалети и кровни конструкции и набавка на дигитална опрема и помошно технички помагала за кабинетска настава.

Останатите општини иако на сметката на приходи на буџет на дотации (930) на 31.12.2020 година имаат неискористени средства, не е извршен пренос на овие средства на сметката на основен буџет, поради неизмирени обврски на крајот на годината на корисниците на блок дотациите.

## 5.17. ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ И ИЗБОРНИ КАМПАЊИ

### 5.17.1. ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ - РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ

ДЗР е надлежен орган за следење на редовното финансирање на политичките партии (ПП), преку системот на финансиско известување, согласно методологијата за државна ревизија пропишана со Законот за државната ревизија. Финансирањето на работењето на ПП е предуслов за демократскиот политички систем во земјата.

Со годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2021 година беа планирани и извршени ревизии на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на осум ПП: ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, ДУИ, Движење БЕСА, ДПА, ГРОМ, ДНЕТ и Алијанса на Албанците, со кои се опфатени 79% од вкупните јавни извори на финансирање на ПП во 2020 година.

Со извршните ревизии утврдени се состојби за кои надлежните органи на ПП е потребно да преземат активности за надминување на истите, особено во делот на спроведување на попис согласно законската регулатива, воспоставување на начин на прибирање, уплата и евиденција на приходите по основ на членарина заради целосно потврдување на истите, целосна евиденција на имотот со кои располагаат ПП, финансирање на изборна кампања од сметката за редовно работење со средства од извори кои не се предвидени за финансирање на изборна кампања, необезбедена комплетна поткрепувачка документација за дел од фактурите за направените расходи, проценувањето на одделни билансните позиции содржани во главната книга не се спроведени според сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени/трансакции, како и необезбедена уредна и веродостојна документација за располагање со паричните средства во готово.

Во делот на Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет обелоденети се состојби кои се однесуваат на неизмирени обврски спрема добавувачите кои потекнуваат од минати години и за структурата на изворите на финансирање од аспект на учеството на приватните и јавните извори на финансирање.

Учеството на одделните видови приходи по години и по ПП е претставено со графиконот.

**Остварени ПРИХОДИ на политичките партии од ЧЛЕНАРИНИ, ДОНАЦИИ и од БУЏЕТОТ НА РСМ**



Со анализата на вкупните приходи по видови на извори на финансирање, констатирано е дека учеството на јавното финансирање од Буџетот на РСМ на редовното работење на ПП бележи тренд на опаѓање во 2020 година што е за 37% помалку во однос на 2019 година, кое се должи на намалување на процентот за годишно финансирање на ПП, како и намалување на вкупните изворни приходи на Буџетот на РСМ како резултат на влијанието на здравствено-економската криза предизвикана од вирусот КОВИД-19.

Поради епидемијата со КОВИД - 19, во јуни 2020 година со Уредбата со Законска сила за финансирање на политичките партии[16] процентот од 0,15% од изворните приходи на Буџетот на РСМ е намален на 0,04%, за да во декември 2020 со Законот за изменување на Законот за финансирање на политичките парии[17] процентот за финансирање на ПП за 2020 и 2021 година е утврден во висина од 0,105% од изворни приходи на Буџетот на РСМ.

Исто така со извршените ревизии во континуитет се истакнуваат системските слабости во законската регулатива и потребата од нивно надминување, за што детално се дадени информации од овој извештај во делот Системски слабости.

## 5.17.2. ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ- ИЗБОРНА КАМПАЊА

ДЗР согласно одредбите на Изборниот законик врши ревизија на вкупниот финансиски извештај за изборната кампања.

Согласно Годишната програма за работа за 2021 година, извршени се ревизии на финансиските извештаи на приходите и расходите на седум учесници во изборната кампања за Предвремени локални избори за избор на градоначалник на Општина Штип и Општина Пласница 2020 година.

Со извршните ревизии кај учесниците во изборната кампања, утврдени се состојби кои не се во согласност со одредбите од Изборниот законик, кои се однесуваат на:

- дел од законски пропишаните извештаи за приходите и расходите во изборната кампања не се доставуваат до сите надлежни институции;
- недоследна примена на роковите за доставување на извештаите за остварените приходи и извршени расходи во изборниот процес;
- финансиските извештаи за изборната кампања не се изготвуваат согласно законски пропишаните обрасци и
- во вкупниот финансиски извештај не се искажуваат приходите и расходите за платено политичко рекламирање по основ на договори за асигнација, платени од страна на Државната изборна комисија, како и дека вршењето на платниот промет со асигнација не се реализира преку трансакциската сметка на учесникот во изборната кампања.

Изборната кампања може да се финансира од средства од редовната сметка на ПП, членарина на ПП, донации на ПП, донации на физички лица во висина од 3.000 евра во денарска противвредност, правни лица во висина од 30.000 евра во денарска противвредност и кредити на ПП наменети за изборна кампања. За исполнување на законските обврски на радиодифузерите, печатените медиуми и електронски медиуми (портали) во делот на објавувањето на платено политичко рекламирање, во изборниот процес, финансиските средства се

16 „Службен весник на Република Северна Македонија" број 166/20.

17 „Службен весник на Република Северна Македонија" број 294/20.

обезбедуваат од средствата на Буџетот на РСМ, а се исплаќаат од страна на Државната изборна комисија.

Од извршената анализа на вкупните извори на финансирање на изборната кампања, констатирано е дека истата е финансирана со средства во вкупен износ од 5.813 илјади денари, а структурата на изворите на финансирање одделно по учесници е прикажана во прегледот подолу.

| ПРЕДВРЕМЕНИ ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ ПЛАСНИЦА - ШТИП - 2020 година | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| политичка партија | ДНЕТ | ТМРО | ИНТЕГРА | ИДНИНАТА ВО НАШИ РАЦЕ | ТРАЈЧО МИТОВ | ДУИ | СДСМ |
| Донации од физички и правни лица | 25 | 0 | 255 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| С-ва пренесени од редовната трансакциска с-ка на пп на трансакциската с-ка за изборна кампања | 0 | 204 | 254 | 5 | 0 | 0 | 0 |
| Објавување на платено политичко рекламирање со с-тва обезбедени од Буџетот на РСМ (ДИК) | 0 | 147 | 1 | 88 | 143 | 126 | 1.720 |
| Приходи од членарини од физички лица уплатени на с-ката за изборна кампања | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.652 |
| Приходи од донации во услуги од физички лица | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | 14 |

Од анализата на приходите по видови на извори на финансирање утврдено е дека изборната кампања е финансирана со 57% од средствата обезбедени од Буџетот на РСМ исплатени од Државната изборна комисија, додека 43% се средства обезбедени од други извори на финансирање.

Исто така, со извршените ревизии во континуитет се укажува на одредени системски слабости на Изборниот законик детално прикажани во делот на „Системски слабости" од овој извештај и за кои потребно е да се преземат дополнителни активности за нивно усогласување и надминување.

# 6

# **СИСТЕМСКИ** СЛАБОСТИ

**Ние вработените во Државниот завод за ревизија извршувајќи ги со закон и со стандардите за ВРИ утврдените надлежности, во континуитет вршиме меѓу другото и оценка на степенот на усогласеност на законските и подзаконските акти и потребата од нивно менување и дополнување. Во овој дел ги истакнуваме дел од утврдените системски слабости за кои има потреба од преземање на активности од страна на надлежните органи од извршната / законодавната власт за надминување на истите.**

| Регулатива | Предлог за измена/донесување |
|---|---|
| **Закон за јавен долг** | Прецизирање на методологија за пресметка на нивото на јавен долг од страна на надлежните институции во РСМ (НБРСМ, МФ, Државен завод за статистика) заради воедначеност на податоците, како и законско уредување на опфатот на податоците за државен долг, како составен дел од завршната сметка на Буџетот на РСМ. |
| **Закон за буџетите и Закон за судскиот буџет** | Усогласување на член 14 од Законот за судски буџет со член 19 од Законот за буџетите во делот на временската рамка за изготвување и доставување на буџетскиот циркулар и буџетските барања. |
| **Закон за сметководството на буџетите и буџетските корисници,<br>Закон за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост** | Поради важноста од располагање со податоци за имотот на ниво на држава, како и негово искажување во финансиски извештаи, потребно е МФ да ја разгледа можноста за поведување иницијатива за законско уредување на начинот на евиденција на државниот имот и негово искажување во финансиски извештаи. |
| **Закон за сметководството за непрофитните организации** | Потребно е да преземат активности за изменување и дополнување на подзаконските акти со кои се уредува начинот на водење на сметководството на непрофитните организации, со кои ќе се обезбеди доследно почитување на сметководственото начело на „модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции". |
| **Закон за за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост** | Според одредбата од член 21 став (1) од Законот за користење и расоплагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, недвижните ствари во сопственост на општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје, Советот на општината, односно Советот на општините во Градот Скопје и Советот на Градот Скопје, со одлука може времено или трајно да ги дадат на користење, со или без надоместок, на државни органи и на правни лица основани од државата.<br>Според ваквото законско решение произлегува дека оваа одредба од законот се применува само во случај кога недвижните ствари сопственост на општината се даваат на времено или трајно користење на државни органи или правни лица основани од државата, но не и на институции или правни лица основани од општината.<br>Во функција на надминување на наведената слабост, сметаме дека е потребно да се изврши измена и дополнување на законското решение за начинот на давање на времено или трајно користење на недвижните ствари во општинска сопственост, што ќе ги опфати и правните лица основани од општината. |

| Регулатива | Предлог за измена/донесување |
| --- | --- |
| **Закон за финансирање на политичките партии** | Да се донесат поконкретни насоки за регулирање на начинот на плаќање, уплата и евидентирање на членарината како извор на финансирање на политичките партии со цел еднообразност во начинот на нивното сметководствено евидентирање и потврдување на законски утврдениот лимит за секој член одделно, земајќи го во предвид финансирањето на изборната кампања за одреден процес |
| **Изборен законик** | Да се преиспитаат и допрецизираат одредбите од член 83 став 2 од Изборниот законик во делот на финансирањето на изборната кампања со средства од редовната сметка на политичката партија и од донации од политичка партија, во делот на поединечните и вкупните лимити на средства финансирани / донирани од физички и правни лица. |
| | Со измените и дополнувањата на Изборниот законик во 2018 година, изменет е член 71, со што додадена е можност на трансакциската сметка за изборна кампања да се депонираат средства од сметката на политичката партија за редовно работење и од посебните сметки за средствата обезбедени од кредит, поради што потребно е да се измени и дополни и член 26 од Законот за финансирање на политичките партии со кој ќе се уреди преносот на средствата од сметката за редовно работење на партијата и од посебните сметки за средствата обезбедени преку кредит на трансакциска сметка отворена за изборен процес. |
| | Да се уреди начинот на кој донаторите ќе докажат / потврдат дека не се „поврзани лица" предвидени во член 75, со радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите) при финансирање или давање донации на политичките партии. |
| | Законско регулирање на одредбите од член 85 од Изборниот законик, во делот на начинот на постапување за случаите кога во Вкупниот финансиски извештај се прикажани вишок на собрани средства на сметката за изборна кампања, како и кога постои недостаток на средства за финансирање и се прикажани повеќе расходи од приходи, односно постојат неплатени обврски. |
| | Доуредување на член 78-а во делот на пропишување на обврска за доставување на извештај за искористените рекламни паноа и билборди од страна на општините во РСМ и градот Скопје. |
| | Да се преземат активности за доуредување на Изборниот законик во делот на определување надлежен орган за следење и известување за изборното медиумско претставување на електронските медиуми (интернет портали). |
| | Уредување на начинот на организирање, плаќање, следење и известување до надлежните органи за интернет претставувањето кое го вршат учесниците во изборната кампања преку социјалните мрежи. |
| | Да се преиспита утврдениот краен рок за уплата на донации, пропишан со член 71 став 6, односно потребно е да се утврди донациите да се уплатуваат најдоцна до денот на завршување на изборната кампања. |

| Регулатива | Предлог за измена/донесување |
|---|---|
| **Изборен законик** | Доуредување на член 84-б, став 8 од Изборниот законик со кој ќе се даде можност Министерство за финансии со подзаконски акт да го уреди начинот на водење на деловните книги и подготвување на финансиските / финансискиот извештај за изборната кампања имајќи ги во предвид сите видови / извори на финансирање на изборната кампања особено кога не секогаш истите предизвикуваат паричен прилив на трансакциската сметка. |
| | Доуредување на Изборниот законик со што во делот на Казни и прекршочни одредби ќе бидат предвидени глоби и за електронските медиуми (електронските портали) во случај за недоставување на Извештајот за рекламниот простор искористен од секој учесник во изборната кампања и средствата кои се платени и се побаруваат по таа основа. |
| | Номотехничко уредување на Изборниот законик поради тоа што одредени членови немаат следственост и одредбите на одредени членови има погрешно повикување. |
| **Закон за внатрешни работи, Закон за исплата на платите во Република Северна Македонија и Закон за извршување на буџетот на РСМ за соодветната година** | Усогласување на законските и подзаконските акти кои го уредуваат начинот на пресметување на отпремнината која се исплаќа на вработениот при заминување во пензија. Со одредбите на член 9 од Закон за исплата на платите во РСМ и член 14 од Законот за извршување на буџетот на РСМ за соодветната година е утврдено дека на работникот кој заминува во пензија му се исплатува двократен износ за отпремнина пресметан врз основа на просечната месечна нето плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата.<br>Додека со одредбите на член 175 од Закон за внатрешни работи утврдено е дека на работникот кој стекнал право на пензија му следува еднократен надоместок во вид на отпремнина, во висина од пет просечни месечни нето плати остварени по работник во Републиката објавена до денот на исплатата. |
| **Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Закон за административни службеници, Закон за вработените во јавниот сектор** | Потребно е да се допрецизира и усогласи член 22 од Законот за ААВМУ со член 4 од Законот за административните службеници во делот на субјектите кои определени прашања од работен однос можат во целост или делумно да ги уредат со закон или со колективен договор на начин различен од оној предвиден со Законот за административни службеници. Ваквата неусогласеност има влијание на постапката за вработување, начинот на вработување и статусот на вработените во Агенцијата.<br>Потребно е да се усогласат одредбите од Законот за ААВМУ и Законот за вработените во јавниот сектор, во делот на класификацијата на работните места, евиденцијата, видовите на вработувања, општите права, должности и одговорности, мобилноста, како и други општи прашања за вработените во јавниот сектор. |

| Регулатива | Предлог за измена/донесување |
|---|---|
| **Закон за комуналните такси** | Ревизијата во континуитет известува за слабостите во законското решение кое ја регулира наплатата на комуналните такси кои се еден од сопствените извори на приходи на единиците на локалната самоуправа, а поради недоречености во истото не постојат можности за реална наплата на истите по одредени видови и тарифи и тоа:<br>▸ Комуналната такса за користење на улиците и патиштата со моторни возила, пропишано е да ја наплаќаат правни лица овластени за вршење на регистрација на возилата и да ја уплатуваат на соодветната уплатна сметка во рамки на трезорската сметка на општината. Во постојното законско решение не е пропишано во кои рокови правните лица треба да ја уплатат наплатената такса на сметка на општината, да имаат обврска да ја известуваат општината за бројот на регистрирани возила во зависност од кубикажата и за месечниот износ на прибраните средства поединечно и кумулативно.<br>▸ Комуналната такса за користење и одржување јавно осветлување, за која не е пропишана обврска на трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија кое врши наплата на таксата од имателите на броила, да ги известува општините, општините во Град Скопје и градот Скопје за бројот на обврзници по категории (број на броила) согласно тарифниот број, како и за наплатените приходи и ненаплатените побарувања по овој основ. |
| **Закон за даноците на имот** | Ревизијата ја истакнува неизвесноста во делот на примената на членот 39 од Законот за даноците на имот од неговото донесување од 2004 година, во делот на обврската за усогласување на регистарот на  недвижен имот кој го водат општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје со регистарот кој го води Агенцијата за катастар на недвижности на РСМ, а најдоцна до 31 декември во годината податоците од состојбата на регистрите треба да ги доставуваат до Централниот регистар на Република Северна Македонија и до Управата за јавни приходи. За имплементација на ова законско решение потребни се одредени допрецизирања во Законот како и софтверско поврзување на надлежните органи. |
| | Во законот не е јасно дефиниран начинот на кој УЈП ќе ги спроведе активностите поврзани со преземените надлежности од општините, ниту е предвидено доуредување на Законот преку донесување на подзаконски акт за истото. |

| Регулатива | Предлог за измена/донесување |
| --- | --- |
| **Закон за пожарникарството** | Согласно член 49 за финансирање на активностите на Територијалните против пожарни единици, Град Скопје и општините имаат можности за остварување на дополнителни приходи од наплатени парични казни за сторени прекршоци од областа на заштитата од пожари и експлозии, доброволни прилози и други средства од осигурителни друштва, фондации, правни и физички лица наменети за унапредување на заштитата и приходи од сопствени извори за извршени услуги. Град Скопје и општините во РСМ не остваруваат приходи по овие основи освен приходот од осигурителните друштва во износ од 2% од наплатените премии за осигурување на моторните возила и осигурување од одговорност од употреба на моторните возила за кои немаат сознание за висината на средствата кои треба да се уплатат ниту пак има законска обврска да можат да се уверат во целосноста и точноста на уплатените средства. Согласно Законот за вработените во јавниот сектор, вработените во јавниот сектор се категоризираат во четири основни групи, според кои професионалните пожарникари вработени во територијалните противпожарни единици имаат статус на овластени службени лица во областа на безбедноста, припаѓаат на група II – работни места на службени лица со посебни овластувања, односно лица кои засновале работен однос во институциите во јавниот сектор од областа на безбедноста, одбраната и разузнавањето заради вршење на посебни овластувања, подгрупа 10 – други овластени службени лица во областа на безбедноста, одбраната и разузнавањето. Во рамките на секоја подгрупа, со посебен закон или колективен договор се утврдуваат повеќе категории на работни места. Со Законот за пожарникарство се утврдени три категории на работни места и тоа: категорија А – Високо раководни пожарникари спасители, категорија Б – Раководни пожарникари спасители и категорија В – Професионални пожарникари спасители. Во категоријата А се утврдени 5 нивоа на раководни работни места, а во категоријата Б и В по 4 нивоа на работни места. Согласно истоимениот закон поради видот и природата на работите што ги извршуваат, износот на платата на професионалните пожарникари во противпожарните единици согласно членот 5 на Законот е поголема за 20% од платата на другите вработени со соодветна стручна подготовка во работни места во општинската администрација, чии права и обврски во однос на платата се регулирани со Законот за административни службеници. Остварувањето на правото на вработените во ТППЕ на плата поголема за 20% од платата на другите вработени со соодветна стручна подготовка за работни места во општинската администрација е законска одредба која е недоволно прецизна, имајќи во предвид дека структурата на вработените кај општините е многу различна и зависи од повеќе фактори. Потребно е јасно и концизно законско решение за утврдување на платата на професионалните пожарникари за надминување на утврдените состојби. |

| Регулатива | Предлог за измена/донесување |
|---|---|
| **Закон за минерални суровини** | Согласно член 76 од Законот за минерални суровини, концесионерот кој врши детални геолошки истражувања на минерални суровини плаќа еднократен надоместок за користење на просторот, а во зависност од видот на минералната суровина определен во концесијата, односно дозволата за вршење на детални геолошки истражувања.<br>Концесионерот кој што врши експлоатација на минерални суровини е должен да плаќа: годишен надоместок за користење на просторот и надоместок за експлоатирана количина на минерална суровина, предмет на концесијата.<br>Средствата се уплатуваат на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка и се 22% приход на Буџетот на РСМ и 78% приход на буџетот на општината на чие подрачје се врши концесиската дејност.<br>И покрај тоа што, општината располага со податоци за склучените договори за концесии за детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини и има увид на уплатените средства на сметката на буџетот на општината, нема законска можност да ја потврди целосноста на приходите кои се уплатени на нивната сметка по овој основ. |
| **Закон за градот Скопје** | Финансирањето на активностите од областа на спорт и рекреација е предвидено во листата на надлежности на општините, согласно член 22 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа, меѓутоа не и во надлежности на општините во градот Скопје, дефинирани во член 15 од Законот за град Скопје, според кој во работи од јавен интерес не е вклучен спортот, како надлежност на општините во градот Скопје, односно согласно член 10 став 1 од истиот закон, оваа надлежност е дадена на градот Скопје. Од друга страна, во член 22 - а од Законот за спортот, се утврдени надлежностите на општините, општините во град Скопје и град Скопје, во областа на спортот, меѓу кои се: развој на масовниот спорт и рекреативни активности на граѓаните, организирање на спортски приредби и манифестации, одржување и изградба на објекти за спорт, поддршка и унапредување на спортот, спортски клубови и професионални спортски клубови и поддржување на општинските сојузи и Сојузот на спортови на градот Скопје, а за нивно остварување, советите на општините и Советот на градот Скопје или комисијата на општината, општината во градот Скопје и градот Скопје надлежна за спортот, донесуваат програми на предлог на општинските спортски сојузи и Сојузот на спортови на градот Скопје. Ревизијата е на мислење дека е потребно усогласување на законските прописи од аспект на попрецизно и појасно дефинирање и разграничување на надлежностите во областа на спортот, за општините во градот Скопје, начинот и условите на донесување на посебна програма во рамките на општината, донесен од советот и финансирање на ваквите активности од средствата одобрени со буџетот на општината. |

| Регулатива | Предлог за измена/донесување |
|---|---|
| **Законот за водостопанство, Закон за водите, Закон за енергетика, Закон за јавните претпријатија** | Во член 213 од Законот за водите предвидена е обврска за плаќање на надоместок за користење на вода (за наводнување, производство на електрична енергија) која треба да се пресметува како процент од утврдени цени (основица), кои не се јасно дефинирани и истиот во определен рок треба да го уплаќа на посебна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка.<br>При тоа:<br>- ЈП има обврска да пресметува и наплаќа **надоместок за користење на вода за наводнување** во износ од 2% од утврдена цена за $m^3$ вода на давателот на услугата. Во член 31 од Закон за водостопанство уредено е дека надоместокот за наводнување претставува целина од два дела (годишен надоместок и надоместок од испорачана количина вода), при што се појавува дилема во однос на основицата која треба да биде употребена при пресметка на надоместокот за користење на вода. Во услови кога законските одредби не се прецизни ЈП во своето работење при пресметка на надоместокот го зема во предвид само надоместокот за испорачана количина на вода, без годишниот надоместок. Висината на **надоместокот за користење на водата при производство на електрична енергија** во законот за водите е определена да биде во износ од 1% од производствената цена на еден киловат час струја на прагот на електраната кај хидроелектричните централи, но истиот не дава прецизна дефиниција за начинот на кој ќе се утврдува производствената цена.<br>Постојната законска одредба за пресметување на надоместокот како процент од производната цена на електричната енергија, без истата да се дефинира, придонела обврзниците да применуваат производни цени пресметани на свој начин или да применуваат продажни цени. |
| **Закон за водите, Закон за концесии и јавно приватно партнерство, Закон за енергетика** | Постои потреба од **предвидување/донесување законска обврска за**:<br>- воспоставување, одржување и континуирано ажурирање на единствен регистар на доделени концесии за користење на вода;<br>- воспоставување, одржување и континуирано ажурирање на склучени договори за долготраен закуп по пат на непосредна спогодба;<br>- навремено и редовно доставување на податоци до Министерство за економија од страна на јавните партнери во ЈПП заради упис во Регистарот на доделени договори за воспоставување ЈПП, како и прекршочни одредби за непочитување на истите. |

| Регулатива | Предлог за измена/донесување |
|---|---|
| **Закон за водите,<br>Закон за животната средина,<br>Закон за концесии и јавно приватно партнерство,<br>Закон за енергетика и<br>Закон за организација и работа на органите на државната управа** | Постои колизија и преклопување на надлежностите на МЖСПП во повеќе законски решенија. Имено, МЖСПП има надлежност за издавање дозволи за водно право и одобрување елаборати во функција на заштита на животната средина кои истовремено се и услов за доделување на договори за концесии за изградба на хидроцентрали што исто така е во надлежност на МЖСПП.<br>Ревизијата препорачува преземање на активности за преиспитување на законските решенија, односно МЖСПП да има надлежност во делот на заштита на животната средина а постапката за доделување на концесии за користење на вода за производство на електрична енергија да ја спроведува Министерство за економија како надлежно министерство од областа на енергетиката согласно основните надлежности на овие министерства утврдени со Законот за организација и работа на органите на државната управа. |
| **Закон за здравственото осигурување и<br>Закон за евиденции во областа на здравството** | Потребно е да се преиспита **оправданоста и издржаноста на воведувањето на членот 28-а од Законот за здравствено осигурување во април 2021 година**, со кој се предвидува воспоставување посебен систем за препишување рецепти и издавање на лекови кои паѓаат на товар на Фондот преку ИТ системот на Фондот, во услови кога согласно Законот за евиденции во областа на здравството е воспоставен и функционира систем за препишување и издавање на сите лекови преку Управата за електронско здравство - Мој термин. Ова ќе доведе до функционирање на два паралелни ИТ системи за препишување и издавање на лекови и ќе предизвика ангажирање дополнителни ресурси од страна на лекарите и аптеките. |
| **Закон за јавните набавки** | Потребни се измени во Законот за јавни набавки во однос на **ограничување на продажната маржа и обезбедување услуги за сервисирање и резервни делови** по цени кои соодветствуваат со пазарните, во постапките за сервисирање на опрема за која економските оператори имаат монополска позиција / ексклузивно право. Имено, поради монополската позиција / ексклузивното право на голем дел од економските оператори за сервисирање и одржување на медицински апарати во јавното здравство, јавните здравствени установи најчесто се ставени во позиција да ги прифатат условите наметнати од овластените застапници на производителите, за што се одлеваат значајни буџетски средства. |
| **Закон за културата** | Постои потребата од усогласување на одредбите од членови 60 до 70-а од Законот за културата со член 37-г од Законот за буџетите во делот на изготвување и доставување на финансиски план за користење на одобрените средства на Националните установи од страна на Министерството за култура. |
| | Министерството за култура да ја испита оправданоста на одредбата од член 76-б и 76-д од Законот за културата и да предложи измена на законот со која ќе се елиминира можноста од злоупотреба при вработување во рамките на категоријата А со кој дозволено е вработување на лица со различен степен на образование од најмалку завршено средно училиште до завршен VII/1 степен на образование, кое законско решение не придонесува кон подигање на квалитетот и создавањето на високо образован професионален кадар во рамките на Националните установи. |

| Регулатива | Предлог за измена/донесување |
|---|---|
| **Закон за судска служба** | Согласно член 78 од новиот Закон за судска служба пропишано е дека платите на вработените кои вршат технички и помошни работи во судовите се во рамките на платите утврдени за административно - техничките судски службеници во зависност од степенот на образованието, работното место на кое се распоредени согласно актот за систематизација и работното искуство, без притоа да се уреди начинот на утврдување на платите на оваа категорија вработени лица. |
| **Закон за вонпарнична постапка и Судски деловник** | Во член 307 од Законот за вонпарнична постапка предвидено е, ако лицето во чија корист е предаден предметот во депозит или депонентот, во рок од десет години од предавањето на предметот во судскиот депозит не го подигне депонираниот предмет, судот со решение ќе утврди дека депонираниот предмет станал сопственост на Република Северна Македонија, а во член 359 од Судскиот деловник предвидено е дека ако корисникот на депозитот или депонентот на покана на судот најмалку еднаш годишно не го преземе депозитот, судот по истекот на рокот за застареност од десет години за издавањето, со решение утврдува дека правото на издавање на депозитот е застарено и дека предметот на депозитот станал приход на единката корисник на судската власт. |
| **Уставот на Република Северна Македонија и Закон за Владата на Република Македонија** | Отсуството на прецизно нормативно уредување на поимот пандемија, условите по основ на кои може да се прогласи вонредна состојба и нејзино продолжување во услови на пандемија, надлежностите и одговорности на секоја од поодделните видови на власт во услови на истата и постапката на носење, опфатот и временското важење на Уредбите со законска сила. |
| **Отсуство на Закон за регулирање на вонредната состојба** | Во услови на отсуство на посебен закон кој би ја регулирал вонредната состојба во државата и правно уредување на поимот пандемија и нејзино поврзување со прогласување на вонредна состојба, прашањата по однос на правните дејствија, носителите, надлежностите и актите кои можат да бидат донесени се недоречени. Наведената состојба создава ризик врз ефикасно справување со предизвиците од пандемија во време на вонредна состојба.<br>На национално ниво не постои долгорочен стратешки документ со утврдени цели, мерки и активности на надлежните институции за постапување и справување со последиците од здравствената и економската криза предизвикана од пандемијата. |
| **Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност** | Доуредување на одредбите од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност за подготовката, носителот/надлежна институција и периодот на донесување на оперативниот план како годишен оперативен документ за активните програми и мерки за вработување.<br>Со законската регулатива не го уредува и начинот на распоредување на финансиските средства што резултира Агенцијата да биде вклучена само во реализацијата на мерките и услугите, а планирањето и распоредувањето на финансиските средства го врши МТСП. |

| Регулатива | Предлог за измена/донесување |
|---|---|
| **Законот за високото образование** | Не преземени активности предвидени со член 43 став 2 од Законот за високото образование од страна на Националниот совет во врска со донесување на Уредба за мерила и критериуми за финансирање на високото образование, што придонесува за различен начин на постапување и функционирање од страна на високо образовните установи, преку акти и одлуки кои тековно ги донесуваат. |

7

# **ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ НА ДЗР** И ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

RSM

**РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје**

Даме Груев 8, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија

T+389 (0)2 3233 301

**E** contact@rsm.mk

www.rsm.mk

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

**До Собранието на Република Северна Македонија**

## Извештај за финансиските извештаи

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Државниот завод за ревизија - Сметка на основен буџет на Република Северна Македонија 020021504063119, а коишто го вклучуваат билансот на приходите и расходите за годината којашто завршува на 31 декември 2021, како и билансот на состојба заклучно со таа дата, и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

### *Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за примена на Меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор на готовинска основа, и интерната контрола којашто е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиски извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

### *Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со стандардите за ревизија кои што се во примена во Република Северна Македонија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

**THE POWER OF BEING UNDERSTOOD**

AUDIT | TAX | CONSULTING

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје е член на РСМ мрежата и тргува како РСМ. РСМ е трговското име кое се користи од страна на членките на РСМ мрежата. Секој член на мрежата РСМ е независно друштво кое работи согласно своите доделени права и обврски. Мрежата РСМ самата не е посебно правно лице во ниедна јурисдикција.

RSM

**РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје**

Даме Груев 8, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија

T+389 (0)2 3233 301
E contact@rsm.mk
www.rsm.mk

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на ентитетот за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на ентитетот. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

### *Мислење*

Според нашето мислење, финансиските извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти, финансиската состојба на Државниот завод за ревизија – Сметка на основен буџет на Република Северна Македонија 020021504063119 заклучно со 31 декември 2021 година, како и неговите приходи и расходи за годината којашто завршува тогаш во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за примена на Меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор на готовинска основа.



РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје е член на РСМ мрежата и тргува како РСМ. РСМ е трговското име кое се користи од страна на членките на РСМ мрежата. Секој член на мрежата РСМ е независно друштво кое работи согласно своите доделени права и обврски. Мрежата РСМ самата не е посебно правно лице во ниедна јурисдикција.

**РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје**
Даме Груев 8, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија
T+389 (0)2 3233 301
E contact@rsm.mk
www.rsm.mk

## Извештај за други правни и регулативни барања

Во согласност со Законот за државна ревизија, Државниот завод за ревизија има обврска да изготвува годишен извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија.

Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да изразиме мислење во врска со конзистентноста на годишниот извештај за работа со годишната сметка и финансиските извештаи за истата година.

### *Мислење*

Според наше мислење, податоците во годишниот извештај се конзистентни со оние во годишната сметка и финансиските извештаи на Државниот завод за ревизија за 2021 година.

*Скопје, 03.06.2022*

Овластен ревизор
Стојан Јорданов

Друштво за ревизија
РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје

Друштво за ревизија РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје



РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје е член на РСМ мрежата и тргува како РСМ. РСМ е трговското име кое се користи од страна на членките на РСМ мрежата. Секој член на мрежата РСМ е независно друштво кое работи согласно своите доделени права и обврски. Мрежата РСМ самата не е посебно правно лице во ниедна јурисдикција.

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА

| Опис на позицијата | Образложение | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|
| | | | *во денари* |
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | **4.1.** | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 2.494.120 | 2.516.120 |
| Побарувања од купувачите во земјата | 4.1.2. | 9.341.850 | 9.341.850 |
| Побарувања од вработените | 4.1.3. | - | - |
| Активни временски разграничувања | 4.1.4. | - | - |
| **Вкупно тековни средства** | | **11.835.970** | **11.857.970** |
| **Постојани средства** | **4.2.** | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | | - |
| Материјални средства | 4.2.2. | | - |
| **Вкупно постојани средства** | | **-** | **-** |
| **Вкупна актива** | | **11.835.970** | **11.857.970** |
| **Вонбилансна евиденција - актива** | | **-** | **-** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | **4.3.** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | - | - |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.2. | 11.835.970 | 11.857.970 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **11.835.970** | **11.857.970** |
| **Извори на средства** | **4.4.** | | |
| Извори на капитални средства | | - | - |
| Ревалоризациона резерва | | - | - |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **-** | **-** |
| **Вкупна пасива** | | **11.835.970** | **11.857.970** |
| **Вонбилансна евиденција - пасива** | | | **-** |

Скопје, 21.02.2022

Раководител на одделение за
буџетска контрола и плаќања
Данче Ангеловска

Главен државен ревизор
Максим Ацевски

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

*во денари*

| Опис на позицијата | Образложение | Буџет 2021 | Реализирано 2021 | Реализирано 2020 |
|---|---|---|---|---|
| **Приходи** | **3.1.** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1.1. | | | 2.159.127 |
| Трансфери и донации | 3.1.2. | 2.970.000 | 2.516.120 | 550.363 |
| **Вкупно приходи** | | **2.970.000** | **2.516.120** | **2.709.490** |
| **Расходи** | **3.2.** | | | |
| **Тековни расходи** | | | | |
| Субвенции и трансфери | 3.2.1. | | - | - |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 1.620.000 | 22.000 | 193.370 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **1.620.000** | **22.000** | **193.370** |
| **Капитални расходи** | | | | |
| Капитални расходи | 3.2.3. | 1.350.000 | - | - |
| **Вкупно капитални расходи** | | **1.350.000** | **-** | **-** |
| **Вкупно расходи** | | **2.970.000** | **22.000** | **193.370** |
| **Остварен вишок на приходи** | | | **2.494.120** | **2.516.120** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи** | | | | |
| **Нето вишок на приходи** | | **-** | **2.494.120** | **2.516.120** |
| **Распоредување на вишокот на приходи** | | | | |
| Дел од нето вишокот на приходи за пренос во наредна година | | - | 2.494.120 | 2.516.120 |
| Обврски за данок на добивка | | | | |
| **Вкупно распоред на вишок на приходи** | | **-** | **2.494.120** | **2.516.120** |

Скопје, 21.02.2022

Раководител на одделение за буџетска контрола и плаќања
Данче Ангеловска

Главен државен ревизор
Максим Ацевски

RSM

**РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје**

Даме Груев 8, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија

T+389 (0)2 3233 301

**E** contact@rsm.mk

www.rsm.mk

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

**До Собранието на Република Северна Македонија**

## Извештај за финансиските извештаи

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Државниот завод за ревизија - Сметка на основен буџет на Република Северна Македонија 020021504063710, а коишто го вклучуваат билансот на приходите и расходите за годината којашто завршува на 31 декември 2021, како и билансот на состојба заклучно со таа дата, и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

### *Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за примена на Меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор на готовинска основа, и интерната контрола којашто е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиски извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

### *Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со стандардите за ревизија кои што се во примена во Република Северна Македонија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.



РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје е член на РСМ мрежата и тргува како РСМ. РСМ е трговското име кое се користи од страна на членките на РСМ мрежата. Секој член на мрежата РСМ е независно друштво кое работи согласно своите доделени права и обврски. Мрежата РСМ самата не е посебно правно лице во ниедна јурисдикција.

**РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје**

Даме Груев 8, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија
T+389 (0)2 3233 301
E contact@rsm.mk
www.rsm.mk

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на ентитетот за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на ентитетот. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

### *Мислење*

Според нашето мислење, финансиските извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти, финансиската состојба на Државниот завод за ревизија - Сметка на основен буџет на Република Северна Македонија 020021504063710 заклучно со 31 декември 2021 година, како и неговите приходи и расходи за годината којашто завршува тогаш во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за примена на Меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор на готовинска основа.



РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје е член на РСМ мрежата и тргува како РСМ. РСМ е трговското име кое се користи од страна на членките на РСМ мрежата. Секој член на мрежата РСМ е независно друштво кое работи согласно своите доделени права и обврски. Мрежата РСМ самата не е посебно правно лице во ниедна јурисдикција.

RSM

**РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје**

Даме Груев 8, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија

T+389 (0)2 3233 301

E contact@rsm.mk

www.rsm.mk

## Извештај за други правни и регулативни барања

Во согласност со Законот за државна ревизија, Државниот завод за ревизија има обврска да изготвува годишен извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија.

Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да изразиме мислење во врска со конзистентноста на годишниот извештај за работа со годишната сметка и финансиските извештаи за истата година.

### *Мислење*

Според наше мислење, податоците во годишниот извештај се конзистентни со оние во годишната сметка и финансиските извештаи на Државниот завод за ревизија за 2021 година.

*Скопје, 03.06.2022*

| Овластен ревизор | Друштво за ревизија |
|---|---|
| Стојан Јорданов | РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје |

RSM
Друштво за ревизија РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје

**THE POWER OF BEING UNDERSTOOD**

AUDIT | TAX | CONSULTING

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје е член на РСМ мрежата и тргува како РСМ. РСМ е трговското име кое се користи од страна на членките на РСМ мрежата. Секој член на мрежата РСМ е независно друштво кое работи согласно своите доделени права и обврски. Мрежата РСМ самата не е посебно правно лице во ниедна јурисдикција.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

во денари

| Опис на позицијата | Образложение | Буџет 2021 | Реализирано 2021 | Реализирано 2020 |
|---|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | | |
| Трансфери и донации | **3.1.** | 112.623.000 | 111.147.301 | 93.954.316 |
| **Вкупно приходи** | | **112.623.000** | **111.147.301** | **93.954.316** |
| **Расходи** | | | | |
| **Тековни расходи** | **3.2.** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 94.898.000 | 93.793.726 | 78.848.799 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 13.715.000 | 13.368.469 | 12.822.949 |
| Разни трансфери | 3.2.3. | 300.000 | 291.580 | 191.194 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **108.913.000** | **107.453.775** | **91.862.942** |
| **Капитални расходи** | **3.3.** | | | |
| Капитални расходи | | 3.710.000 | 3.693.526 | 2.091.374 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **3.710.000** | **3.693.526** | **2.091.374** |
| **Вкупно расходи** | | **112.623.000** | **111.147.301** | **93.954.316** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | - | - | - |

Скопје, 21.02.2022

Раководител на одделение за буџетска контрола и плаќања
Данче Ангеловска

Главен државен ревизор
Максим Ацевски

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА

во денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | **4.1.** | | |
| Побарувања од купувачи | 4.1.1. | 218.497 | 218.497 |
| Побарувања од вработените | 4.1.2. | 74.137 | 115.066 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 9.472.618 | 7.512.232 |
| Залихи | 4.1.4. | 1.625.110 | 1.730.460 |
| **Вкупно тековни средства** | | **11.390.362** | **9.576.255** |
| **Постојани средства** | **4.2.** | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 8.549.427 | 5.363.237 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 367.019.426 | 9.647.697 |
| **Вкупно постојани средства** | | **375.568.853** | **15.010.934** |
| **Вкупна актива** | | **386.959.215** | **24.587.189** |
| **Вонбилансна актива** | | - | - |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | **4.3.** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 1.163.527 | 734.647 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.2. | 8.309.091 | 6.777.584 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.3. | 292.634 | 333.564 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **9.765.252** | **7.845.795** |
| **Извори на средства** | **4.4.** | | |
| Извори на капитални средства | | 374.223.689 | 16.485.605 |
| Ревалоризациона резерва | | 2.970.274 | 255.789 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **377.193.963** | **16.741.394** |
| **Вкупна пасива** | | **386.959.215** | **24.587.189** |
| **Вонбилансна пасива** | | - | - |

Скопје, 21.02.2022

Раководител на одделение за буџетска контрола и плаќања
Данче Ангеловска

Главен државен ревизор
Максим Ацевски

Република Северна Македонија ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА Скопје

## ПРЕГЛЕД НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА

| | | | во денари |
|---|---|---|---|
| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
| **Состојба 01.01.2021 година** | **15.010.933** | **1.730.461** | **16.741.394** |
| **Зголемување по основ на:** | **367.987.513** | **1.099.757** | **369.087.270** |
| Зголемување на вредноста (капитализација) | 365.184.518 | 1.099.757 | 366.284.275 |
| По попис 2021 | | | - |
| Ревалоризација | 2.802.995 | | 2.802.995 |
| **Намалување по основ на:** | **7.429.593** | **1.205.108** | **8.634.701** |
| Амортизација | 6.751.019 | | 6.751.019 |
| Издатници | | 1.091.072 | 1.091.072 |
| По попис 2021 | 590.065 | 114.036 | 704.101 |
| Ревалоризација | 88.509 | | 88.509 |
| **Состојба 31.12.2021 година** | **375.568.853** | **1.625.110** | **377.193.963** |

RSM

**РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје**
Даме Груев 8, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија
Т+389 (0)2 3233 301
E contact@rsm.mk
www.rsm.mk

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

**До Собранието на Република Северна Македонија**

## Извештај за финансиските извештаи

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Државниот завод за ревизија - Сметка на буџет на донации Проект од Меѓународна организација ИНТОСАИ, а коишто го вклучуваат билансот на приходите и расходите за годината којашто завршува на 31 декември 2021, како и билансот на состојба заклучно со таа дата, и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

### *Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за примена на Меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор на готовинска основа, и интерната контрола којашто е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиски извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

### *Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со стандардите за ревизија кои што се во примена во Република Северна Македонија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама



РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје е член на РСМ мрежата и тргува како РСМ. РСМ е трговското име кое се користи од страна на членките на РСМ мрежата. Секој член на мрежата РСМ е независно друштво кое работи согласно своите доделени права и обврски. Мрежата РСМ самата не е посебно правно лице во ниедна јурисдикција.

RSM

**РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје**

Даме Груев 8, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија

T+389 (0)2 3233 301
**E** contact@rsm.mk
www.rsm.mk

или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на ентитетот за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на ентитетот. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

*Мислење*

Според нашето мислење, финансиските извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти, финансиската состојба на Државниот завод за ревизија - Сметка на буџет на донации Проект од Меѓународна организација ИНТОСАИ заклучно со 31 декември 2021 година, како и неговите приходи и расходи за годината којашто завршува тогаш во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за примена на Меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор на готовинска основа.



РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје е член на РСМ мрежата и тргува како РСМ. РСМ е трговското име кое се користи од страна на членките на РСМ мрежата. Секој член на мрежата РСМ е независно друштво кое работи согласно своите доделени права и обврски. Мрежата РСМ самата не е посебно правно лице во ниедна јурисдикција.

**РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје**
Даме Груев 8, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија
T+389 (0)2 3233 301
E contact@rsm.mk
www.rsm.mk

## Извештај за други правни и регулативни барања

Во согласност со Законот за државна ревизија, Државниот завод за ревизија има обврска да изготвува годишен извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија.

Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да изразиме мислење во врска со конзистентноста на годишниот извештај за работа со годишната сметка и финансиските извештаи за истата година.

### *Мислење*

Според наше мислење, податоците во годишниот извештај се конзистентни со оние во годишната сметка и финансиските извештаи на Државниот завод за ревизија за 2021 година.

*Скопје, 03.06.2022*

Овластен ревизор
Стојан Јорданов

Друштво за ревизија
РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје

Друштво за ревизија РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје



РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје е член на РСМ мрежата и тргува како РСМ. РСМ е трговското име кое се користи од страна на членките на РСМ мрежата. Секој член на мрежата РСМ е независно друштво кое работи согласно своите доделени права и обврски. Мрежата РСМ самата не е посебно правно лице во ниедна јурисдикција.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

во денари

| Опис на позицијата | Образложе ние | Буџет 2021 | Реализирано 2021 | Реализирано 2020 |
|---|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 702.000 | 701.556 | 613.861 |
| **Вкупно приходи** | | **702.000** | **701.556** | **613.861** |
| **Расходи** | | | | |
| **Тековни расходи** | 3.2. | | | |
| **Вкупно тековни расходи** | | - | - | - |
| **Капитални расходи** | 3.3. | 702.000 | 701.556 | |
| **Вкупно капитални расходи** | | **702.000** | **701.556** | - |
| **Вкупно расходи** | | **702.000** | **701.556** | - |
| **Нереализирани средства од буџетот** | | - | - | **613.861** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | | | | |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | - | - | **613.861** |

Скопје, 21.12.2021

Раководител на одделение за
буџетска контрола и плаќање
Данче Ангеловска

Главен државен ревизор
Максим Ацевски

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА

во денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | **4.1.** | | |
| Жиро сметка | 4.1.1. | - | 613.861 |
| **Вкупно тековни средства** | | **-** | **613.861** |
| **Вкупна актива** | | **-** | **613.861** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | **4.2.** | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | - | 613.861 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **-** | **613.861** |
| **Вкупна пасива** | | **-** | **613.861** |

Скопје, 21.12.2021

Раководител на одделение за буџетска контрола и плаќање
Данче Ангеловска

Главен државен ревизор
Максим Ацевски

# Кратенки

| | |
|---|---|
| РСМ | Република Северна Македонија |
| ДЗР | Државен завод за ревизија |
| ВРИ | Врховна ревизорска институција |
| ГДР | главен државен ревизор |
| ЗГДР | заменик главен државен ревизор |
| ЕУ | Европска Унија |
| ИНТОСАИ | Меѓународна организација на врховни ревизорски институции |
| ИССАИ | Меѓународни стандарди на врховните ревизорски институции |
| ЕУРОСАИ | Европска организација на врховни ревизорски институции |
| АМС | Audit management system |
| WBIF | Инструментот Инвестициска рамка за земјите од Западен Балкан |
| ИТ | Информатичка технологија |
| ЕЛС | Единици на локална самоуправа |
| ФЗОРСМ | Фонд за здравствено осигурување на РСМ |
| ЈЗУ | Јавни здравствени установи |
| ФПИОСМ | Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на РСМ |
| АВРСМ | Агенција за вработување на РСМ |
| УЈП | Управа за јавни приходи на РСМ |
| ДДВ | Данок на додадена вредност |
| БДП | Бруто домашен производ |
| ЈП | Јавно претпријатие |
| АД | Акционерско друштво |
| МОН | Министерство за образование и наука |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| МЗ | Министерство за здравство |
| МЕ – | Министерство за економија |
| ХЕ – | хидроелектрани |
| МХЕ – | мали хидроелектрани |
| ЈПП – | Јавно приватно партнерство |
| СЕП | Секретаријат за европски прашања |
| ИПА | Инструментот за претпристапна помош |
| SIGMA- | Support for Improvement in Governance and Management |
| ОЕЦД | The Organisation for Economic Co-operation and Development |
| ИДИ | INTOSAI Development Initiative |
| WGEA | Работна група за животна средина на EUROSAI |
| ITWG | Работната група на EUROSAI за ИТ |

| | |
|---|---|
| TFA&E | Оперативна група на EUROSAI за ревизија и етика |
| TFMA | Оперативна група на EUROSAI за ревизија на општините |
| WGPD | Работна група на INTOSAI за јавен долг |
| WFD | Вестминстер фондацијата за демократија |
| КПУ | Континуирано професионално усовршување |
| МФ | Министерство за финансии |
| НПАА | Националната програма за усвојување на правото на Европската унија |
| АНБ | Агенција за национална безбедност |
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| МРТ | Јавно радиодифузно претпријатие Македонска Радиотелевизија Скопје |
| МЖСПП | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| МЗШВ | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| ДКСК | Државна комисија за спречување на корупција |
| ХЕЦ | хидроелектрична централа |
| ПИО | пензиско и инвалидско осигурување |
| ЈН | јавни набавки |
| ЗЈН | Закон за јавни набавки |
| CAAT's | компјутерски потпомогнати ревизорски техники |
| НУ | Национална установа |
| ПП | политички партии |
| ГТЦ | Градски трговски центар АД Скопје |
| ПЗУ | приватни здравствени установи |
| МАЛМЕД | Агенција за лекови и медицински средства |
| АД ЕСМ | АД за производство на електрична енергија ЕСМ |
| РЕК | Рударско енергетски комбинат |
| МИОА | Министерство за информатичко општество и администрација |
| СВР | Сектор за внатрешни работи |
| КПД | Казнено поправен дом |
| ВПД | Воспитно поправен дом |
| ВМРО-ДПМНЕ | Внатрешна македонска револуционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство |
| СДСМ | Социјалдемократски Сојуз на Македонија |
| ДУИ | Демократска унија за интеграција |
| ДПА | Демократска партија на Албанците |
| ГРОМ | Граѓанска опција за Македонија |
| ДНЕТ | Движење за национално единство на Турците |
| АА | Алијанса на Албанците |

ДЗР